ВОВЕД

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Потребата за донесување на нов Закон за шумите произлегува од заложбите на Владата на Република Северна Македонија за реализација на процесот на реорганизација на органите на државната управа како и на другите државни органи, како и заради усогласување со прописите на Европската унија.Имено Законот за за шумите е донесен во 2009 година и е објавен во Службен весник на Република  Македонија бр.64/09.

Во досегашниот период направени се поголем број на изменувања и дополнувања на овој закон кои се објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.274/22. Поради економската, општокорисна важност на шумите кои се тешко обновливи природни ресурси и претставуваат  важна материална основа и потенцијал за стабилен развој на општеството односно севкупниот развој на државата се јави потребата за донесување на нов текст на законот за шумите.

Со новиот Закон за шумите се обезбедува согласно основните поставки за стабилен развој на општеството се обезбедува суштинско и реално уважување на природното богатство од општ интерес- шумите, врз кои природно, интерес покажуваат државата, сопствениците на приватни шуми и граѓаните на РСМ.

Новиот текст на законот го уважува општиот- јавен, национален интерес врз шумите со мерки кои и понатаму општо прифатени начела за управување со шумите “ одрживо стопанисување и одржлив развој на шумите “ овозможуваат прифатлив начин на стопанисување за сопствениците на шумите (државни и приватни) со ограничување на нивните права на користење како би се обезбедило трајно постоење на шумите.

Битна причина за донесување на нов закон е секако незадоволителната состојба со шумскиот фонд и неодложна потреба за создавање на законски предпоставки за неговата суштинска заштита и унапредување, како и реорганизација на шумарството во Република Северна Македонија донесување на ново законско решение за формирање на агенција за шуми  и преструктуирање на јавното претпријатие “ Национални шуми “ со одлука за преобразба на јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми„ Национални шуми“-п.о- Скопје во акционерско

друштво во државна сопственост

Новиот текст на законот ги обединува искуствата кои произлегоа од досегашното спроведување на законот и ги вградува досегашните изменувања и дополнувања на Законот за шумите.

Во новиот текст на законот направени се поголем број на измени и дополнувања. Со донесувањето на Законот за шумите се предвидува и донесување на подзаконски акти во однос на уредување на сите прашања од областа на одржливо управување,заштита,користење и одржување на шумите и шумското земјиште.

Со донесување на новиот закон и усвојување на регулативата се очекуваат позитивните движења и подобрување на правната рамка преку појасни и попрецизни одредби поврзани со одржливо управување со шумите во Република Северна Македонија. Во досегашната пракса на

функционирање на законот беа костантирани одредени недоречености и со овој закон се врши допрецизирање на некои одредби на законот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Целите на новиот Закон за шумите се обединување на искуствата од досегашното спроведување од законите поради потребата од голем број на изменувања и дополнувања на Законот за Шумите и прецизирања на некои одредби од законот поради што се пристапи кон изработка на нов текст на Законот за Шумите. Во изработката на овој закон се применува начелото на транспарентност во постапката. При изработката на текстот на законот консултирани се сите субјекти кои на директен и индиректен начин се засегнати од законот, субјекти кои стопанисуваат/ управуваат со шумите во државна сопственост, шумите во заштитените подрачја и сопственици на приватни шуми, Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг од Скопје и сите релевантни државни институции кои што имаат влијание во оваа област.

Цениме дека предложените решенија ќе бидат применливи во пракса имајќи ги во предвид досегашните искуства во оваа област преку ефикасно регулирање на проблематиката на стопанисувањето со шумите и превентивни мерки за заштита на шумите имплементирани во овој закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог- Закон за шумите нема да предизвикува значителни финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Со Закон за шумите и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот не се предвидуваат нови фискални импликации, односно не се потребни дополнителни финансиски средства за нивно спроведување.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Закон за основање на Агенција за енергетика и управување со задолжителни нафтени резерви е предмет на усогласување со законодавството на Европската унија и тоа:

1. Регулативата 2023/1115 на Европскиот Парламент и на Советот од 31 Мај 2023 година за ставање на располагање на пазарот на Унијата и извозот од Унијата на одредени стоки и производи поврзани со уништување на шумите и деградација на шумите и укинување на Регулативата (ЕУ) бр. 995/2010 и
2. Регулатива (ЕУ) 2018/841 на Европскиот парламент и на Советот од 30 мај 2018 година за вклучување на емисиите на стакленички гасови и отстранување од користење на земјиштето, промена на употребата на земјиштето и шумарство во климатската и енергетската рамка од 2030 година, и изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ ) бр. 525/2013 и Одлука бр. 529/2013/ЕУ

VI. ПРЕГЛЕД НА ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Методологијата за идентификација и мапирање на шумските функции и екосистемските услуги.

Методологијата на класификација на шумите според намената и функцијата.

Правилник за деталните услови и ограничувања за планирање на чисти сечи, дефинирањето на големината на површина и степен на оштетеност на шумите, периодот кој се смета за разумен и други критериуми од член 22 став (1).

.Правилник за формата и содржината на барањата од член 24 ставови (1) и (5) од овој член.

5. Правилник за поблиските критериуми за определување на висината на надоместокот за копачење и трајна пренамена на шума и начинот на распределбапо член 26.

6.Правилник за формата и содржината на барањата од член 28 ставови (1) и (2) од овој член, како и висината на трошокот за остварување на правото на стварна службеност.

Правилник за формата и содржината на барањето како и потребната документација од член 30 став (2) на овој член.

Методологијата за спроведување на националната инвентаризација на шумите - член 34

Правилник за формата и содржината на Планот за стопанисување со шуми на мали површини.- член 40

10. Правилник за формата и содржината на Изведбениот план-член 41

11. Правилник за поблиските критериуми за стопанисување со шумите во привтатна сопственост и формата и содржината на Евидентниот картон-член 42

Ценовник за висината за изработка, изменување и дополнување на плански доументи-член 43

13. Правилник за висината на надоместот за работа на членот на стручната комисија за извршена рецензија на плански документ, кој не може да биде повисок од 1/3 од просечната плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, за секој рецензиран план за стопанисување посебно, како и висината на трошоците за рецензија на планските документи-член

. Правилник за технички упатства за спроведување на работите од ставот (2) на овој член, видовите на заштитни мерки и начин на нивно применување,како и елементите и начинот на одржување и воведување на шумскиот ред-член 60

Правилник за формата и содржината на базата на податоци и и начинот на вршење на работите на Извештајно дијагнозно-прогнозната служба-член 63

16. Правилник за начинот на определување на загрозени и ретки видови на шумски дрвја на шумско земјиште по природен пат-член 64 став (7)

7.Правилник за формата и содржината на барањето од став (3) на овој член и формата и содржината на одобрението за собирање на семе и сеча на ретки видови на шумски дрвја на шумско земјиште-член 64 став (8)

Правилник за условите под кои може да се врши испаша (времетраење, вид на стока, број на грла, висина на надоместок за напасување, определување на премини за добитокот и слично) и висината на надоместот-член 65 став (5)

Правилник за локацијата, начинот на поставување, формата и содржината на барањето, како и формата и содржината на одобрението за поставување на пчелни семејства во шума и на шумско замјиште-член 67 став (5)

Правилник за содржината на Националниот план за заштита од шумски пожари и форма и содржина на Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари-член 68 став (6)

Правилник за план со потребната документација и техничкиот норматив за изведба и одржување на против пожарни просеки и изградба на набљудувачници-член 69 став (5)

Правилник за начин за вршење на ознака за сеча, начинот на мерење и евиденција на дрвјата, средствата и видот и формата на шумските знаци за ознака за сеча и ознака на нелегално исечени дрвја , формата и содржината на Книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во државна сопственост, Книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во приватна сопственост и Книгата за евиденција на направена шумска штета во шума во државна сопственост и структурата на базата на податоци-член 77 став (10)

Правилник за начинот на вршење на ознаката за сеча.-член 78 став (4)

Правилник за структурата на базата на податоци, постапката и времето за пренос на базите на податоци од ставовите (5) и (6) во системот за следење на дрвото до воведување на он-лајн конекција-член 78 став (10)

Правилник за формата и содржината на образецот на барањето, документацијата која е придружен дел на барањето, формата и содржината на лиценцата, формата и содржината на регистарот, како и за минималните-технички средства и човечки ресурси кои треба да ги исполнува правното лице за извршување активности на сеча и дотур-член 82 став (13)

Правилник за начинот на обезбедување на сопствени потреби со огревно дрво на физички лица од државна шума, содржината и начинот на чување на евиденцијата за означена и посечена дрвна маса-член 84 став (11)

Правилник за минималните технички и безбедносни стандарди-член 85 став (6)

Правилник за формата и содржината на барањето на одобрение за сеча, формата и содржината на одобрението за сеча и одобрението за сеча по службена должност и потребната документација за постапување по службена должност, како и начинот на водење на евиденција на издадени одобренија за сеча-член 86 став (10)

Правилник за начинот на жигосување на шумските дрвни сортименти, алатите и изгледот на шумските знаци за жигосување на шумски дрвни производи, формата и содржината на

приемницата и испратницата, начинот на издавање на приемница и испратница, формата и содржината на книгите на приемници и испратници и начинот на чување на податоците-член 88 став (17)

Правилник за структурата на базите на податоци од ставот (18) на овој член, како и постапките и времето за нивно пренесување во системот за следење на шумски дрвни производи-член 88 став

31.Правилник за времето и постапката за пренос на податоци од извршен прием и испорака во системот за следење на шумски дрвни производи до воведување на он-лајн конекција-член 88 став

32. Ценовникот за пазарната вредност на дрво на пенушка одобрено и/или означено за сеча-член 90 став (3)

Правилник за видовите на информации, податоци и документи потребни за спроведување на длабинска анализа, мерките за проценка на ризик, мерките за ублажување на ризикот, како и формата и содржината на Изјавата за длабинска анализа-ќчен 96 став (4)

Правилник за начинот на конфигурација на дигиталниот систем за следење, содржината, начинот на негово одржување и управување како и алатките и процедурите за негова употреба-член 109 став (5)

Првилник за формата и содржината на Книгата за евиденција на шумски дрвни сортименти набавени  за продажба или механичка преработка-член 110 став (70

Правилник за минимално технички услови за вршење на промет на шумски дрвни производи-член 111 став (5)

Правилник за формата и содржината на известувањето од ставот (12) на овој член како и формата и содржината на Регистарот на правни лица кои вршат промет на шумски дрвни производи-член 111 став (11)

Правилник за формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за извоз од ставот (3) на овој член и формата и содржината на одобрението од ставот (1) на овој член-член 113 став

Правилник за висината на трошокот за спроведување на жигосувањето и издавањето на испратница-член 114 став (6)

Ценовник за дрвото што се продава како шумски дрвни производи и дрво на корен-член 116 став

Правилник за висината на трошокот за издавање на дозвола или сертификат, список на недрвни шумски производи кои можат да се стават во промет, формата и содржината на образецот на барањето за издавање на дозволата и сертификатот, видот, формата и содржината на образецот на дозволата и на сертификатот, како и потребната документација која се приложува кон барањето-член 118 став (8).

Правилник за начинот на проектирање, техничките услови за изградба и одржување на шумската инфраструктура, техничкиот прием на изградената инфраструктура, како и означувањето на шумските патишта-член 119 став (2).

. Правилник за формата и содржината на образецот за проектната документација-член 120 став (2).

Правилник за конфигурацијата, начинот на одржување, управување и користење на интегрираниот шумски информациски систем-член 122 став (3).

Правилник за формата и структурата на базата на податоци за шуми како и начинот на чување и користење-член 123 став (6).

Правилник за формата и содржината на Програма за мониторинг на здравјето и виталноста на шумските екосистеми-член 124 став (3).

Методологијата за мониторирање и формата и содржината на базата на податоци, како дел од интегрираниот шумски информациски систем-член 124 став (6).

Правилник за правилата за вршење на работите на шумочуварската служба и формата и содржината на службена книга за преземените дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон, како и формата и содржината на книга за евиденција на бесправни сечи на дрвна маса-член 133 став (2).

Правилник за видот на униформата, легитимацијата, значката и видот на оружјето што го носат припадниците на шумочуварската служба и шумска полиција-член 139 став (4).

Правилник за формата и содржината на записник за одземените шумски дрвни производи-член 140 став (3).

Правилник за процедури за распределба на средства за намените утврдени во став член 152 став -член 152 став (5).

Правилник за критериуми  за шумски мерки за да се квалификуваат како одржливи за животната средина-член 153 став (2).

Ценовник  за вредноста на шумските дрвни производи и вредноста на дрвото -член 155 став (4).

Правилник за одржување на мерки за еколошки и социјални шумски функции или екосистемски услуги -член 158 став (2).

Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог -член169 став (2).

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ШУМИТЕ*

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

(1) Со овој закон се уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата ,користењето и чувањето на шумите, правата и обврските поврзани со шумите и шумското земјиште, организацијата и финансирањето во шумарството, како и други прашања поврзани со шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, во согласност со принципите за одржлив развој.

(2) Со овој закон се утврдуваат правилата за ставање во промет и ставање на располагање на пазарот на Република Северна Македонија, како и за извозот од Република Северна Македонија на шумски дрвни производи.

(3) Одредбите на овој закон се применуваат на сите шуми и  шумско земјиште без оглед на нивната сопственост, намена или статус на заштита како и на шумски видови на дрвја на друго земјиште..

**Сопственост**

**Член 2**

Шумите се во приватна и во државна сопственост.

**Јавен интерес**

**Член 3**

(1) Шумите како природно богатство се добро од општ интерес за Република Северна Македонија и уживаат посебна заштита.

(2) Стопанисувањето, управувањето, одгледувањето, заштитата ,користењето и чувањето на шумите и шумското земјиште се дејности од јавен интерес.

*Со овој закон се врши усогласување со Регулативата 2023/1115 на Европскиот Парламент и на Советот од 31 Мај 2023 година за ставање на располагање на пазарот на Унијата и извозот од Унијата на одредени стоки и производи поврзани со уништување на шумите и деградација на шумите и укинување на Регулативата (ЕУ) бр. 995/2010 и Регулатива (ЕУ) 2018/841 на Европскиот парламент и на Советот од 30 мај 2018 година за вклучување на емисиите на стакленички гасови и отстранување од користење на земјиштето, промена на употребата на земјиштето и шумарство во климатската и енергетската рамка од 2030 година, и изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ ) бр. 525/2013 и Одлука бр. 529/2013/ЕУ

**Цели на Законот**

**Член 4**

Цели на овој закон се:

- трајно да се сочува површината под шуми,
- да се зголеми шумската покровност, нивниот производен потенцијал и квалитет,
- да се заштитат шумите и да се одржи здравјето, виталноста и стабилноста на шумските екосистеми
- да се зачува биолошката разновидност во шумите,
- да се подобри отпорноста на шумите кон климатските промени и да се подобри нивниот придонес кон намалување на климатските промени,
- минимизирање на придонесот на Република Северна Македонија за уништување на шумите и деградација на шумите ширум светот, а со тоа придонесување за намалување на глобалното уништување на шумите,
- намалување на придонесот на Република Северна Македонија за емисиите на стакленички гасови и глобалните загуби на биолошката разновидност

- да се овозможи одржливо стопанисување со шумите и другото шумско земјиште и
- да се зголеми придонесот на шумите и нивните функции или услуги за националната и руралната економија и благосостојбата на општеството.

**Субсидијарна примена на закон**

**Член 5**

(1) Во постапките утврдени со овој закон се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Во постапката за вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и законот кој ја регулира шумарската и ловната инспекција, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

**Шума и друго шумско земјиште**

**Член 6**

(1) Шума, во смисла на овој закон, претставува шумски екосистем кој постои на шумско земјиште со површина поголема од 0.5 ha, обраснатa со шумски видови дрвја повисоки од пет метри и со покриеност на површината со крошна поголема од 50% или површина обрасната со дрвја способни да ги достигнат овие два прага *in situ*.

(2) Под шума од ставот (1) на овој член се подразбира и:

- шумско земјиште кое е привремено необраснато поради спроведена чиста сеча како дел од праксата за стопанисување со шумите, шумски пожари или поради природни катастрофи;

- површини кои се во процес на природна експанзија на шумите;

- шумски патишта, противпожарни пресеки, шумски расадници, семенски плантажи, голини во шума и други мали отворени површини како и

- ветрозаштитни појаси, заштитни појаси, крајбрежна вегетација во шумата плантажни шуми, шума за секвестрација и акумулација на јаглерод и коридори од дрвја со површина поголема од 0.5 ha и широчина поголема од 20 метри на шумско земјиште, друго шумско земјиште и земјоделско земјиште.

(3) Под шума не се подразбираат одвоени групи дрвја на површини помали од 0.5 ha, гранични дрвја меѓу земјоделски површини, како и крајбрежна вегетација надвор од шумата, дрвореди и паркови во населени области.( во натамошниот текст: надвор од шума)

(4) Друго шумско земјиште е земјиште кое не е класифицирано како шума, кое опфаќа повеќе од еден ha, обраснато со шумски видови дрвја повисоки од пет метри и со покриеност на површината со крошна од 25% до 50% или со дрвја способни да ги достигнат овие прагови *in situ.*

(5) Класификацијата на површините од ставовите (1), (2) и (4) на овој член не зависи од фактичката состојбата која е регистрирана во Агенцијата за катастар на недвижности .

## Стопанисување со шумите

### Член 7

(1) Стопанисување со шумите претставува одгледување, заштита и користење на шумите, преку обнова, нега, заштита, подигнување на нови шуми, користење на шуми и шумско земјиште, како и други активности за одржување и унапредување на функциите на шумите.

(2) Со државните шуми стопанисуваат субјекти во согласност со нивното право за стопанисување (во натамошниот текст: субјекти кои стопанисуваат/управуваат со државни шуми), во соглсност со овој и друг закон.

(3) Со приватните шуми стопанисуваат сопствениците на приватните шумите во согласност со овој закон.

## Управување со шумите

### Член 8

(1) Управување со шумите опфаќа стратешко планирање, организација и извршување на управни работи, стручни и советодавни работи за поддршка на субјектите кои стопанисуваат со шумите, мониторинг и надзор.

(2) Со шумите се управува на начин со кој трајно ќе се сочува и зголеми нивната површина, вредноста, да се обезбеди најголем прираст според природните услови и да се сочуваат и подобруваат нивните општокорисни и производни функции.

## Надлежен орган

### Член 9

(1) Со шумите во делот на стратешкото планирање управува Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

(2) Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство врши:

а) формулирање, изработка и предлагање на национални шумарски политики, стратегии, закони, планови, програми, вклучително и спроведување, имплементација и усогласување на истите;

б) мониторинг и известување за спроведување на шумарските политики, стратегии, програми и легислатива;

в) вршење на управен надзор на подредени државни органи, институции и служби;

г) управување со државниот шумарски сектор, вклучително и контрола на спроведувањето на договорот(ите) за управување со државните шуми во име на државата како сопственик на шумите во согласност со закон; и

д) други надлежности во согласност со овој и друг закон.

(3) Со шумите во делот на оперативно планирање, организација и извршување на управни работи, вршење на стручни и советодавни работи за поддршка на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите, мониторинг и надзор управува Агенцијата за шуми.

(4) Агенцијата за шуми, работите од својата надлежност ги врши согласно одредбите на овој закон и Законот за основање на Агенцијата за шуми.

**Функции на шумите и екосистемски услуги**

**Член 10**

(1) Шумските функции и екосистемските услуги треба да вклучуваат производни, еколошки и социјални функции и услуги.

(2) Производните функции на шумите вклучуваат:

- обезбедување на дрво и дрвни производи и
- обезбедување на други производи од шума.

(3) Еколошките функции на шумите особено вклучуваат:

- заштита на шумската почва од ерозија и други негативни влијанија (функција на заштита на шумската почва);
- секвестрација и акумулација на јаглерод во шумските екосистеми за регулирање на локалната клима и ублажување на климатските промени (функција за регулирање на климата);
- поволно влијание врз плодноста на почвата и земјоделското производство;
- заштита и регулација на водниот режим (функција на заштита на водата и регулација);
- производство на кислород и прочистување на воздухот (функција за регулација на воздухот);
- зачувување на генската и биолошката разновидност на ниво на екосистем и
- зачувување на пределската разновидност.

(4) Социјалните функции на шумите вклучуваат:

- заштита на населени места, објекти од јавен интерес и јавна инфраструктура од ерозија, поплави, ветрови и други неповолни влијанија, како и заштита на електричните и енергетските системи, хидромелиоративните системи и водоснабдителните системи и објекти;
- обезбедување поволни услови за квалитетно и континуирано водоснабдување;
- заштита на природните вредности и убавини;
- заштита на културните вредности;
- обезбедување погодна природна средина за екотуризам, рекреација, спорт и одмор;
- обезбедување на погодна природна средина за закрепнување и медицински третмани;
- обезбедување на истражувања и едукација поврзани со шумите;
- обезбедување на поволни услови за животинскиот свет, лов и сроден туризам;
- обезбедување на други шумски производи;

- обезбедување на огревно дрво за локалното население од државните шуми;

- заштита од ветер на земјоделски земјишта и населени места преку подигање на ветрозаштитни појаси;

- придонес за зачувување на селските домаќинства и руралните средини и

- обезбедување на заштитна средина за одбранбени активности.

(5) Екосистемските услуги на шумите се придобивки што овие екосистеми ги обезбедуваат како за природата така и за човечкото општество. Тие вклучуваат регулирање на климата преку апсорпција на јаглерод, поддршка на биолошката разновидност и живеалишта, регулација на водите и спречување на поплави и ерозија, обезбедување на ресурси како дрво и лековити растенија, можности за рекреација, културни и духовни вредности и придонес за квалитетот на воздухот и водата.

(5) Еколошките и социјалните функции се сметаат за општокорисни функции на шумите за општеството.

(6) Според функциите и услугите на шумите од ставот (1) на овој член и соодветните мерки на стопанисување, шумите можат да се класифицираат како производни шуми, заштитни шуми и шуми со посебна намена..

**Идентификација и мапирање на шумските функции и екосистемските услуги**

**Член 11**

(1) Шумските функции и екосистемските услуги се идентификуваат, мапираат и назначуваат во Планот за стопанисување со шумите на ниво на шумско стопанска единица во согласност со овој закон.

(2) Оцената за утврдување на важноста или влијанието на одредени шумски функции од ставот (1) на овој член се заснова на следните критериуми:

а) нивното значење или главен приоритет во споредба со другите шумски функции и

б) нивното влијание врз стопанисувањето со шумите.

(3) Доколку важноста и/или влијанието од ставот (2) на овој член на одредена шумска функција се оценети како високи, тој вид на шумската функција ќе се смета за приоритетна функција при мапирањето и назначувањето во Планот за стопанисување со шумите на ниво на шумско стопанска единица .

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на животната средина и просторно планирање ќе донесе методологијата за идентификација и мапирање на шумските функции и екосистемските услуги.

**Класификација на шуми по намена**

**Член 12**

(2) Статусот на производна шума може да и се припише на шума во која е силно нагласена производната функција, како што е наведено во член 10 став (2) на овој закон.

(3) Статусот на заштитна шума може да и се припише на шумата во која е силно нагласена заштитната функција од член 10 ставови (3) и (4) на овој закон.

(4) Статусот на шума со посебна намена може да се определи на шумата во која е силно изразена одредена функција од член 10 на овој закон, или има силно влијание врз стопанисувањето со шумите, според кое таквата шума може да биде класифицирана особено како:

а) шума со висока природна вредност;

б) сочуван тип на шумско живеалиште од европско и/или национално еколошко значење;

в) шумски резерват;

г) рекреативен шумски парк;

д) меморијална шума;

ѓ) шума за научно-образовни цели;

е) шума за одбранбени цели и

ж) шума, како и површини за подигање на шума за секвестрација и акумулација на јаглерод за регулирање на локалната клима и ублажување на климатските промени.

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ќе донесе методологијата на класификација на шумите според намената и функцијата.

**Определување на шумите по намена**

**Член 13**

(1) Шумите со производна и заштитна намена се определуваат согласно посебните планови за стопанисување/управување со шумите.

(1) Шумите со посебна намена ги прогласува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) во согласност со овој закон.

(2) Прогласувањето на шумите за посебна намена од член 12 став (3), точки а), б), в) и г) од овој закон го иницира и до Владата на Република Северна Македонија го предлага органот на државна управа надлежен за работите од областа на шумарството по претходно барање на засегнати субјекти кои стопанисуваат со шумите и сопственици на приватни шуми.

(3) Прогласувањето на шумите со посебна намена од член 12 став (3), точките д), ѓ),е) и ж) го иницира и до Владата на Република Северна Македонија го предлага органот на државна управа надлежен за работите од областа на шумарството по претходно барање на заинтересирани субјекти и добиено мислење од засегнати корисници и/или сопственици на шуми.

(4) Со актот од ставот (2) на овој член се уредува намената, режимот на заштита и/или одржување на шумите вклучувајќи ги неопходните шумарски мерки, како и правата и обврските на субјектите кои го вршат управувањето, заштитата и одржувањето на шумите со посебна намена.

(5) Со актот од ставот (2) на овој член се утврдуваат  и изворите на средства од Буџетот на Република Северна Македонија потребни за исплата на изгубени приходи на сопственик/ци на приватните шуми.

### Идентификација на потенцијални локации за шумски типови на хабитати по Натура 2000

### Член 14

(1) При определување на потенцијалните локации на типови шумски живеалишта за еколошки важни области за Европската унија (Натура 2000) се применуваат критериумите за проценка на локацијата утврдени согласно прописите од областа на заштитата на природата, со користење на релевантни шумарски научни информации.

(2) Шумарските научни информации за односниот тип на живеалиште на шуми го вклучуваат особено видовиот состав на дрвјата, дрвната резерва, видот и структурата на шумските насади и статусот на природност или деградација на шумските насади.

(3) Подкритериумот за процена на локацијата утврдени согласно прописите за заштита на природата за хабитати и птици, како што е степенот на зачувување на структурата и функциите на типот на шумско живеалиште, земајќи ги предвид информациите од ставот (2) на овој член, се применуваат  на начин на кој локалитетот што го содржи типот на шумско живеалиште кое е во поволен статус на зачувување се смета за подобен кандидат за целта од ставот (1) на овој член.

(4) Подкритериум за проценка на локацијата утврдени согласно прописите за заштита на природата за хабитати и птици , како што се  можностите за обнова на типот на шумско живеалиште ќе се применуваат на начин на кој планираните мерки за обнова наведени во Националната програма за шумарство и Планот за одржлив развој на шумите во Република Северна Македонија се земени во предвид.

### Предлагање на потенцијални локации за шумски типови на хабитати по Натура 2000

### Член 15

(1) Изборот на потенцијалните локации на типови шумски живеалишта за еколошки важни области за Европската унија (Натура 2000), органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на животна средина го врши во соработка со Агенцијата за шуми, во постапка и на начин утврден согласно прописите за заштита на природата.

### Финансиски надоместок за изгубен приход поради прогласување

### Член 16

(1) Ако прогласувањето на шумата како заштитна шума или шума со посебна намена го ограничува располагањето на приватната сопственост или остварувањето на правата од приватна сопственост во шумата, сопственикот има право на соодветен паричен надоместок за изгубениот приход.

(2) Висната на паричен надомест за изгубен приход од ставот (1) на овој член, се утврдува од овластен проценител или Бирото за судски вештачења.

## Дефиниции

## Член 17

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

**1. Активности и операции на стопанисување со шумите** се одгледување, заштита, зачувување и користење на шумите и други производи од шума, изградба и одржување на шумска инфраструктура, одржување на еколошките и социјални функциите на шумите или нивните екосистемските услуги;

**2. Алатки за означување на дрвја и шумски дрвни сортименти** се шумски чекан, ознаки (со баркодови или QR кодови) и бои;

**3. Биолошка разновидност** е севкупност на живите организми како составен дел на екосистемите, а ја вклучува разновидноста внатре во видовите, меѓу видовите, како и разновидноста на екосистемите;

**4. Блиску до природен начин (блиску до природата)** е начин на стопанисување со шумите кој опфаќа одржливо стопанисување со шумите кое се базира на нега на шумите, со кој се почитува и се одржува природниот состав на шумата, структурите и процесите и со тоа се зачувува биолошката разновидност;

**5. Ветрозаштитни појаси** претставуваат шуми кои првенствено се подигнуваат за заштита од ветер на земјоделски земјишта и населени места;

**6. Високостеблена шума** се состои од дрвја кои претежно потекнуваат од семе;

**7. Групимично изборна сеча** опфаќа сеча на избрани групи дрвја во шумскиот насад;

**8. Девастирана (опустошена шума)** е онаа шума во која природните структури, процеси и функции се во голем обем или потполно уништени заради девастирачко влијание од човечки активности;

**9. Деградирана шума** е шума каде природната структура, процесите и функциите се ослабени како последица од човековите активности. Деградираните шуми се шуми за реставрација;

**10. Деградација на шума** е последица на човековите активности кои ја менуваат природната структура, процесите и функциите на шумата, ја намалуваат нејзината биолошка разновидност и доведуваат до уништување на шумите;

**11. Други сечи со голем интензитет** е отстранување на повеќе од 60% од најдебелите стебла(како дрвјата во последните две дебелински класи) на шумскиот насад, кои се главни носители на дрвната резерва, на површина на која максималното растојание помеѓу стеблатана рабовите на површината со големинтензитет е поголема од две висини на дрвјата во насадот во случај на високостеблена шума или поголема од три висини на дрвјата во насадот во случај на нискостеблена шума;

**12. Други шумски дрвни производи** опфаќаат шумски дрвен чипс, шумски дрвни остатоци и друга дрвна маса (биомаса) од соборени стебла, гранки, кора и корења;

**13.Шумски недрвни производи** се производи од биолошко и минерално потекло од шума и шумско земјиште, и тоа: репродуктивни органи на дрвја, грмушки и зељести растенија (цветови, плодови, семиња), иглички и листови, мов и лишаи, папрат, треви, цветови, лековити, ароматични, јадливи и индустриски растенија, други растенија и нивни делови (листови, плодови, патолошки израстоци, полупаразитски и паразитски растенија), шишарки, габи, смола, сокови од недрвни растенија, листинец, трева за сено од шумски ливади, дивеч и други диви животни кои живеат во шума, тресет и хумус;

**14. Единечно (стеблимично) изборна сеча** е сеча на поединечни дрвја во шумскиот насад;

**15. Екосистем** во смисол на шумски екосистем претставува севкупност на организми од шумската флора, фауна, габи и микроорганизми заедно со нивната поврзана нежива материја кои се во интеракција во ордредени просторни граници;

**16.Зачувување на шумите** е начин на управување со шумски ресурси за да се обезбедиодржувањето на квалитетот и различноста, вклучително и долгорочната оптимална производност на шумските ресурси и да се осигура одржливо и ефикасно користење;

**17. Заштита на шумите** е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се превенираат, спречат и елиминараат последиците од штетните ефекти од растителните болести, инсекти, диви животни, стока, луѓе, пожари, други природни непогоди,како и други битоскии абитоски фактори;

**18. Заштита на шумите од пожар** опфаќа:

а) превентивни мерки кои се преземаат со цел едукација и зголемување на јавната свест;

б) подготвителни мерки кои се преземаат во текот на целата година, пред појава на пожар, со цел да се постигне максимална подготвеност на субјектите одговорни за заштита на шумите да реагираат во случај на палење пожар и

в) директни мерки што се преземаат за време на пожарот, насочени кон локализирање и сузбивање на пожарот;

**19. Концепт на одржливо стопанисување со шумите** е систем на мерки и активности за грижа и користење на шумите и другото шумско земјиште на начин и во обем (степен) со кои се одржуваат нивниот биодиверзитет, продуктивност, способност за регенерација, виталност и нивниот потенцијал за исполнување на релевантните еколошки, економски и социјални функции и не причинува деградација на шумските екосистеми, загуба на шумските хабитати и не предизвикува оштетување на други екосистеми;

**20.Копачење на шумите** ецелосно отстранување на шумската вегетација од шумското земјиште;

**21. Максимално дозволена сеча(етат)** е количество на дрвна маса која е планирана за користење во рамките на одредена површина според одредбите во планските документи утврдени со овој закон;

**22. Мониторинг** е систем на постојано собирање на информации, следење и анализа на целосната состојба на шумските екосистеми, а особено на нивната виталност, здравствена состојба, биолошка разновидност, како и мониторинг на стопанисувањето со шумите;

**23. Мултифункционално стопанисување со шумите** е концепт кој соодејствува со концептот на одржливо стопанисување со шумите;

**24. Нега на шумите** се одгледувачки мерки кои се спроведуваат во шумските насади од моментот на настанување па до времето на нивната регенерација;

**25. Нискостеблена или изданкова (вегетативна) шума** е шума која се состои од дрвја кои претежно имаат изданково потекло;

**26. Одгледување на шумите** е нега, обнова, подмладување, реставрацијаи други шумски развојни мерки, како и пошумување на голини и повторно пошумување на обесшумени површини;

**27. Оштетена шума** е шума во која природната структура, процеси и функции биле намалени поради природноили антропогено влијаније;

**28. Поволен статус на зачуваност на шумски тип на хабитат** е статус на зачуваност кој е постигнат кога:

- површината која ја опфаќа е стабилна или се зголемува;

- специфичната шумска структура и функции кои се неопходни за долгорочно постоење на типот на хабитат постојат и изгледно е дека ќе продолжат да постојат во догледна иднина и

- поволниот статус на зачуваност на типичните дрвни видови е загарантиран;

**29. Површинска сеча** е сеча на сите стебла на одредена шумска површина, како под-оддел, катастарска парцела или нивни делови;

**30. Пошумување на голинии и повторно пошумување на обесшумени површини** е активност иницирана од човекот која претставува конверзија на нешумско во пошумено земјиште по пат на садење, сеење и/или апликација на семиња од домашни видови од страна на човекот. Пошумувањето се спроведува на земјиште кое не е покриено со шума.. Повторното пошумување на обесшумени површини се спроведува на земјиште кое во минатото било шума;

**31. Производни функции на шумите** е производство на шумски дрвни производи и производство на недрвни шумски производи;

**32. Пустошење на шумите** е последица на човечки активности со кои значајно се ослабува производната сила на шумите и нивните функциии/или се загрозува опстанокот на шумата;

**33. Работни активности во шума** се особено работи на одгледување, заштита, зачувување, користење на шумите и на шумска инфраструктура.

**34. Реставрација (обнова) на шумите** е повторно воспоставување на еколошки процеси, кои ја забрзуваат обновата и подобрувањето на структурата на шумите, еколошкото функционирање и биолошката разновидност кон типичните за одреден шумски екосистем или тип на хабитат. Видовите активности и мерки за обновување на шумите особено вклучуваат:

- **реконструкција**, на ниско продуктивни или деградирани шуми во високо стеблени шуми или **мелиорација** на деградирани шуми;
- **рехабилитација** на оштетени шуми;
- **индиректна конверзија** на нискостеблени шуми во високостеблени шуми по пат на прореда и / или природна обнова од семе и
- **директна конверзија** на шикари и нискостеблени шуми во високостеблени шуми по пат на садење;

**35. Реставрација (обнова) на опожарена шума** се активности кои ги преземаат субјектите кои управуваат со шумите во наредните неколку години по гаснењето на пожарот и тоа сечење на

опожарените дрвја на пожариштето и нивно отстранување, повторно пошумување на опожарена површина, нега и заштита на садниците;

**36. Регенерација на шумите** е процес на настанување/основање на нови млади шуми на местото на постојните шуми по природен пат или вештачки подигнати шуми;

**37. Ревир за стопанисување со шуми** е територијална единица на која се организираат и спроведуваат професионално-технички задачи на оперативно стопанисување со шуми;

**38. Реон за чување на шуми** е територијална единица на која се споведуваат задачи на чување на шуми за кои е одговорен шумочувар;

**39. Стопанисување со шумите како систем** се деловно планирање и носење на одлуки, организација, водство и спроведување на активности и операции за стопанисување со шумите, нивна контрола и следствено на тоа адаптација на плановите за сметка на сопственикот / корисникот на шумата.

**40. Санитарни сечи** се оние сечи со кои од шумата се отстрануваат оштетените, заболените или мртви дрвја со цел превенција од натамошно ширење на штетно влијание;

**41. Сеча со голем (висок) интензитет** е отстранување на повеќе од 60% од дрвната резерва од шумскиот насад (пододдел) и/или намалување на густината на покровноста на насадот под 0,6 на високостеблени и под 0,5 на нискостеблени шуми;

**42. Сопственик на приватна шума** е сопственик на приватна шума и друго шумско земјиште врз основа на катастарска евиденција;

**43. Стручно - советодавни работи во областа на шумарството** се давање на стручни совети, упатства, едукација и обука од страна на шумарските стручњаци на сопствениците на шумите, корисниците, другите засегнати страни и на јавноста;

**44. Стручно - технички работи** во областа на шумарството се активности поврзани со извршување на ознаката за сеча, контрола на место на сеча, мерење, жигосување на шумски дрвни сортименти како и сите професионални активности за заштита, зачувување, одгледување на шумите, користење на шумите, изградба и одржување на шумска инфраструктура и одржување на еколошките и социјални функции на шумите или екосистемските услуги;

**45. Субјекти кои стопанисуваат/управуваат со државни шуми** се правни лица кои со закон или друг правен акт се надлежни да стопанисуваат/управуваат со државните шуми (производни шуми, заштитни шуми, шуми со посебна намена и шуми во заштитени подрачја).

**46. Техничко дрво** ги опфаќа сите дрвни сортименти според стандардот кој е во примена.

**47. Трајна пренамена** е пренамена на шума во градежно неизградено земјиште;

**48. Чиста сеча** е отстранување на сите или скоро на сите дрвја на површината на насадот (пододделот).

**49. Шумска инфраструктура** се шумски патишта, мостови во шума, дотурни патишта шумски влеќи, проитивпожарни просеци и набљудувачници, како и други објекти кои се наменети за стопанисување/управување со шумите;

**50. Шумски дрвни производи** се шумски дрвни сортименти и други шумски дрвни производи<

**51. Шумски дрвни остатоци** (падната мртва дрвна маса) се делови од стеблото, врвот или гранките со дијаметар под 7 cm и сортименти вон стандардни димензии кои остануваат по сеча, како и падната дрвна маса под влијание на биотски и абиотски фактори;

**52. Шумски патишта** се патишта во кои се вклучени и другите патни инфраструктури кои се долж нивните правци кои се првенствено наменети за одгледување и користење на шумите;

**53. Шумски влеќи/дотурни патишта** се секундарна патна мрежа наменета за привлекување на шумските дрвни сортименти од шумскиот насад до шумскиот пат при користењето на шумите;

**54. Шумски ред** е состојба во шумата која обезбедува услови за нејзино одржување, обновување и унапредување на шумите, посебно за заштита од пожари, растителни болести и штетници, заштита на земјиштето под шума од настанување и развивање на ерозивни процеси поради сеча или отстранување на дрвата од шума и заштита на подмладокот;

**55. Шумски чекан е** алат за означување на стебла за сеча и шумски дрвни сортименти (на класичен или дигитален начин);

**56. Шумски дрвни сортименти** се примарни дрвни производи кои опфаќаат огревно дрво, дрво за механичка и хемиска преработка и техничко дрво;

**57. Шумски објекти** се објекти кои се во функција на унапредување на шумите и ловството, во согласност со планските документи во шумарството и ловството.

**58. Шумскостопанска единица** е дел од шумска област која по правило ја сочинува просторната целина од шума и шумско земјиште, а опфаќа цел шумски комплекс или само еден негов дел;

**59. Шумски пожар** е секое неконтролирано горење на шума и шумско земјиште, без оглед на зафатената површина, интензитет и причина за негово настанување;

**60. Шумски тип на хабитат** вклучува специфичен состав на дрвни видови и растенија кои природно растат или би требало да растат (во случај ако е природниот состав изменет) на специфично шумско месторастење според применета фитоценолошка класификација;

**61. Шумски склад** е локација каде се складираат шумски дрвни производи;

**62. Шумски насад** е дел од шума во смисол на состав на видовите на дрвја, хоризонталната и вертикалната структура, начинот и формата на одгледување по кои се разликува од другите делови на шумата;

**63. Шумски знаци** се службено признаени знаци, како што се печати, ознаки и бои, со кои се означуваат дрвјата или дрвните сортименти согласно со овој закон;

**64. Шикара/шибјаци е** деградирана изданкова шума во која доминира вегетација од типот на грмушки.

**65. Голини во шума** се ...............

**66. Дефорестација-Обезошумување** е активност за претворање на шумите во земјоделска употреба, без разлика дали е предизвикано од човекот или не;

**67.Земјоделска употреба** е користење на земјиште за потребите на земјоделството, вклучително и за земјоделски насади и земјоделски површини, како и за одгледување добиток;

**68.Земјоделски плантажи** е земјиште со насади во системи за земјоделско производство, како што се насади со овошни дрвја, плантажи со палми, маслинови насади и агрошумски системи каде што културите се одгледуваат под покривка од дрвја; ги вклучува сите насади на релевантни стоки, освен дрво; земјоделските насади се исклучени од дефиницијата за „**шума**“;

**69. Деградација на шумите** се структурни промени на шумската покривка, во форма на конверзија на:

- примарни шуми или шуми кои природно се обновуваат во плантажни шуми или во друго шумско земјиште; или

- примарни шуми во засадени шуми;

**70. Примарна шума** е природно обновена шума од автохтони видови дрвја, каде што нема јасно видливи индикации за човекови активности и каде што еколошките процеси не се значително нарушени;

**71. Природно обновувачка шума** е шума претежно составена од дрвја настанати преку природна обнова која вклучува кое било од следново:

- шуми за кои не е можно да се разликува дали се засадени или природно обновени;

- шуми со мешавина од природно обновени автохтони видови дрвја и засадени или засеани дрвја, и каде што се очекува природно обновените дрвја да го сочинуваат најголемиот дел од растечкиот фонд во зрелоста на стоење;

- гребен од дрвја првично формирани преку природна регенерација и

- природно обновени дрвја од внесени видови;

**72. Засадена шума** е шума претежно составена од дрвја основани со садење и/или намерно сеење, под услов засадените или засеаните дрвја да се очекува да сочинуваат повеќе од 50 % од растечкиот фонд на зрелост; вклучува гребен од дрвја кои првично биле засадени или засеани;

**73. Плантажна шума** е засадена шума со која интензивно се стопанисува и која при садење и зрелост на насад ги исполнува сите следни критериуми: еден или два вида, дури и возрасна класа и редовно растојание; вклучува насади со кратка ротација за дрво, влакна и енергија, и ги исклучува шумите засадени за заштита или обновување на екосистемот, како и шумите основани со садење или сеење, кои во зрелоста на стојат личат или ќе наликуваат на шуми кои природно се обновуваат;

**74. Друго пошумено земјиште** е земјиште кое не е класифицирано како „шума“ кое опфаќа повеќе од 0,5 хектари, со дрвја повисоки од 5 метри и покривка од 5 до 10 %, или дрвја кои можат да ги достигнат тие прагови in situ, или со комбиниран покривка на грмушки, грмушки и дрвја над 10%, со исклучок на земјиштето кое е претежно под земјоделско или урбано користење на земјиштето;

**75. Слободни од обезошумување- дефорестација** значи:

- дека релевантните производи содржат или биле направени со користење на релевантни производи кои биле произведени на земјиште кое не било предмет на уништување на шумите по 31 декември 2020 година; и

- во случај на релевантни производи кои содржат или се направени со користење на дрво, дека дрвото е собрано од шумата без да се предизвика деградација на шумите по 31 декември 2020 година;

**76. Произведено** е одгледувано, собрано, добиено од или одгледувано на соодветни парцели;

**77. Оператор е** секое физичко или правно лице кое, во текот на комерцијална активност, пласира ршумски дрвни производи на пазарот или ги извезува;

**78. Пуштање на пазарот** е првото ставање на располагање на соодветната стока или шумски дрвен производ на пазарот на Република Северна Македонија;

**79. Трговец** е секое правни или физичко лице во синџирот на снабдување, освен операторот, кој, во текот на комерцијална активност, прави достапни шумски дрвни производи на пазарот;

**80. Ставање достапно на пазарот** е секое снабдување со шумски дрвен производ за дистрибуција, потрошувачка или употреба на пазарот на Република Северна Македонија во текот на комерцијална активност, без разлика дали е во замена за плаќање или бесплатно;

**81. Во текот на комерцијална активност** во смисла на целите на преработка, за дистрибуција на комерцијални или некомерцијални потрошувачи или за употреба во деловното работење на самиот оператор или трговец;

**82. Лице** е физичко лице, правно лице или кое било здружение на лица кое не е правно лице, но кое според правото на Република Северна Македонија е признаено дека има капацитет да врши правни дела;

**83. Овластен претставник** е секое физичко или правно лице основано во Република Северна Македонија кое, во согласност со член 94 од овој закон добило писмено овластување од оператор или од трговец да дејствува во негово име во врска со одредени задачи во однос на операторот или обврските на трговецот согласно одредбите на овој закон;

**84. Земја на потекло** е земја или територија  во која се произведени или потекнуваат другите шумски производи ;

**85.Земја на производство** е земја или територија каде што е произведена релевантната стока или релевантната стока што се користи во производството на, или содржана во, шумскиот дрвен производ;

**86. Производи кои не се усогласени** се шумските дрвни производи кои не се во согласност со член 91 од овој закон;

**87.Незначителен ризик** е ниво на ризик што се однесува на релевантните стоки и шумски дрвни производи, каде што, врз основа на целосна проценка на специфичните и општите информации за производот и, каде што е потребно, на примената на соодветното ублажување мерки, тие стоки или производи не покажуваат причина за загриженост дека не се во согласност со член 91, точки а) или б) од овој закон;

**88. Парцела** е земјиште во рамките на единствен имот на недвижен имот, како што е признаено со законот на земјата на производство, кое ужива доволно хомогени услови за да овозможи проценка на збирното ниво на ризик од уништување на шумите и деградација на шумите поврзани со релевантни стоки произведени на тоа земјиште;

**89. Геолокација** е географска локација на парцела опишана со координати на географска широчина и должина што одговараат на најмалку една географска широчина и една географска должина и користат најмалку шест децимални цифри; за парцели од повеќе од четири хектари што се користат за производство на релевантни стоки, освен добиток, тоа се обезбедува со користење на полигони со доволна географска должина и ширина за да се опише периметарот на секоја парцела;

**90.Поткрепена загриженост** е соодветно образложено барање засновано на објективни и проверливи информации во врска со неусогласеноста со одредбите на овој закон за кое може да биде потребна интервенција на надлежните органи;

**91. Релевантни производи што влегуваат на пазарот** се  шумски дрвни производи од трети земји ставени во царинска постапка „пуштање во слободен промет“ кои се наменети да се пласираат на

пазарот на Република Северна Македонија и не се наменети за приватна употреба или потрошувачка на царинското подрачје на Република Северна Македонија и

**92. Релевантни производи кои го напуштаат пазарот** се шумски дрвни производи ставени во царинска постапка за извоз.

# II. ЗАБРАНИ И ОГРАНИЧУВАЊА

## 1. Забрани за штетни активности во шума

### Забрана за пустошење на шуми

### Член 18

(1) Забрането е пустошењето на шуми.

(2) Забраната од ставот (1) на овој член ги опфаќа следните начини на пустошење што се врши спротивно на пропис или наредба од надлежни органи или институции:

1) промена на намената на шумата или

2) непланска сеча на шума или

3) копачење на шума или

4) отстранување на жива кора од стеблата на дрвјата во форма на прстени (предизвикувајќи умирање на дрвјата) или

5) други начини на пустошење на шумата.

(3) Промената на намената на шумата според одредбите од став (2) точка 1) на овој член ќе се смета за кршење на одредбите од овој закон ако се изврши на површина која е поголема десет или повеќе пати од минималната површина со која шумата или шумското земјиште се дефинирани во согласност со овој закон.

(4) Сечата на шума од ставот (2) точка 2) на овој член опфаќа чиста сеча и сеча со голем интензитет и секоја друга сеча која нанесува штета и се смета за пустошење доколку чистата сеча се врши на површина која е три или повеќе пати поголема од површината со која се дефинира чиста сеча или доколку сечата со голем интензитет се врши на површина која е пет или повеќе пати поголема од површината со која се дефинира сеча со голем интензитет, во согласност со овој закон.

(5) Отстранувањето на жива кора според одредбите од ставот (2) точка 4) на овој член, освен за потребите за нега на шумите, се смета за пустошење доколку се врши на површина која е двојно помала од површината со која се дефинира шума во согласност со овој закон.

(6) Друг начин на пустошење шуми настанато од неконтролирано палење, се смета за пустошење ако е настанато на површина која е поголема од минималната површина на шума согласно член 6 став (1) од овој закон.

## Забрана за деградација на шуми

### член 19

(1) Забранeто е деградирање на шумите.

(2) Забраната за деградација на шумите опфаќа особено:

1) деградација на шумски насади преку сечи со голем интензитет, освен во случаи кога се планира извршување на завршната фаза на обновителна сеча, доколку се врши на површина поголема три или повеќе пати од површината со која е дефинирана овој вид на сеча според одредбите од овој закон;

2) деградација на шумските насади од повисока во понизок тип на шума ако се врши на површина поголема три пати од површината со која се дефинира сеча со голем интензитет според одредбите од овој закон;

3) деградација на локации во шума преку штетни шумски активности кои ја интензивираат ерозијата, го нарушуваат водниот режим и другите шумски функции доколку се врши на површина десет пати поголема од минималната површина со која се дефинира шумско земјиште во согласност со овој закон.

## Забрана за штетни активности во шума кои се во помал обем од пустошење и деградација

### Член 20

(1) Покрај забраните од членовите 18 и 19 од овој закон, се забрануваат и другите активности во шума кои се во помал обем и не се спаѓаат во интензитет на пустошење или деградација на шумите.

(2) Активностите и нивниот интензитет од ставот (1) на овој член опфаќаат:

1) промена на намената на шумата или шумското земјиште и копачење на шума спротивно на одредбите од овој закон, доколку се врши на површина помала од површината од членот 18 став (3) од овој закон;

2) вршење на чиста сеча спротивно на одредбите на овој закон, ако се врши на површина помала од површината од членот 18 став (4) од овој закон;

3) вршење на сеча со голем интензитет, освен во случаи кога сечата е планирана за извршување на завршната фаза на обновителна сеча, ако се врши на површина помала од површината од членот 18 став (2), точка (4) од овој закон;

4) вршење на друга сеча со голем интензитет, ако се врши на површина помала од површината од членот 19 став (2) точка (1) од овој закон;

5) отстранување на жива кора од дрвото, освен за потребите на нега на шумите, доколку се врши на површина помала од површината од членот 18 став (5) од на овој закон;

6) неконтролирано палење шуми, доколку се врши на површина помала од површината наведена во членот 18 став (6) од овој закон и

7)  вршење на други дејства во шума со кои се засилува ерозијата, се нарушува режимот на вода и другите шумски функции, на површина помала од онаа утврдена во членот 19 став (2) точка (3) од овој закон.

## Забрана за други штетни активности во шума

### Член 21

(1) Се забрануваат следните активности во шума:

1) оштетување и уништување на млади дрвја во шума или на садници;

2) намерно намалување на количеството или уништување на други шумски производи;

3) кастрење на дрвја за лисничарење доколку не е предвидено во планските документи;

4) смоларење доколку не е предвидено во планските документи;

5) оштетување или уништување на знаци во шума и

6)  други работи определени со овој закон.

(2) Без претходна согласност од сопственикот  на шумата или субјектот кој стопанисува/управува со шумата и  шумското земјиште се забранува:

1) изградба на времени објекти, вклучително и  планинарски патеки, велосипедски патеки, пешачки патеки, трим патеки и патеки за посебни намени;

2) поставување на информативни табли, огради и шатори;

3) кампување;

4) организација на големи собири;

5) движење на моторни возила надвор од патиштата, освен за службени потреби;

6) движење во затворени или забранети области, патишта и опитни површини;

7) движење во области во кои се одвиваат шумски активности (како што се сеча, пошумување, изградба на патишта, лов и други) и

8) други работи определени со овој закон.

## Ограничување на чисти сечи

### Член 22

(1) Со цел да се превенира долгорочно отстранување на шумскиот покров и следствено на тоа зголемување на емисии на јаглерод кои придонесуваат кон климатски промени, спроведувањето на чисти сечи на големи површини се ограничува во сите шуми, освен во случај на рехабилитација на оштетени или деградирани шуми и во случаи на директна конверзија на нискостеблени шуми и шикари со мала дрвна резерва, мал прираст и со слаб квалитет, во повисока форма на

одгледување ,под услов чистата сеча да е предвидена во програми за рехабилитација на шумите или во соодветен плански документ за стопанисување со шумите.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, чистата сеча како мерка за обнова на шумата во случај каде нема обнова од семе или истата не се очекува во разумен период, може да се спроведе како обновителна мерка на помала површина доколку истата е предвидена со соодветен плански документ за стопанисување со шумите.

(3) По исклучок од став (1) на овој член ограничувањето на чиста сеча во заштитните шуми и во шумите во рамките на заштитените подрачја не се применува во случај на спроведување на неопходни санитарни шумски мерки и обновува на оштетени шуми.

(4) Деталните услови и ограничувања за планирање на чисти сечи од ставовите (1) и (2) на овој член, дефинирањето на големината на површина и степен на оштетеност на шумите од ставовите (1) и (3) на овој член, периодот кој се смета за разумен и други критериуми од ставот (1) на овој член ќе ги пропише директорот на Агенцијата за шуми, земајќи ги во предвид дрвните видови, карактеристиките на шумскиот насад и место растењето, важноста на шумските функции или екосистемски услуги, вклучително и биолошката разновидност и зачувување на пејсажните вредности.

## 2. Ограничувања на активности во шума

### Копачење и трајна пренамена на шума

### Член 23

(1) По исклучок на одредбите од членовите 18 и 20 од овој закон, копачење и пренамена на шума во градежно неизградено земјиште (во понатамошниот текст: копачење и трајна пренамена на шума) може да се врши во неочувани нискостеблени шуми, деградирани шуми, шикари, шибјаци, псеудомакии, голини во шума, ветрозаштитни појаси и група на стебла над 0,5 ha кои се наоѓаат во и надвор од шумските комплекси заради потребата од спроведување на документите од областа на урбанистичкото планирање

(2) Освен во шумите од ставот (1) на овој член, копачење и трајна пренамена на шума може да се врши и на очувани нискостеблени и високостеблени шуми, во исклучителни случаеви наменети за:

- спроведување на планските документи утврдени во согласност со овој закон,
- градби за санација на свлечишта и ерозивни терени,
- изградба на објекти за одбрана на државата и градби за потребите на граничните премини,
- изградба на објекти за заштита и спасување на луѓе и материјални добра од елементарни непогоди и
- изградба на градби од стратешки интерес како што се изградба на нуклеарни електрани, термоцентрали, брани со акумулации, хидроцентрали и градби за производство на електрична енергија од други обновливи извори на енергија со капацитет од и над 5 MB далноводи, нафтоводи, продуктоводи, магистрални гасоводи, државни патишта со придружно услужни објекти утврдени со закон, ски центри, железнички пруги, како и други градби од јавен интерес кои се реализираат како стратешки инвестициони проекти или проекти од стратешко национално

значење утврдени со закон.

## Постапка за копачење и трајна пренамена на шума

## Член 24

(1) При планирање на копачење и трајна пренамена на шума за потребите од членот 23 став (1) од овој закон, органот надлежен за донесување на документи за урбанистичко планирање, преку информацискиот систем е-урбанизам или во хартиена форма поднесува барање до Агенција за шуми, за добивање на податоци, информации за шумата вклучена во предлог планскиот опфат.
(2) Агенција за шуми во рок од 15 дена од приемот на барањето од ставот (1) на овој член, доставува податоци и информации за видот, квалитетот и намената на шумата која се наоѓа на површината на планскиот опфат, како и мислење од аспект на шумарството за предлог планскиот опфат.

(3) Доколку Агенцијата за шуми утврди дека донесувањето на предлог планскиот опфат од ставот (1) на овој член, може да причини штети од поголеми размери кон природата и/или околното населено место (опасност од лизгање на земјиштето, уништување на водни тела, како и други опасности кои може да причинат евентуални катастрофи), може да издава негативно мислење со укажување за изменување на планскиот опфат.

(3) Барателот од ставот (1) на овој член, е должен да се усогласи со мислењето и укажувањето на Агенцијата за шуми од ставот (3) на овој член и да достави барање на дополнително мислење со приложена следна документација:

- извод од просторен план и решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина или решение за услови за планирање на просторот,
- планска програма изработена согласно со Законот за урбанистичко планирање или геодетски елаборат со нумерички податоци изработен од овластен геодет во случај кога со планскиот опфат се зафаќа дел од катастарска парцела на шума и шумско земјиште,
- список на индикации за катастарските парцели и вкупна површина на шуми во планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности,
- дигитален катастарски план со векторски формат на запис за планскиот опфат,
- дигитален формат на координати на прекршните точки за планскиот опфат,
- изјава на согласност за покривање на евентуална направена штета на шума надвор од планскиот опфат за трајна пренамена и копачење на шума и шумско земјиште,
- административна такса.
- проценка за висината на вредноста на шумата и шумското земјиште која се предмет на копачење и трајна пренамена, изработен од овластен проценител или вештак од областа на шумарството или Бирото за судски вештачења,

(4) Агенција за шуми во рок од 30 дена од приемот на барањето од став (3) на овој член, доставува мислење, со укажување на потребата од плаќање на надоместок за копачење и трајна пренамена на шума.

(5) Пред донесувањето на урбанистичкиот план, барателот од ставот (1) на овој член, со прилог доказ за платен надоместок за копачење и трајна пренамена на шума, поднесува барање до Агенција за шуми за добивање на позитивно мислење копачење и трајна пренамена на шума.
(6) Агенција за шуми во рок од осум дена од приемот на барањето од ставот (5) на овој член, донесува позитивно мислење за копачење и трајна пренамена на шума.
(7) Позитивно мислење за копачење и трајна пренамена на шума од ставот (6) на овој член служи како основ за запишување на промена на културата на катастарската парцела во Агенција за катастар на недвижности.
(8) Трошоците за изготвување на проценката од став (3) алинеа 8 на овој член се на товар на барателот или инвеститорот.

(9) Формата и содржината на барањата од ставовите (1) и (5) од овој член ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

**Копачење и трајна пренамена на приватна шума**

**Член 25**

(1) Доколку со планскиот опфат од членот 24 став (1) на овој закон е опфатено земјиште во приватна сопственост, органот надлежен за донесување на документот за урбанистичко планирање е должен да достави и доказ од сопственикот на приватниот имот дека се согласува за копачење и пренамена на неговиот имот.

(2) Во случај кога со Проект за експропријација е опфатено земјиште во приватна сопственост одредбата на ставот (1) на овој член не се применува, односно Агенција за шуми го известува барателот да се обрати до сопственикот на приватниот имот за меѓусебно да се договорот за висината на надоместокот за копачење и трајна пренамена на приватна шума.

**Надомест за копачење и трајна пренамена на шума**

**Член 26**

(1) За копачење и трајна пренамена на шума од членот 24 од овој закон, се плаќа надомест кој ќе се користи за пошумување, изгубена дрвна маса, изгубен прираст и општокорисни функции на шумата.

(2) Во зависност од видот, намената, квалитетот и возраста на шумата опфатена со постапката за копачење и трајна пренамена на шума од член 24 од овој закон, се утврдуваат следните категории или критериуми за определување на висина на надомест:

- за неочувани нискостеблени шуми, деградирани шуми, шикари и на голини во шума се плаќа надомест во висина од вредноста на пошумување на иста површина колку што изнесува површината која е предвидена за копачење и трајна пренамена,

- за очувани нискостеблени шуми и вештачки подигнати култури (до 20 годишна возраст), се плаќа надомест во висина од вредноста на пошумување на два пати поголема површина од површината која е предвидена за копачење и трајна пренамена и
- за високостеблени шуми, вештачки подигнати насади (над 20 годишна возраст), се плаќа надомест во висина од вредноста на пошумување на три пати поголема површина од површината која е предвидена за копачење и трајна пренамена.

(3) Без платен надомест за копачење и трајна пренамена на шума од ставот (1) на овој член не може да се издаде позитивно мислење за копачење и трајна пренамена на шума.

(4) Надоместот за копачење и трајна пренамена на шума се плаќа на посебна сметка на Агенцијата за шуми како и на посебна сметка на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми и се користи наменски за пошумувања, мерки за репродукција на шумите и одржување на шумските функции или екосистемски услуги во согласност со овој закон.

(5) Поблиските критериуми за определување на висината на надоместокот за копачење и трајна пренамена на шума и начинот на распределба ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

**Право на стварна службеност во шума и шумско земјиште во државна сопственост**

**Член 27**

(1) Во шума и шумско земјиште во државна сопственост може да се стекне право на стварна службеност со одлука на Агенција за шуми согласно на овој закон и Законот за сопственост и други стварни права.

(2) Право на стварна службеност во сите шуми и шумско земјиште во државна сопственост може да се стекне на трасата за изградба на водоводни системи, канализациски инсталации, гасоводи, електрични водови и пристапни патишта за спроведување на документите од просторно планирање односно урбанистичките планови и урбанистичките проекти.

(3) Право на стварна службеност може да се стекне и, на неочувани нискостеблени шуми, деградирани шуми, шикари, шибјаци, псеудомакии и на голини во шума, ветрозаштитни појаси, група на стебла над 0,5 ћа кои се наоѓаат во и надвор од шумските комплекси за вршење на спортско-рекреативни активности, поставување на рекламни табли, премин со запрежна кола и моторно возило, премин за добиток, премин за подигнување на повеќегодишни насади, оградување на простор за одгледување, размножување и заштита на дивечот (размножувалиште), како и оградување на простор за интензивно одгледување и застрел на дивеч утврден со закон.

(4) Правото на стварна службеност од ставовите (2) и (3) на овој член може да биде времено или трајно.

(5) Имателот на правото на стварна службеност не смее да превземе никакви вонредни активности и дејности со кое може да причини штета на шумата и шумското земјиште до и околу површината на земјиштето за кое поседува право на стварна службеност.

(6) За евентуални утврдени штети од ставот (5) на овој член, се применуваат одредбите од членот 75 од овој закон.

**Постапка за воспоставување на право на стварна служебност во шума и шумско земјиште во државна сопственост**

**Член 28**

(1) За стекнување на правото на стварна служебност од членот 27 став (2) од овој закон барателот треба да достави барање до Агенцијата за шуми во хартиена форма или може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги, со следните документи:
- имотен лист;
-геодетски елаборат со нумерички податоци изготвен од овластен геодет и
- согласност со определен временски рок на траење на правото на стварна служебност издадено од субјектот кој стопанисува/управува со шумата во државна сопственост.
(2) За стекнување на правото на стварна служебност од членот 27 став (3) од овој закон барателот треба да достави барање до Агенцијата за шуми во хартиена форма или може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги, со следните документи:
- имотен лист;
- скица на катастарска парцела и
- согласност со определен временски рок на траење на правото на стварна служебност издадено од субјектот кој стопанисува/управува со шумата во државна сопственост.

(

Овластеното службено лице од Агенцијата за шуми кое ја води постапката по доставените барања од ставовите (1) и (2) на овој член, по службена должност го прибавува доказот од ставот (1) алинеја 1 и ставот (2) алинеја 1 на овој член од надлежниот јавен орган во рок од три работни дена од денот на приемот на барањета од ставовите (1) и (2) на овој член, преку Националната платформа за интероперабилност.
(4) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (3) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член, преку Националната платформа за интероперабилност.
(5). Агенција за шуми во рок од 30 дена од приемот на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член, донесува решение за стекнување на право на стварна служебност или решение за одбивање на барањето. Решението за стекнување на право на стварна служебност или решение за одбивање на барањето., може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до

профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификована електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги
(6) Против решението од ставот (5) на овој член, во рок од 15 дена од приемот на решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(7) Жалбата од став (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(8) Трошокот за стварна службеност на шума и шумско земјиште во државна сопственост се плаќа на посебна сметка на Агенцијата за шуми.
(9) Висината на трошокот од став (8) на овој член се определува врз основа на реално направените трошоци кои настануваат како резултат на постапката за остварување на правото за стварна службеност.
(9) Формата и содржината на барањата од ставовите (1) и (2) од овој член, како и висината на трошокот за остварување на правото на стварна службеност ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

**Дозволување на привремен пристап до туѓа шума**

**Член 29**

(1) Сопственикот/корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен пристап преку своето земјиште до туѓа шума заради дотур или превоз на шумски дрвни производи, како и за привремено сместување на производи на негово земјиште во случај да не постои друга рационална можност.

(2) Потенцијалниот корисник на привремен пристап е должен на сопственикот на земјиштето да му плати надомест за дозвола на пристап во согласност со прописите од областа на облигациони односи.

**Детални геолошки истражувања и експлоатација на минерали суровини во шума**

**Член 30**

(1) Во шума може да се вршат детални геолошки истражувања и/или експлоатација на минерални суровини од страна на концесионери кои имаат склучен договор за концесија со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата
(2) За вршење на геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, органот на државната управа надлежен за работите од областа на економија е должен да поднесе барање на

мислење до Агенцијата за шуми преку Националната платформа за интероперабилност со приложена следна документација:

- список на индикации за катастарските парцели и вкупна површина на шуми во планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности,
- дигитален катастарски план со векторски формат на запис за планскиот опфат и
- дигитален формат на координати на прекршните точки за планскиот опфат.

(3) Агенцијата за шуми е должна во рок од 15 дена од денот на доставеното барање од ставот (2) на овој член да издаде мислење и да го дотави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на економија преку Националната платформа за интероперабилност.

(4) Деталните геолошки истражувања односно експлоатација на минерални суровини за користење на земјиштето со површински коп, може да се врши во неочувани нискостеблени шуми, деградирани шуми, шикари, шибјаци, псеудомакии, голини во шума, ветрозаштитни појаси и група на стебла над 0,5 ha кои се наоѓаат во и надвор од шумските комплекси.

(5) За вршење на експлоатација на минерални суровини на шума и шумско земјиште, концесионерот е должен да плати надомест за пошумување, изгубена дрвна маса, изгубен прираст и општокорисни функции на шумата, во висина која се утврдува согласно прописот од член 26 став (5) од овој закон на посебна сметка на Агенцијата за шуми и наменски се користи за пошумување, репродукција на шумите и одржување на еколошките и социјалните шумски функции или екосистемските услуги во согласност со овој закон.

(6) Надоместок за штета причинета од геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини се плаќа согласно одредбите на член 75 од овој закон.

(7) По завршувањето на работите на експлоатација, концесионерот е должен да ја рекултивира површината које била предмет на експлоатација со шумски видови на дрвја.

(8) Формата и содржината на барањето како и потребната документација од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

## III.ПЛАНИРАЊЕ ВО ШУМАРСТВОТО

### Стратегија за одржлив развој на шумарството

### Член 31

(1) Националната шумарска политика во Република Северна Македонија се остварува преку Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Северна Македонија (во натамошниот текст:  Стратегија за шумарство).

(2) Стратегијата за шумарство е стратешки плански документ кој е усогласен со Просторниот план на Република Северна Македонија и другите национални и европски стратегии поврзани со шумите. (3) Со Стратегијата за шумарство се уредува проширувањето на квалитетот и заштитата на шумскиот фонд, мултифункционално стопанисување со шумите и одржлив развој на шумарството, зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во

квалитетот на животот во руралните области, зголемување на јавните и социјалните функции на шумите и шумарството преку заедничка стратегија за развој, со севкупна валоризација на нејзините општокорисни функции и социјални функции и зголемување на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите.

(4) Стратегијата за шумарство ја донесува Владата за период од 20 години на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, а ја изработува Агенцијата за шуми.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството го следи спроведувањето на Стратегијата за шумарство за да се оцени нејзината имплементација, со учество на клучните чинители.Доколку резултатите од евалуацијата покажат потреба од значителна промена, Стратегијата за шумарство соодветно се ревидира.

**Национална програма за шумарство**

**Член 32**

(1) Националната програма за шумарство е краткорочен стратешки плански документ со кој се спроведуваат Стратегијата за шумарство и соодветните одредби од овој закон.

(2) Националната програма за шумарство ја планира реализацијата на неопходните шумски активности и мерки во форма на акционен план за одреден период.

(3) Националната програма за шумарство ја донесува Владата за период од четири години на предлог на органот  на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, а ја изработува Агенцијата за шуми.

(4) Националната програма за шумарство особено содржи:

- оцена на состојбата;

- цели и насоки за заштита на шумите и шумското земјиште;

- задачи и мерки за постигнување на целите на управувањето со шумите и шумското земјиште;

- инвестиции во шумите и шумското земјиште;

- оцена на очекуваните ефекти и потребните јавни финансиски средства за постигнување на целите;

- мерки за заштита на шумите и шумското земјиште согласно со прописите за заштита на природата и

- носители на одделни задачи.

(5) Спроведувањето на Националната програма за шумарство се реализира преку соодветни годишни програми на Агенцијата за шуми во согласност со закон..

(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството го следи спроведувањето на Националната програма за шумарство  за да се оцени  нејзината имплеметација, со учество на клучните чинители.Доколку резултатите од евалуацијата покажат потреба од значителни промени, Националната програма за шумарство соодветно се ревидира.

**Национален план за одржлив развој на шумите во Република Северна Македонија**

**Член 33**

(1) За постигнување на координирано одржливо стопанисување и развој на шумите, без разлика на нивната сопственост и намена, врз основа на имплементација на заеднички стандарди за одржливо стопанисување со шумите се донесува Национален план за одржлив развој на шумите во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Национален план) со важност од 20 години.

(2) Националниот план го донесува Собранието на Република Северна Македонија во согласност со Просторниот план на Република Северна Македонија.

(3) Агенцијата за шуми го изготвува Националниот план и го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумартвото.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумартвото Националниот план го доставува до Владата за усвојување, а Владата го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за донесување.

(5) Националниот план се изработува во две фази и тоа нацрт и предлог.

(6) Владата донесува одлука за ставање на Нацрт Националниот план на јавен увид, која се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија".

(7) Нацртот на Националниот план се става на јавен увид најмалку 60 дена од денот на објавувањето на одлуката од ставот (6) на овој член.

(8) Стручната расправа по нацртот на Националниот план ја организира органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(9) Врз основа на мислењата дадени од стручната расправа по нацртот на Националниот план се изготвува предлог на Националниот план, кој се доставува на усвојување на Владата.

(10) Финансиските средствата за изработка и рецензија на Националниот план се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку Националната програма за шумарството.

(11) Националниот план може да се изменува и дополнува во текот на неговата примена врз основа на научно-истражувачките сознанија, изменетите природни услови и потреби и други поводи за унапредување на Националниот план.

(12) Изменувањето и дополнувањето на Националниот план, во согласност со ставот (11) од овој член го врши Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Владата.

(13) Националниот план содржи и релевантни содржини на регионално ниво.

(14) Националниот план особено ја прикажува состојбата на шумите и шумските функции или екосистемски услуги без оглед на сопственоста и намената на шумите, просторните и еколошките

аспекти на шумите и главните цели, насоки и мерки за заштита, зачувување и подобрување на шумите и нивните функции по главни видови на шуми и шумски региони.

(15) Спроведувањето на Националниот план се врши од страна на Агенцијата за шуми и субјектите надлежни за стопанисување со шумите,

(16) Мониторинг за спроведувањето на Националниот план го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

## Национална инвентаризација на шумите

### Член 34

(1) За целите на  стратешко планирање во шумарството, следење и донесување одлуки на шумарството, национална инвентаризација на шумите се спроведува на секои 15 години на основа на циклуси од пет години, односно опфаќа 20% од шумската површина по година.

(2) Националната инвентаризација на шумите ја спроведува Агенцијата за шуми врз основа на методологија за спроведување на инветаризација, под техничка и стручна поддршка од Шумарскиот институт.

(3) Податоците од Националната инвентаризација на шумите се чуваат во единствената база на податоци во Агенцијата за шуми, како дел од интегрираниот шумски информациски систем.

(4) Методологијата за спроведување на националната инвентаризација на шумите ја пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

(5) Националната инвентаризација на шумите се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија преку годишната програма за работа на Агенцијата за шуми.

## Национален совет за шумарство

### Член 35

(1) Заради следење на спроведување на Стратегијата за шумарство, Националната програма за шумарство, Националниот план за оддржлив развој на шумите и ефективна примена на одредбите на овој закон,се основа Национален совет за шумарство (во натамошниот текст: Совет) како советодавно тело на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Советот е составен од претседател и десет члена кои ги именува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по функција е претседател на Советот.

(4) Во Советот се именуваат членови согласно со следнава структура:

1) еден претставник од Секторот за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - дипломиран шумарски инженер - отсек шумарство со пет години работно искуство во шумарството;

2) еден претставник од Државниот инспекторат за шумарство и ловство - дипломиран шумарски инженер - отсек шумарство со пет години работно искуство во шумарството;

3) еден претставник од субјектот кој стопанисува со државните шуми - дипломиран шумарски инженер - отсек шумарство со пет години работно искуство во шумарството;

4) еден претставник од истакнати стручни и научни работници од областа на шумарството;

5) еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата;

6) еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на законодавството;

7) еден претставник од Заедницата на единиците на локалната самоуправа;

8) еден претставник од сопственици на приватни шуми;

9) еден претставник од Министерството за одбрана и

10) еден претставник од Центарот за управување со кризи.

(5) Членовите на Советот се именуваат за период од четири години и можат повторно да бидат именувани.

(3) Начинот на своето работење Советот го уредува со деловник за работа.

(4) Средствата за вршење на работите на Советот се обезбедуваат од Националната програма за шумарство.

## Шумскостопанска единица

## Член 36

(1) Шумскостопанска единица претставува основна единици за планирање.
(2) Шумскостопанска единица е природна и стопанска целина утврдена според орографските и хидрографските карактеристики, сообраќајниците и други природни и економски услови за управување и стопанисување со шумите и шумската инфраструктура.
(3) Шумскостопанската единица е составена од оддели и пododдели.
(4) Шумскостопанската единица опфаќа шуми на еден сопственик или корисник со површина од 100 до 10.000 ха.
(5) По исклучок од ставот (4) на овој член шумскостопанска единица може да се формира и од шуми на повеќе сопственици, доколку секој поединечно поседува повеќе од 100 ха шума и друго шумско земјиште и истите се наоѓаат на ниво на една или помеѓу себе се граничатво најмногу четири соседни катастарски општини.
(6) Во исклучителни случаи површината на шумскостопанската единица може да изнесува и над 10.000 ха, ако истата не може да претставува посебна географска целина, но не повеќе од 15% од површината утврдена во ставот (4) од овој член.

## Плански документи

### Член 37

(1) Стопанисувањето со шумите и друго шумското земјиште се заснова на Националниот план за одржлив развој на шумите, а се остварува во согласност со следните плански документи:

1) План за стопанисување со шумите за шумско стопанска единица во стопанска шума, заштитна шума и шума со посебна намена (во натамошниот текст: План за стопанисување);

2) План за управување со шумите во заштитено подрачје за шумско стопанска единица (во натамошниот текст: План за управување);

3) План за стопанисување со шума на мали површини и

4) План за извршување на шумски активности.

(2) Сопствениците на приватни шуми со површина до 10 ха, стопанисувањето со шумите го водат на Евидентен картон за поединечни парцели на шума во приватна сопственост.

(3) Планските документи од став (1) од овој член се изготвуваат за период од десет години.

## План за стопанисување

### Член 38

(1) Стопанисувањето со шума и друго шумско земјиште на површина на една шумскостопанска единица се врши согласно донесен План за стопанисување или друг вид на плански документ утврден со овој закон**.**

(2) Планот за стопанисување се заснова на детален премер на шумата и мапирање на шумските функции во рамките на шумско стопанската единица.

(3) Планот за стопанисување особено вклучува опис на општата состојба на шумите и шумските функции, ги анализира спроведените мерки на стопанисување во минатото и одржливоста на стопанисувањето, ги утврдува индивидуалните планови за мерките и начинот на нивното спроведување како и монетарната -финансиска вредност на шумите и другото шумско земјиште.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ја пропишува формата и содржината на Планот за стопанисување.

План за управување

Член 39

(1) За да се обезбеди поволен статус на зачуваност на шумските типови на хабитати и екосистеми во заштитените подрачја, се изработува План за управување.

(2) Планот за управување се заснова на детален премер на шумите и картирање на функциите на шумите во рамките на шумскостопанската единица.

(3) Планот за управување ги опфаќа особено шумските мерки за заштита, зачувување, обнова и блиску до природата начин на управување со шумски типови хабитати и нивните екосистемски услуги.

(5) Освен со одредбите и прописите од овој закон, Планот за управување се изработува и во согласност со Законот за заштита на природата и актите за прогласување на заштитените подрачја.

(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и просторно планирање, ги пропишува формата и содржината на Планот за управување.

(7) Содржината на Планот за управување, вклучувајќи ги целите, насоките и мерките по шумскостопански единици,како и типовите на шумски живеалишта соодветно се вградува во програмата за управување со шумски живеалишта и екосистеми во заштитените подрачја што е дел од Планот за управување со заштитеното подрачје.

## План за стопанисување со шуми на мали површини

### Член 40

(1) Со шума и друго шумско земјиште во државна сопственост и приватна сопственост кои зафаќаат површина од 10 до 100 хектари, во рамките на една катастарска општина, се стопанисува врз основа на донесен План за стопанисување со шуми на мали површини.

(2) Во Планот за стопанисување со шуми на мали површини мерките и активностите се предвидуваат во согласност со намената и функцијата на шумата.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ќе ги пропише формата и содржината на Планот за стопанисување со шуми на мали површини.

## План за извршување на шумски активности

### Член 41

(1) За квалитетно, ефикасно и одржливо извршување на активностите и работите во шума и на другото шумско земјиште за кои се донесени планови за стопанисување, се подготвува план за извршување на шумски активности (во натамошниот текст: Изведбен план), како и во случај на шуми и други шумски површини (поголеми од 100 хектари) за кои не се донесени планови за стопанисување, под услов да има потреба од одредени шумски активности и мерки (како што се производство на шумска биомаса или огревно дрво, санитарна сеча или обнова на овие шуми) пред да се изработат планови за стопанисување, како и за извршување на активности на друго земјиште (како што е за пошумување).

(2) Изведбениот план особено вклучува детално планирање на активности и мерки како одгледување, заштита, зачувување и користење на шумите, вклучително и технички, технолошки и економски аспекти за извршување на работите, како и рокот за извршување на овие работи.

(3) Изведбениот план се изрготвува од страна на субјектите кои стопанисуваат со шумите.

(4) Доколку изведбениот план не е донесен, не може да се спроведува користење на шумите.

(5) Формата и  содржината на Изведбениот план ги пропишува министерот кој раководи со  органот на државна управа надлежен за работите од областа на шумарството.

### Евидентен картон за поединечни парцели шума во приватна сопственост

### Член 42

(1) Сопствениците на приватни шуми со  површина до 10 ха стопанисуваат со шумите и другото шумско земјиште  според критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост од став (2) на овој член

(2) Критериуми за стопанисување со шумите во привтатна сопственост до 10 ха се формата на одгледување, квалитетот на насадите, претходно извршени работи, обемот и видот на сечата и роковите за извршување на работите за одржување и унапредување на шумата.

(3) Сопствениците на приватни шуми, роковите за извршување на работите за одржување и унапредување на шумата и начинот на водење на евиденцијата ги внесуваат во посебен образец – Евидентен  картон.

(4) Евидентен  картон за секоја парцела посебно се изготвува од страна на Агенцијата за шуми.

(5) Поблиските критериуми за стопанисување со шумите во привтатна сопственост и формата и содржината на Евидентниот картон ги пропишува министерот кој раководи со  органот на државна управа надлежен за работите од областа на шумарството.

### Услуга за изработка на плански документи

### Член 43

(1) Изготвувањето на планските документи од член 37 став (1)  на овој закон за стопанисувањето со шумите и друго шумското земјиште е на товар на сопствениците на државните и сопствениците односно корисниците на приватни шуми, а го врши Агенцијата за шуми.

(2) Надоместокот за услугата за изработка на плански документи, изнесува од 1 до 15 евра по хектар за период од десет години, во зависност од видот на шумата и условите и интензитетот на стопанисување со шумите.

(3) Надоместокот за давање на услуги за планирање на стопанисувањето се плаќа на посебна сметка на Агенцијата за шуми и се користи за вршење на овие услуги.

(4) Директорот на Агенцијата за шуми донесува ценовник за висината за изработка, изменување и дополнување на плански доументи, согласно став (1) на овој член, по претходно добиена согласност од Владата.

(5) За изработка на плански документи, Агенцијата за шуми може да ангажира и надворешни експерти со најмалку пет години работно искуство во областа на изработка на планските документи.

### Изменување и дополнување на Планските документи

### Член 44

(1) Ако во текот на спроведување на планските документи од членовите 38, 39 и 40 од овој закон се утврдат битни недостатоци или се променат состојбите врз кои истите се засновани, сопственикот односно корисникот на шумата е должен да изврши изменување и дополнување на планскиот документ.

(2) По започнувањето на постапката за изменување и дополнување на планскиот документ од ставот (1) на овој член,во одделот кој е предмет на изменување и дополнување се стопираат сите предвидени мерки и активности.

(3) Во случај кога се работи за променета состојба на повеќе од 40% од површината на шумскостопанската единица врз кој е заснован планскиот документ, со решение на директорот на Агенцијата за шуми се стопираат сите мерки и активности во целата шумскостопанска единица.

(4) Постапката за изменување и дополнување на планскиот документ може да ја покрене Агенцијата за шуми, сопственикот или субјектот кој стопанисува со шумата.

(5) Во случај кога постапката за изменување и дополнување се покренува од страна на субјект кој не е наведен во ставот (4) на овој член, средствата за изменување и дополнување на планскиот документ се на товар на субјектот кој ја покренува постапката.

### Постапка за одобрување на планските документи

### Член 45

(1) Планските документи од членовите 38, 39 и 40 од овој закон, се доставуваат за согласност до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството најдоцна шест месеци пред истекот на важноста на периодот за кој претходно се одобрени, а измените и дополнувањата на планските документи се доставуваат во рок од 15 дена од извршената измена од страна на Агенцијата за шуми.

(2) За издавање на согласноста од ставот (1) од овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството составува пет члена Стручна комисија за рецензија на плански документи од ставот (1) на овој член (во натамошниот текст: стручна комисија), која се состои од дипломирани шумарски инженери од шумарска насока, со најмалку десет години работно искуство во областа на шумарството. На членовите на стручната комисија им следува надоместок за извршената работа.

(3) Стручната комисија во рок од 30 дена од денот на доставениот плански докумен врши рецензија и усогласување на изработениот плански документ со одредбите и прописите од областа на шумарството, и изготвува предлог за согласност на планскиот документ кој го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(4) Во рок од 30 дена од денот на добивањето на предлогот од стручната комисијата и позитивното мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на одбраната за

превидени сечи и патишта, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството донесува решение за одобрувување на планскиот документ .

(5) Трошоците за рецензија на планските документи се на товар на сопственикот односно корисникот на шумата.

(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ја пропишува висината на надоместот за работа на членот на стручната комисија за извршена рецензија на плански документ, кој не може да биде повисок од 1/3 од просечната плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, за секој рецензиран план за стопанисување посебно, како и висината на трошоците за рецензија на планските документи.

### Стопанисување со шуми според одредби од претходните, до донесување на новите плански документи

### Член 46

(1) По истекот на важноста на планскиот документи од член 37 став (1) точки 1).2) и 3) од овој закон започнатите работи може да се довршат најкасно девет месеци по истекот на истиот.

(2) Започнатите работи од став (1) на овој член не може да се извршуваат доколку нема согласност од Агенцијата за шуми.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај на прогласена вонредна состојба, кризна состојба, пандемија и други непредвидени ситуации поради која Агенцијата за шуми не може да собира теренски податоци за изработка на плански документ, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството може да издаде согласност за продолжување на важноста на планските документи за најмногу од една година.

### Чување на планските документи

### Член 47

(1) Планските доументи од член 37 став (1) на овој закон се чуваат трајно кај субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите во државна сопственост (во хартиена и електронска форма), како и сопствениците на приватни шуми (во хартиена форма).

(2) Изведбените планови се чуваат од страна на субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост и сопствениците на приватни шуми за период од десет години.

(3) Евидентните картони се чуваат кај субјектите кои стопанисуваат со шумите во приватна сопственост за период од десет години во хартиена и трајно во електронска форма.

**Спроведување на планирани работи за одгледување на шумите**

**Член 48**

-(1) Работите на одгледување на шумите предвидени со планските документи за шумско стопанска единица, се извршуваат секоја година, по обем и квалитет сразмерно на искористениот сечив етат во претходната година, но не помалку од 50% од предвидените.

(2) Работите на одгледување од ставот (1) на овој член се однесуваат на целиот плански период.

**Јавни консултации**

**Член 49**

(1) Агенцијата за шуми е должна да обезбеди учество на засегнатите страни и пошироката јавност за консултации по однос предлогот на Стратегијата за одржлив развој на шумарството,предлогот на Националната програма за шумарство, предлогот на Националниот план за одржлив развој на шумите и предлозите за планови за стопанисување за државни шуми.

(2) Јавните консултации на предлог Стратегијата за одржлив развој на шумарството,предлог на Националната програма за шумарство и предлог на Националниот план за одржлив развој на шумите се со рок на траење од најмалку 30 дена, на основа на јавна достапност на документите.

(3) Јавните консултации на предлог плановите за стопанисување, за државни шуми, се со рок на траење од најмалку 30 дена, на основа на јавна достапност на извршното резиме на плановите.

(4) Процедурите за јавно учество и консултации од ставовите (2) и (3) на овој член поблиску ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

**Евиденција за извршените работи во шума**

**Член 50**

(1) Извршените работи на одгледување, заштита и користење на шумите се евидентираат од страна на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите, во плановите за стопанисување/управување најдоцна до 1 март во тековната за претходната година.

(2) Субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми имаат обврска евиденцијата да ја водат во хартиена и електронска форма и истата да ја пренесат на Агенцијата за шуми за нивно вклучување во интегрираниот шумски информациски систем.

**Јавна достапност на податоците од планските документи**

**Член 51**

(1) Јавна достапност на податоците од планските документи за државни шуми во форма на резиме обезбедува Агенцијата за шуми.

(2) За подготовка и издавање на барани целосни податоци од планските документи за државни шуми, барателот доставува барање до Агенцијата за шуми во хартиена или во електронска форма

со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3). Агенција за шуми во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член, донесува решение за издавање на целосни податоци од планските документи за државни шуми или решение за одбивање на барањето. Решението за издавање на целосни податоци од планските документи за државни шуми или решението за одбивање на барањето., може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификована електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги

(4) Против решението од ставот (3) на овој член, во рок од 15 дена од приемот на решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(5) Жалбата од став (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) За подготовка и издавање на барани целосни податоци од планските документи за државни шуми, барателот плаќа надомест за покривање на административните трошоци за нивна подготовка.

(7) Податоците од ставот (1) на овој член на барање на државните органи се издаваат без надоместок.

(8) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува формата и содржината на барањето од став (2) на овој член, начинот на користење на податоци и висината на надоместот за покривање на административните трошоци за издавање на целосни податоци од планските документи за државни шуми.

(9) Не се јавно достапни податоците од плановите за кои не е дадена согласност од страна на органот на државна управа надлежно за прашањата од областа на одбраната во смисол за нивна целосна или делумна достапност.

## IV. СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ

### 1. Системи за стопанисување со шумите

### Општи принципи на стопанисување со шумите

#### Член 52

Шумите се стопанисуваат одржливо и на начин блиску до природниот, имајќи го во предвид следното:

- Имплементација на планираните активности;
- Процес за мапирање на функциите на шумите;
- Мерки за заштита на шумите и
- Имплеметација за Интергираниот шумарски информативен систем.

**Стопанисување со шуми каде општокорисните функции се приоритет**

**Член 53**

(1) Со шуми во кои одржувањето на општокорисните функции е утврдено како приоритет, се стопанисува согласно со посебен начин на стопанисување според одредбите од плановите за стопанисување од овој закон.

(2 На плановите за стопанисување од овој закон, со кои се утврдува одржување на општокорисните функции како приоритет,а за кои не е одреден посебен начин на стопанисување, се применуваат одредбите на член 44 од овој закон.

(3) Средствата за спроведување на мерките од ставот (1) на овој член може да ги обезбеди Агенцијата за шуми, за субјектот кој стопанисува со шумите по чие барање се утврдени приоритетите за одредени општокорисни функции на шумите.

(4) Доколку не се обезбедат средства од ставот (3) на овој член, корисникот односно сопственикот на шумата не е должен да ги спроведува посебните мерки утврдени со овој член.

**Управување со шуми во заштитени и еколошки важни подрачја**

**Член 54**

(1) Шумите во зоната на прогласените заштитени подрачја во кои е дозволено одржливо користење се управуваат на начин блиску до природниот, особено врз основа на системи за стопанисување со континуирана покровност на шумата, со исклучување на чистите сечи и почитување на целите за зачувување на заштитените подрачја и типовите на шумски живеалишта, во согласност со плановите за управување.

(2) Во шумите во зоната на прогласените заштитени подрачја во кои е дозволено активно управување, се применуваат природни начини на обнова на шумите, вклучително и индиректна конверзија на нискостеблените шуми во високи шуми и рехабилитација на шумските екосистеми во согласност со плановите за управување.

(3) Со шумите во рамките на еколошки важните области се управува на начин близок до природниот врз основа на системи за управување со шуми од мал интензитет, со почитување на целите за зачувување на типовите шумски живеалишта, во согласност со плановите за управување.

## 2. Одгледување

### Одржување на семенски насади

### Член 55

(1) Одржувањето на семенските насади кои се наменети на селектиран репродуктивен материал се врши на начин со кој се обезбедува максимално производство на висококвалитетни семиња.

(2) Семенските насади ги одржуваат субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми и сопственици на приватни шуми врз основа на Програма за одржување на семенски насади што ја донесува и нејзината имплементација ја координира Агенцијата за шуми.

(3) Одредбите на програмата од ставот (2) од овој член треба да се вградени во Посебниот план за стопанисување/управување со шумите за шумско стопанска единица.

(4) Во семенските насади е забранета сеча на дрвја,освен за спроведување на мерки на нега за постигнување на оптимални услови за производство на семе од семенски дрвја.

(5) Програмата за одржување на семенските насади особено содржи:

- Местоположба;

- Површина;

- Граници;

- Опис на семенскиот насад (фенотипски и генотипски карактеристики);

- Форма на одгледување и мерки и

- Видови и рокови на извршување на работите како и нивно евидентирање.

(6) Доколку семенските дрвја се сериозно заразени со болести или нападнати од штетници, или постои друг ризик дрвјата да се исушат, оштетените или заболените дрвја задолжително се отстрануваат.

### Обврска на субјектите за извршување на одгледувачки работи

### Член 56

Субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите, особено ги извршуваат следните одгледувачки мерки и активности во шумите:

- природна обнова на шумите приспособена на видовите на дрвја, услови на месторастење и други фактори кои влијаат на обновата на шумите;

- следење насеменосењето и обновата, помагањена обноватасо воведување (сеење или садење) на дрвја од дрвни видови каде што недостасува природна регенерација;

- вештачка обнова (сеење или садење) на шуми каде нема обнова по сеча, по шумски пожари и копачење на шумите, како и на деградирани шуми со еколошко и социјално значење, давајќи им приоритет на автохтоните видови на дрвја;

- подобрување на шумите со високоприносни и квалитетни дрвни видови;

- работи на пошумување и повторно пошумување;

- нега на млади шуми;

- превенција од деградација на шумите и

- реконструкција на деградирани шуми и грмушки и претворање на нискостеблени шуми во средно и високостеблени шуми, земајќи ги предвид условите на месторастење и насадите, биолошките карактеристики на видовите дрвја, степенот на зачуваност или деградација и други фактори кои влијаат на обнова и конверзија на шумите.

**Обврска за извршување на вештачка обнова по редовна сеча**

**Член 57**

(1) Сопствениците на приватни шуми и субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите се должни да извршат вештачка обнова на шумските површини по извршување на (редовната) чиста или друг вид на сеча доколку нема појава на природна обнова или истата не може да се очекува во разумен рок, како и да извршат вештачка обнована шумските површини каде што природната обнова не успеала или да извршат вештачка обнова на површините каде што не успеало пошумувањето во рок што еутврден со плановивите за стопанисување и управување, плановите за стопанисување со шуми на мали површини или евидентниот картон.

(2) За извршените работи на вештачка обнова сопствениците на приватни шуми и субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите поднесуваат извештај до Агенцијата за шуми за одобрување.

(3) Агенцијата за шуми врз основа на доставениот извештај од став (2) на овој член врши теренски увид и за констатираниот наод од увидот составува записник.

(4) Доколку од извршениот увид со записникот се констатира несоодветност со доставениот извештај, сопствениците на приватни шуми и субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите се должни истиот соодветно да го ревидираат.

**Обврска за рехабилитација на девастирани и опожарени шуми**

**Член 58**

(1) Сопствениците на приватни шуми и субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите се должни да извршат рехабилитација на шумите (особено по пат на вештачка обнова) кои биле девастирани по пат на чиста сеча или други видови на сечи со силен интензитет, во рок кој не може да биде подолг од пет години, сметано од денот на настанување на девастацијата.

(2) Сопствениците на приватни шуми и субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите , со финансиска поддршка од Агенцијата за шуми, обезбедуваат рехабилитација (особено по пат на вештачка обнова) на шумите кои биле опожарени,во рок кој не може да биде подолг од пет години, сметано од денот на настанување на пожарот.

**Програма за рехабилитација на шумите**

**Член 59**

(1) Рехабилитацијата на опожарени и оштетени шуми од природни (биотски и абиотски) фактори се спроведува врз основа на Програма за рехабилитација на шумите која се подготвува после појава на пожари и природни непогоди од поголем обем за површини над 50 ha.

(2) Програмата од став (1) на овој член треба да ги вклучи оштетените шуми во државна и приватна сопственост, вклучително и обемот на мерките за обнова, пропорционално на постојната сопственичка структура на шумите.

(3) Програмата од став (1) на овој член ја донесува Владата, врз на основа на предлог на Агенцијата за шуми во соработка со субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите.

(4) Програмата од став (1) на овој член особено содржи :

- Местоположба;

- Површина;

- Степен и обем на оштетеност;

- Природна обнова;

- Форма и обем на одгледувачки мерки;

- Видови и рокови на извршување на работите како и нивно евидентирање и

- Финанскиски средства за реализирање на програмата.

(5) Програмата од став (1) на овој член се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија.

## 3. Заштита на шумите

### Редовни мерки за заштита на шумите

### Член 60

(1) Редовните мерки за заштита на шумите опфаќаат мерки и активности кои се спроведуваат со цел превентивна заштита на шумите од абиотски, биотски и антропогени фактори кои можат да предизвикаат штетни последици во шумата, како и мерки за одржување на здравјето и виталноста на шумите.

(2) Сопствениците на приватни шуми и субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите се должни:

а) да ја следат здравствената состојба на шумите и навремено да ја информираат Агенцијата за шуми за секоја нова појава која нанесува штета по шумите;

б) да преземаат редовни заштитни мерки пропорционални со површината под шума со која стопанисуваат и капацитетот кој го поседуваат, согласно планските документи и

в) да го обезбедат одржувањето или воведувањето на шумски ред откако сечата и дотурот ќе бидат завршени на пропишан начин.

(3) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува технички упатства за спроведување на работите од ставот (2) на овој член, видовите на заштитни мерки и начин на нивно применување,како и елементите и начинот на одржување и воведување на шумскиот ред.

### Вонредни мерки за заштита на шумите

### Член 61

(1) Во случај на појава на шумски штетници или болести од големи размери, директорот на Агенцијата за шуми определува посебни мерки за заштита на шумите, и тоа особено:

а) привремена забрана на планираната редовна сеча на погодената територија, освен сеча насочена кон отстранување на штетните последици;

б) сузбивање на штетници и болести или спречување на нивното ширење и

в) уништување на шумски репродуктивен материјал заразен со болести или нападнат од штетници.

(2) Спроведување на мерките од ставот (1) на овој член ги обезбедува Агенцијата за шуми во соработка со субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните и сопствениците на приватни шуми.

### Спроведување на санитарни мерки

### Член 62

(1) Субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите, сопствениците на приватни шуми и сопствениците на друго приватно земјиште, во случај кога на истото постојат загрозени или оштетени дрвја,должни се да спроведат санитарна сеча во рок од 30 дена од денот на востановување на загрозеноста, со цел да се спречи појава и ширење на растителни болести и пренамножување на штетници кои ја нарушуваат биотската рамнотежа во шумата и да се спречат други штети во шумите.

(2) Доколку субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите, сопствениците на приватни шуми и сопствениците на друго приватно земјиште не ги спроведат мерките од став (1) на овој член во определениот рок, Агенцијата за шуми ќе определи друг субјект кој во име и за сметка на субјектите кои стопанисуваат со шумите, сопствениците на приватни шуми и сопствениците на друго приватно земјиште ќе ги спроведе мерките.

(3) Во случај на постапувањето на Агенцијата за шуми според ставот (2) на овој член, се врши санитарна сеча и превентивна заштита, шумските дрвни сортименти се сечат, се дотураат надвор од шумата и се продаваат од страна на овластен извршител на шумски операции во име и за сметка на лицата од став (1) на овој член.

(4) Агенцијата за шуми за случајот од став (2) на овој член носи решение со кое се утврдуваат сите настанати трошоци и вредноста на продадените шумски дрвни сортименти.

(5) Против решението од ставот (3) на овој член, во рок од 15 дена од приемот на решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,при што жалбата против решението не го одложува неговото извршување.

(6) Жалбата од став (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Добиената вредност од продадените шумски дрвни сортименти се депонира на посебна сметка на Агенцијата за шуми и се пренесува на лицата од ставот (1) на овој член, по одбивање на трошоците за извршување (вклучувајќи сеча, изработка и спроведување на превентивни заштитни работи, транспорт и сите работи поврзани со складирање и продажба на дрвото).

(8) Доколку набавната вредност од ставот (7) на овој член не ги покрива сите реализирани трошоци, исплатата на разликата на овластениот извршител ја покрива Агенцијата за шуми и прави поврат на истата од лицата од ставот (1) на овој член.

(9) Доколку сопствениците на приватни шуми и сопствениците на друго приватно земјиште не се достапни за реализација на трансферот од ставот (7) на овој член во рок од една година, средствата остануваат на сметка на Агенцијата за шуми.

(10) Во случај да не се реализира трансферот од ставот (7) и измине рокот од ставот (9) од овој член со средствата добиени од продадените шумски дрвни сортименти, располага Агенцијата за шуми.

**Извештајно дијагнозно-прогнозна служба**

**Член 63**

(1) Агенцијата за шуми обезбедува спроведување на извештајно дијагнозно-прогнозни работи за заштита на шумите од шумски штетници и болести кои може да загрозат поголеми шумски површини.

(2) Агенцијата за шуми води евиденција, востановува и одржува постојана база на податоци за појава и динамиката на шумските болести и штетници како дел од интегрираниот шумски информативен систем.

(3) Работите на Извештајно дијагнозно-прогнозната служба, Агенцијата за шуми го доделува на Факултет за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг “Ханс Ем“ – Скопје врз основа на договор.

(4) Директорот на Агенцијата за шуми ја пропишува формата и содржината на базата на податоци и и начинот на вршење на работите на Извештајно дијагнозно-прогнозната служба.

**Заштита на загрозени и ретки видови на дрвја**

**Член 64**

(1) Забрането е собирање на семе, уништување на подмладок и сеча на стебла на загрозени и ретки видови на шумски дрвја на шумско земјиште настанати по природен пат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, по барање на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите или сопствениците на приватни шуми, сеча на загрозени и ретки видови на шумски дрвја на шумско земјиште може да се изврши во случај кога:
- дрвјата се физиолошки зрели или блиску до постигнување на истата;
- дрвјата се заболени или оштетени до степен кога се очекува да се исушат или постојат други причини поради кои им предстои непосредна опасност од сушење;
- сечата на дрвјата е неопходна поради изградба на објекти кои се во функција на стопанисување со шумата и ловството;
- собирање на семе е за производство на садници за генеративна обнова и за семенски генетски банки и
- се спроведува постапка за трајна пренамена на шума и друго земјиште одобрена во согласност со овој закон.

(3) Корисникот или сопственикот на шумата треба да достави барање до Агенцијата за шуми во хартиена форма или може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги

(4) Решението за одобрување за собирање на семе и сеча на загрозени и ретки видови на шумски дрвја на шумско земјиште го издава Агенцијата за шуми во рок од 30 дена од денот на поднесеното барање, по претходен извршен теренски увид. Решението за одобрување за собирање на семе и сеча на загрозени и ретки видови на шумски дрвја на шумско земјиште или решение за одбивање на барањето., може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификована електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член, во рок од 15 дена од приемот на решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Жалбата од став (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштита на животната средина и просторното планирање, го пропишуваат начинот на определување на загрозени и ретки видови на шумски дрвја на шумско земјиште по природен пат.

(8) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува формата и содржината на барањето од став (3) на овој член и формата и содржината на одобрението за собирање на семе и сеча на ретки видови на шумски дрвја на шумско земјиште.

**Напасување и желадење**

**Член 65**

(1) Забрането е напасување на добиток и желадење во шума.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член на определени површини може да се врши напасување на добиток, освен на кози и тоа на површини утврдени според одредбите од плановите за стопанисување во случај кога не се извршени мелиоративни мерки, во кои не е во тек природна или вештачка обнова и на друго шумско земјиште.

(3) Напасување на добиток и желадење во шума и на друго шумско земјиште може да се врши само под контрола на чувар на добитокот и со одобрение на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите или сопствениците на приватни шуми.

(4) Надоместокот за напасување на добиток и желадење во шума и шумско земјиште во државна сопственост се плаќа на корисникот на шумата.

(5) Условите под кои може да се врши испаша (времетраење, вид на стока, број на грла, висина на надоместок за напасување, определување на премини за добитокот и слично) и висината на надоместот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

**Одгледување на дивеч**

**Член 66**

Во шума може да се одгледува дивеч, под услови и во број кој не го доведува во прашање одгледувањето и обновувањето на шумата.

**Поставување на пчелни семејства**

**Член 67**

(1) Пчелни семејства може да се поставуваат на голини во шума во државна сопственост под услови со кои не се попречува стопанисувањето на шумите.

(2) По барање на сопственик на пчелни семејства, одобрение за поставување на пчелни семејства во шума може да издадат субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите или сопствениците на приватни шуми.

(3) По добиеното одобрение од субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите или сопствениците на приватни шуми, сопствениот на пчелните семејства е должен на површината на која се поставени пчелните семејства соодветно да ги обезбеди со ограда од времен карактер.

(4) По завршувањето на периодот на поставување на пчелни семејства, сопственикот на истите е должен површината која ја користел да ја врати во првобитна состојба.

(5) Локацијата, начинот на поставување, формата и содржината на барањето, како и формата и содржината на одобрението за поставување на пчелни семејства во шума и на шумско замјиште ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

**Национален и Годишен оперативен план за заштита од шумски пожари**

**Член 68**

(1) Со цел да се постигне безбедна, ефективна и координирана заштита од шумски пожари, како и спроведување на заеднички стандарди и оперативни постапки од страна на сите учесници во постапката за заштита од шумски пожари, Владата на предлог на Агенцијата за шуми донесува Национален план за заштита од шумски пожари за период од десет години.

(2) Планот од став (1) на овој член се ревидира во период од пет години по неговото донесување.

(3) Националниот план за заштита од шумски пожари особено ги содржи следниве елементи:

1) историјат и актуелна состојба со пожарите на отворен простор;

2) планирање на управувањето со пожари и ресурси;

3) мерки за едукација и подигнување на јавната свест за заштита од пожари;

4) превенција на пожари;

5) степен на опасност од пожари и систем за рано предупредување;

6) подготвителни мерки за заштита од пожари;

7) активности пред сезоната на пожари;

8) рано откривање, дојава и првичен одговор;

9) почетен напад, локализирање и гаснење на пожарот;

10) управување со горливиот материјал;

11) управување со опожарената површина и

12) субјекти вклучени во реализација на националниот план и активности кои треба да се преземаат и

13) посебни мерки за заштита на шумите од пожари.

(4) Планот од ставот (1) на овој член се координира од Агенцијата за шуми и го спроведуваат субјектите кои стопанисуваат\управуваат со шумите.

(5) Врз основа на Националниот план од став (1) на овој член субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите, сопствениците на приватни шуми и сопствениците на друго приватно земјиште донесуваат Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари.

(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во соработка со директорот на Дирекцијата за заштита и спасување ќе донесе

поблизок пропис за содржината на Националниот план за заштита од шумски пожари и форма и содржина на Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари.

**Изведба и одржување на против пожарни просеки и изградба на набљудувачници**

**Член 69**

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми, во зависност од степенот на загрозеност на шумата и нивниот капацитет за стопанисување се должни да преземаат посебни мерки за заштита од пожари (изведба на просеки во шума, подигање на појаси од лисјарски видови дрвја во иглолисни шуми, поставување набљудувачници, организирање на набљудувачка и противпожарна служба и др).

(2) Изведбата, одржувањето и изградбата на објектите од ставот (1) на овој член се уредуваат со планската документација.

(3) Правните и физичките лица кои вршат активности во шума се должни да превземат мерки за заштита на шумите од шумски пожари.

(4) Правните и физичките лица кои предизвикале шумски пожар се должни да ја надоместат штетата настаната од шумскиот пожар на субјектот кој стопанисува/управува со државна шума или сопственикот на приватна шума.

(5) Директорот на Агенцијата за шуми во согласност со директорот на Дирекцијата за заштита и спасување и во соработка со единицата на локалната самоуправа, ќе донесе план со потребната документација и техничкиот норматив за изведба и одржување на против пожарни просеки и изградба на набљудувачници.

**Палење на оган на отворен простор**

**Член 70**

(1) Забрането е палење на оган на отворен простор во шума и на друго земјиште на растојание најмалку од 200 метри од работ на шумата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, може да се пали отворен оган под услови и на места што ќе ги определи и обележи субјектот што стопанисува/управува со шумата и ја известува Дирекцијата за заштита и спасување.

(3) Насоките за одредување на местата од ставот (2) на овој член се дел од оперативниот план за заштита на шумите од пожари.

**Подигнување на варници и жежници**

**Член 71**

(1) Забрането е подигање на варници, жежници за дрвен јаглен и слични објекти што претставуваат опасност за појава на пожар, на растојание помало од 200 метри од работ на шумата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, подигање на варници и жежници во шума може да се врши со одобрение од Дирекцијата за заштита и спасување, а по претходно добиено мислење од Агенцијата за шуми.

(3) Субјектот што ја користи варницицата/жежницата мора местото каде што е подигната варница/жежница видно да ги обележи,како и да преземе мерки на предпазливост.

(4) Директорот на Агенцијата за шуми, по предходно добиено мислење од Дирекцијата за заштита и спасување го пропишува начинот за означувањето и мерките за претпазливост.

**Движење во шума**

**Член 72**

(1) Граѓаните имаат слободен пристап во шумите заради, одмор и рекреација, на сопствена одговорност за својата безбедност и обврска за ненанесување на штета на шумата.

(2) Субјектите кои стопанисуваат со државните шуми по претходна добиена согласност од Агенцијата за шуми, во заштитени делови на шума или делови на шума каде се извршуваат шумски операции или во шуми каде што е загрозена безбедноста на луѓето, можат да го ограничат слободниот пристап.

(3) Директорот на Агенцијата за шуми на барање на субјектите кои стопанисуваат со државните шуми, може целосно или делумно да забрани движење во шумата во период кога постои зголемена опасност од шумски пожари.

(4) Забраната од ставот (3) на овој член се објавува во средствата за јавно информирање.

**Депонирање на отпад**

**Член 73**

(1) Се забранува одлагање на отпад и загадување на шумите и другите шумски површини.

(2) Во согласност со Законот за управување со отпад, субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на приватни шуми се должни да спречат одлагање на отпад, а доколку тоа не е можно, во најкраток можен рок да ги известат инспекторот надлежен за заштита на животната средина, како и да организираат отстранување на оние отпадоци и други штетни материи од шумата кои можат да предизвикаат штета на шумите.

(3) Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на приватни шуми имаат право на целосен надоместок на трошоците за отстранување на отпадот и другите штетни материи од шумата од лицата кои го одложиле отпадот и другите материи во согласност со закон.

(4) Доколку субјектот што стопанисува со шумите или сопственикот на приватната шума во кои се одлага отпадот не го отстрани или одбие да го отстрани, отпадот ќе се отстрани во согласност со одредбите од Законот за управување со отпад.

**Употреба на хемиски средства во шума**

**Член 74**

(1) Употребата на хемиски средства во шумата е забранета.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, атестирани хемиски агенси кои не го загрозуваат биотскиот биланс, можат да се користат во шумата заради:

- сузбивање на пренаселените популации на инсекти кои не можат да се намалат со вообичаени мерки за заштита на шумите;

- сузбивање на шумските болести кои можат да ја загрозат шумата, како и

- да ги спречи шумите од пожари во областите и периодите со висок ризик од пожари.

(3) Правните лица кои имаат намера да ги спроведат активностите од став (2) на овој член треба да достават барање до Агенцијата за шуми во хартиена форма или може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги

(4) Решението за одобрување на хемијски средства во шума со кое се определува и начинот на нивна употреба го издава Агенцијата за шуми во рок од 30 дена од денот на поднесеното барање.Решението за одобрување на хемијски средства во шума или решение за одбивање на барањето., може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификована електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член, во рок од 15 дена од приемот на решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Жалбата од став (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Надомест на штета во шума од незаконски дејствија**

**Член 75**

(1) За штети причинети во шума заради вршење на дејства во спротивност со овој закон (ово натамошниот текст: незаконски дејства), се плаќа надомест според ценовник за штети во шума што го донесува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Средствата за штета причинета од незакоснки дејства се плаќаат од страна на лицето кое ја причинило штетата и тоа на:

а) сопственикот на шумата во случај на приватна шума или

б) сметка на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите во државна сопственост.

(3) Собраните финансиските средства од надоместок за штета од став (2) точка б) на овој член се користат за рехабилитација на оштетени шуми според одредбите од овој закон.

## 4. Користење на шумите

**Услови за користење на шумите**

**Член 76**

(1) Користењето на шумите се врши на начин кој обезбедува:

- трајно зачувување и зголемување на вредноста на шумите,

- трајно зголемување на нивната дрвна резерва, прираст и принос и

- зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции или екосистемски услуги.

(2) Користењето на шумите треба да ги исполнува минималните критериуми за одржливост согласно со овој закон.

**Ознака за сеча, ознака на нелегално исечени дрвја и евиденција**

**Член 77**

(1) Сеча на шумски видови дрвја во шума, на друго шумско земјиште и на површини надвор од шума, може да се врши само по претходно извршена ознака на дрвјата за сеча (во натамошниот текст: ознака за сеча).

(2) Ознаката за сеча се извршува со нанесување на шумски знаци (жигови, баркодови и др.) кои имаат важност се додека се видливи знаците.

(3) Ознаката за сеча вклучува:

1) Одбирање, мерење и означување на поединечни стебла за сеча во шума и евидентирање на нивната дрвната маса при стеблимична, групимично пребирна сеча, ретки видови на дрвја како и за сеча на поединечни стебла надвор од шума и

2) Означување на рабните стебла и евидентирање на дрвната маса која се планира да се посече при површинска сеча.

(4) Ознаката за сеча се врши согласно со предвидената сеча утврдена во планските документи.

(5) Ознаката за сеча во приватни шуми со површина под 10 хектари се врши според податоците од евидентниот картон.

(6) Ознаката на нелегално исечени дрвја се извршува со нанесување на шумски знаци (жигови, баркодови и др.) челно на пенушките од нелегално исечени дрвја.

(7) Извршената ознака за сеча и ознаката на пенушките од нелегално исечени дрвја се евидентираат во книги за евиденција и тоа:

- Книга за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во државна сопственост,
- Книга за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во приватна сопственост и
- Книгата за евиденција на направена шумска штета во шума во државна сопственост.

(8) Книгите за евиденција од став (7) на овој член се чуваат во електронска и хартиена форма.

(9) Податоците од книгите за евиденција од ставот (7) на овој член се евидентираат електронски во соодветна база на податоци.

(10) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ги пропишува начин за вршење на ознака за сеча, начинот на мерење и евиденција на дрвјата, средствата и видот и формата на шумските знаци за ознака за сеча и ознака на нелегално исечени дрвја , формата и содржината на Книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во државна сопственост, Книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во приватна сопственост и Книгата за евиденција на направена шумска штета во шума во државна сопственост и структурата на базата на податоци.

**Професионални, технички и институционални услови за вршење на ознака за сеча**

**Член 78**

(1) Ознака за сеча во случај на предвидена стеблимична и групимично пребирна сеча ја извршува само стручно лице, со високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на шумарските науки,  со најмалку една година ( или една сезона) работно искуство од областа на стопанисување со шумите.

(2) Ознака за површинска - чиста сеча и ознака на ретки видови на дрвја и на поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума може да извршува стручно лице со најмалку средна стручна подготовка - шумарски техничар, со најмалку три (да се види као можност за намалување на рокот) години работно искуство од областа на стопанисување со шумите.

(3) Ознаката на нелегално исечени дрвја може да ја извршува стручно лице со најмалку средна стручна подготовка - шумарски техничар.

(4) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува начинот на вршење на ознаката за сеча.

(5) Означените дрвја за сеча во државните шуми, ретки видови на дрвја, поединечни стебла надвор од шума, евидентирање на пенушките од дрвја кои се незаконски исечени, евидентирање (електронски) на овие податоци во соодветни бази на податоци и пренесување на податоците во

системот за следење на шумски дрвни производи кој го води Агенцијата за шуми, го обезбедуваат субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми во согласност со овој закон.

(6) Означените дрвја за сеча во приватна шума,електронското евидентирање на податоците во соодветната база на податоци, чување на базата на податоци и нивно вклучување во системот за следење на шумски дрвни производи го извршува Агенцијата за шуми во согласност со овој закон.

(7) Субјектите кои стопанисуваат\управуваат со државни шуми и Агенцијата за шуми ги чуваат податоците од ставовите (5) и (6) на овој член најмалку пет години.

(8) За ознака на сеча во приватна шума и внес на податоци во соодветната база на податоци, Агенцијата за шуми може да ангажира други лица, доколку истите ги поседуваат квалификации од ставовите (1) и (2) на овој член.

(9) Агенцијата за шуми води Регистарот на средствата за ознака на дрвја за сеча и ознака на дрвни сортименти од овластени институции/организации и лица во дигитална форма.

(10) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ја пропишува структурата на базата на податоци, постапката и времето за пренос на базите на податоци од ставовите (5) и (6) во системот за следење на дрвото до воведување на он-лајн конекција.

**Контрола на извршената ознака за сеча**

**Член 79**

(1) Агенцијата за шуми врши преглед на ознаката за сеча и контрола на сеча во сите шуми според својата годишна програма за работа.

**Дозволен обем на сеча**

**Член 80**

(1) Дозволен обем на сеча на дрвја означени за сеча се утврдува според предвидената дозволена сеча утврдена во планските документи.

(2) Забрането е пречекорување на дозволен обем на сеча утврден за десет години со планските документи за стопанисување/управување со шумите.

(3) Одредбите од ставот (2) на овој член не се однесуваат на чиста сеча на оштетени и деградирани шуми, шикари и шибјаци, според одредбите од член 22 од овој закон, доколку се предвидени за обнова.

**Вршење на шумскокултурни работи за активности на сеча и дотур**

## Член 81

(1) Шумскокултурни работи за активности на сеча и дотур во шуми во државна сопственост може да вршат:

а) субјекти кои стопанисуваат/управуваат со шумите во државна сопственост преку редовно или сезонско вработени лица и/или

б) други правни кои ги ангажира субјектот кој стопанисува/управува со шумите во државна сопственост по пат на јавна набавка за вршење на услуги на активности на сеча и дотур.

(2) Субјектите од став (1), алинеја (б) од овој член треба да поседуваат лиценца за извршување на активностите на сеча и дотур согласно овој закон.

(3) Физичките лица кои редовно или сезонско вршат активност на сеча во шуми во државна или приватна сопственост треба да поседуваат потврда за завршен курс за оспособување на вршење на сеча.

(4) Курсот за оспособување на вршење на сеча го спроведува средношколската или високообразовна установа- од областа на шумарството врз основа на програма за работа одобрена согласно прописите за средношколското, односно високото образование.

## Лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур во државна шума

## Член 82

(1) Лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур во државна шума (во натамошниот текст: лиценца) ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) За добивање на лиценца правното лице е потребно да исполнува потребни услови и да поднесе барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во хартиена форма или може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги

(3) Со барањето од ставот (2) на овој член, правното лице поднесува доказ за исполнување на потребни услови и ги приложува следните документи :

- документ кој докажува дека има вработено најмалку едно стручно лице со високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на шумарските науки без работно искуство или лице со завршена средна стручна спрема од шумарска струка – шумарски техничар, техничар за шумарство и пејзажна архитектура или специјалист за шумарски работи со минимум две години работно искуство од областа на шумарството;
- документ/и со кои докажува исполнување на минимални технички средства и човечки ресурси за извршување на шумско-културни работи на сеча и дотур.
- документ дека правното лице е регистрирано во трговскиот регистар во Централен регистар на Република Северна Македонија за вршење на шумско-културни работи од областа на шумарството,

со извод од состојба;
- документ дека одговорното лице не е правосилно осудувано за кривично дело безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на шумско-културни работи на активност сеча и дотур;
- документ дека на правното лице не му е изречена казна за кривично дело: Информација за кривична судска одлука издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- потврда дека на правното лице не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- потврда дека на правното лице не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- изјава на одговорното/овластеното лице на правното лице заверена на нотар дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари.
-потврда за платени даноци издадено од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија,
- информации за економската и финансиска состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија и
- доказ за платен надомест за добивање на лиценца во износ од 6000 денари, која се плаќа на приходната сметка на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството и
- доказ за платен надомест за Комисија за издавање на лиценци за активности на сеча и дотур во шумите во државна сопственост.
(4) Постапката за издавање на лиценца ја спроведува Комисија за издавање на лиценци за активности на сеча и дотур во шумите во државна сопственост (во натамошниот текст: Комисијата), која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.
(5) Комисијата се состои од три члена и тоа два члена дипломирани шумарски инженери и еден член дипломиран правник, вработени во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(6) За работата на Комисијата следува паричен надомест за кој министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, донесува решение за определување на висината на надоместокот, кој по предмет не може да биде повисок од 20% од просечната плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија,

(7) По доставеното барање и доказите предвидени со овој член, Комисијата ја проверува комплетноста на барањето и доставената документација и изготвува предлог за издавање на решение и лиценца за активности на сеча и дотур, односно решение за одбивање на барањето за издавање на Лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур во државна шума.

(8) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во рок од пет дена од денот на доставувањето предлогот на Комисијата, донесува решение и издава Лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур во државна шума, односно Решение за одбивање на барањето за издавање на Лиценца за извршување на шумскокултурни

работи за активностите на сеча и дотур во државна шума кое може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификована електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Против решението од ставот (8) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(10) Жалбата од став (9) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, во електронска и хартиена форма се води Регистар на правни лица кои поседуваат лиценца.

(12) Правното лице кое се стекнало со лиценца е должно за секоја настаната промена на доставените податоци за условите врз основ на кои е издадена лиценцата, да го извести органот на државната управа надлежен за работи од областа на шумарството.

(13) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ги пропишува формата и содржината на образецот на барањето, документацијата која е придружен дел на барањето, формата и содржината на лиценцата, формата и содржината на регистарот, како и за минималните-технички средства и човечки ресурси кои треба да ги исполнува правното лице за извршување активности на сеча и дотур.

(14) Правно лице основано во земја членка на Европска унија може да ги извршува шумскокултурните работи за активностите на сеча и дотур во државна шума врз основа на лиценца издадена од надлежниот орган на земјата членка на Европската унија.

(15) Лиценците издадени од надлежниот орган на земјата членка на Европската унија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ги нострифицира во евиденција.

**Важност на лиценцата**

**Член 83**

(1) Лиценцата за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур во државна шума е со важност од пет години и истата не може да се пренесува на друго правно лице.

(2) Правното лице кој има лиценца е должно за секоја промена на седиштето или дејноста да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, во рок од 30 дена од денот на настанатата промена.

(3) Правното лице кое има лиценца е должно во рок од 30 дена пред истекот на рокот на важењето на лиценцата да поднесе барање за продолжување на лиценцата до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството со доставување на документи од член 82 став

(3) од овој закон.На постапката за продолжување на лиценцата соодветно се применуваат одредбите на член 82 од овој закон.

(3) Лиценцата престанува да важи доколку се утврди дека правното лице:

- самоиницијативно се откаже од правото на вршење на активностите на сеча и дотур,
- врши дејствија спротивно на овој закон,
- по добивањето на лиценцата, престанал да ги исполнува условите за добивање на лиценца и
- управителот на правното лице е правосилно осуден за кривично дело безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или ако му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на активности на сеча и дотур,

(4) За правните лица кои не ги исплонуваат условите од ставот (3) на овој член констатирано од органот на државна управа надлежен за шумарска инспекција или друг надлежен инспекциски орган, органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по претходно доставен Записник од наведените инспекциски органи изготвува Решение за престанок на важноста на лиценцата и го доставува до правното лице кое може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификована електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Против решениeто од ставот (4) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Жалбата од став (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Правното лице и управителот на правното лице на кои им е одземена лиценцата за активности на сеча и дотур, немаат право во рок од пет години од денот на одземање на лиценцата да поднесат барање за издавање на нова лиценца.

**Сеча во државна шума од страна на физички лица за сопствени потреби**

**Член 84**

(1) Забрането е вршење на сеча во државна шума од страна на физички лица.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член е дозволена сеча во државна нискостеблена шума само за физички лица кои се со постојано место на живеење во руралните (прашање е дали ова да се применува и за физички лица и од урбани подрачја) подрачја заради нивно обезбедување со дрво за сопствени потреби.

(3) Сеча во државна шума заради обезбедување на сопствени потреби може да се врши од страна на физичко лице или од него ополномоштено лице по претходно поднесено барање до субјектот кој стопанисува/управува со шумата во државна сопственост.

(4) Забранета е препродажба на шумски дрвни производи од исечените дрвја од ставот (2) на овој член.

(5) За исечената дрвна маса од ставот (3) на овој член, физичките лица плаќаат надомест на основа на ценовник кој го донесува субјектот кој стопанисува/управување со шумите во државна сопственост, по претходно добиена согласност од Владата.

(6) Евиденцијата за бруто означената дрвна маса и посечената дрвна маса од став (2) на овој член од страна на физички лица, ја чуваат субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми и ја доставуваат до Агенцијата за шуми.

(7) Евиденцијата од ставот (6) на овој член се води во електронска форма и е дел од интегралниот шумски информативен систем востановен во Агецијата за шуми.

(8) Податоците за евиденција од ставот (6) на овој член, се чуваат десет години од денот на нивното внесување во шумскиот информативен систем.

(9) Жигосување на дрвната маса посечена од страна на физички лица од ставот (3) на овој член, како и издавање на соодветна приемница и испратница вршат субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државни шуми, во согласност со овој закон.

(10) Количината на дрвната маса за сеча во државна шума од страна на физички лица за задоволување на сопствени потреби не смее да надминува повеќе од 12 метри кубни по домаќинство во кое живее физичкото лице, за една календарска година.

(11) Начинот на обезбедување на сопствени потреби со огревно дрво на физички лица од државна шума, содржината и начинот на чување на евиденцијата за означена и посечена дрвна маса ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

**Услови за снабдување со огревно дрво без надомест од државни шуми за рурално население**

**Член 85**

(1) Со цел да се овозможи социјалната функција од државните шуми и да се придонесе во намалување на нелегалната сеча, физички лица кои се со постојано место на живеење во руралните подрачја може да им се додели бесплатно дрво за огрев од државните шуми до износ од шест метри кубни годишно.

(2) Огревното дрво од ставот (1) на овој член може да се додели бесплатно доколку физичките лица кои се со постојано место на живеење во руралните подрачја преку свој ангажман ги извршуваат следните активности:

1) собирање на шумски остатоци од дрво по сеча кои не се користат од страна на субјектите кои стопанисуваат со државните шуми;

2) некомерцијални прореди на млади шумски насади кои се планирани во плановите за стопанисување, но не се извршени од страна на субјектите кои стопанисуваат содржавните шуми;

3) некомерцијални прореди во нископродуктивните изданкови шуми за целите на индиректна конверзија кои се планирани во плановитеза стопанисување, но не се извршени од страна на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шуми државна сопственост;

4) некомерцијална сеча на дрвна маса во деградирани шуми и грмушки за целите на директна конверзија која е планирана во плановите за стопанисување, но не е извршена од страна на субјектите кои стопанисуваа/управуваат со шуми државна сопственост и

5) санитарна сеча што не е спроведена од страна на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шуми државна сопственост.

(3) Субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шуми државна сопственост се должни да обезбедат можност за ангажирање на физички лица кои се со постојано место на живеење во руралните подрачја за извршување на активности од ставот (2) на овој член, врз основа на спроведување на постапката предвидена во членот 84 од овој закон.

(4) Директорот на Агенцијата за шуми може да определи квоти за огревно дрво за целите од ставот (2) на овој член.

(5) Извршувањето на работите од ставот (2) на овој член може да се спроведе само под мониторинг на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шуми државна сопственост

(6) За извршување на работите од ставот (2) на овој член треба да се почитуваат минималните технички и безбедносни стандарди што ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

**Одобрение за сеча на шумски видови дрвја во приватна сопственост**

**Член 86**

(1) Сеча на шумски видови на дрвја во шума и на друго шумско земјиште како и на друго земјиште во приватна сопственост може да се врши на основа на одобрение за сеча.

(2) Агенцијата за шуми издава одобрението за сеча врз основа на барање за сеча поднесено од сопственикот на приватна шума или сопственикот на друго земјиште во приватна сопственост. Барањето за сеча се поднесува во хартиена форма или може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги

(3) По исклучок од став (2) од овој член, Агенцијата за шуми по службена должност спроведува постапка за издавање на одобрение за сеча во случаи на изградба (по извршена пренамена на земјиштето) и одржување на инфраструктурни објекти.

(4) Одобрение за сеча на приватно земјиште која е во сопственост на повеќе сосопственици, може да се издаде само врз основа на заедничко барање од сите со-сопственици.

(5) Одобрението за сеча содржи вид, (бруто) количина и квалитетна структура на дрвна маса која може да се искористи на одржлив начин и потребните мерки за обнова, нега и заштита на шумите, како и рокот за нивно извршување.

(6) Агенцијата за шуми го издава одобрението за сеча во рок од 15 дена од денот на поднесеното барање за сеча, односно решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за сеча кое може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставуваат до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификована електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Против решението од ставот (6) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(8) Жалбата од став (7) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги

(9) Агенцијата за шуми воведува и одржува база на податоци за издадените одобренија за сеча како дел од интегрираниот шумски информациски систем.

(10) Министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството за шуми ги пропишува формата и содржината на барањето на одобрение за сеча, формата и содржината на одобрението за сеча и одобрението за сеча по службена должност и потребната документација за постапување по службена должност, како и начинот на водење на евиденција на издадени одобренија за сеча.

**Потребни документи за издавање на одобрение за сеча шумски видови дрвја во приватна сопственост**

**Член 87**

(1) Кон барањето за сеча од член 86 став (2) на шумски видови на дрвја во приватна шума се приложува следната документација:

а) важечки имотен лист, без административни забрани и товари со скица за соодветната катастарска парцела и

б) границите на шумската парцела за која се однесува барањето за сеча се идентификувани и видливо и трајно означени, со соодветен теренски извештај за означување на границите од страна на овластени лица за геодетски работи вклучувајќи ги и географските координати.

(2) Кон барањето за сеча од член 86 став (2) на шумски видови на дрвја на друго шумско земјиште или друго земјиште во приватна сопственост се приложува следната документација:

а) важечки имотен лист, без административни забрани и товари со скица за соодветната катастарска парцела,вклучувајќи ги и географските координати и

б) писмена изјава за вистинитоста на податоците за кои се однесува барањето за сеча.

**Жигосување, прием, класирање и издавање на испратници за шумски дрвни производи**

**Член 88**

(1) Шумските дрвни производи произведени од исечените шумски видови на дрвја во шума и надвор од шума (освен дрво од овошни стебла на земјоделско земјиште) мора да се жигосани со соодветен и видлив шумски знак и снабдени со потребна докуметација.

(2)Жигосување и класирање на исечените дрвни сортименти го врши лице со високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на шумарските науки  со најмалку една година стручно искуство од областа на стопанисување со шуми или лице со завршено средно шумарско образование - шумарски техничар или специјалист по шумарство со минимум две години работно искуство во областа на стопанисување со шумите.

(3) Испорака на шумски дрвни производи може да го врши лице со завршено средно шумарско образование - шумарски техничар. со минимум една година професионално искуство во областа на оперативното стопанисување со шумите.

(4) Исечените шумски дрвни производи од ставот (1) се примаат на сечиште со соодветна приемница за сеча, по извршениот дотур на шумско-камионски пат или на времени шумски стоваришта се примаат со соодветна приемница за дотур,и истите се евидентираат во соодветна книга на приемници која се води во хартиена и дигитална форма.

(5) По завршувањето на сечата во пododделот, Агенцијата за шуми го проверува спроведувањето на сечата, како и воспоставувањето на шумскиот ред и истото го потврдува со издавање на соодветна изјава која е составен дел на книгата на испратници.

(6) Пред вршење на транспорт на шумски дрвни производи од став (1) на овој член се издава соодветна испратница во хартиена и дигитална форма која останува евидентирана во соодветна книга (во натамошниот текст: : книгата на испратници).

(7) Испратницата од ставот (6) на овој член се издава за секоја испорака на шумски дрвни производи од шума до крајниот корисник или склад, од склад до друг склад и од склад до краен купувач и има важност само за денот и времето за кое е таа издадена.

(8) Жигосувањето на шумските дрвни производи од државна шума и издавањето на приемница и испратницата за државните шуми го вршат субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми.

(9) Жигосувањето на шумските дрвни производи и издавањето на приемница и испратницата за приватни шуми и друго земјиште во приватна сопственост го врши Агенцијата за шуми.

(10) Издавање на испратница за транспорт на продадени шумски дрвни производи од склад до склад или до купувач го вршат субјекти кои се регистрирани за вршење на промет на дрво и дрвни производи.

(11) Шумските дрвни производи не може да се транспортираат доколку не се жигосани и снабдени со испратница.

(12) Субјектите од ставовите (8),(9) и (10) на овој член и сопствениците на приватни шуми и шумско земјиште, приемниците и испратниците и соодветните бази на податоци ги чуваат најмалку пет години.

(13) Лицето кое врши транспорт на шумски дрвни производи е должно при превозот да поседува испратница од став (6) од овој член, достапна во хартија или во дигитална форма.

(14) Исечените шумски дрвни производи ако се превезуваат или пренесуваат без испратници и не се жигосани се сметаат за бесправно исечени во шума.

(15) До воспоставување на дигиталниот начин на издавање на испратници, Агенцијата за шуми на овластени/регистрирани субјекти за промет со дрво и дрвни производи, ќе вршат издавање на испратници во хартиена форма за транспорт на дрво и дрвни производи со надомест за реално направени трошоци.

(16) Агенцијата за шуми  води евиденцијата за издадените испратници.

(17) Начинот на жигосување на шумските дрвни сортименти, алатите и изгледот на шумските знаци за жигосување на шумски дрвни производи, формата и содржината на приемницата и испратницата, начинот на издавање на приемница и испратница, формата и содржината на книгите на приемници и испратници и начинот на чување на податоците, ги пропишува министерот на органот на државна управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(18) Податоците од приемниците и испратниците и соодветните книги за евдиенција кои се во хартиена форма, субјектите од ставовите (8),(9) и (10) на овој член ги евидентираат електронски во соодветни бази на податоци за извршен прием и испорака.

(19) Податоците од ставот (18) на овој член се пренесуваат во системот за следење на шумски дрвни производи согласно со овој закон.

(20) Директорот на Агенцијата за шуми ја пропишува структурата на базите на податоци од ставот (18) на овој член, како и постапките и времето за нивно пренесување во системот за следење на шумски дрвни производи.

(21) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува времето и постапката за пренос на податоци од извршен прием и испорака во системот за следење на шумски дрвни производи до воведување на он-лајн конекција.

**Издавање на испратница за шумски дрвни сортименти кои потекнуваат од друго земјиште во приватна сопственост надвор од шума**

**Член 89**

За шумски дрвни сортименти кои потекнуваат од друго земјиште во приватна сопственост надвор од шума, Агенцијата за шуми може да се издаде само испратница согласно член 88 став (4) на од овој закон, врз основа на претходно одобрение за сеча.

.

**Надомест за стручно-технички услуги**

**Член 90**

(1) За давање стручно-технички услуги на сопствениците на приватни шуми и сопственици на друго земјиште во приватна сопственост што опфаќа одобрение за сеча,ознака и премер на дрвја за сеча, жигосување и мерење на шумските дрвни сортименти и издавање на приемница и

испратница, сопствениците плаќаат трошок (во натамошниот текст: трошок за  давање на стручно-технички услуги).

(2) Трошокот за давање на стручно-технички услуги изнесува најмногу до 10% од пазарната вредност на дрво на пенушка одобрено и/или означено за сеча.

(3) Пазарната вредност на дрво на пенушка одобрено и/или означено за сеча се утврдува со Ценовникот кој го донесува министерот надлежен на органот на државна управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(4) Висината на трошокот за давање на стручно-технички услуги се утврдува во одобрението за сеча и се уплаќа на посебна сметка на Агенцијата за шуми.

(5) Средствата собрани од трошокот за давање на стручно-технички услуги Агенцијата за шуми ги користи за истата намена.

## 5. Правилата за ставање во промет и ставање на располагање на пазарот на Република Северна Македонија

### Забрана

**Член 91-** член 3 од Р2023/1115

Шумски дрвни производи нема да се ставаат или ставаат достапни на пазарот или се извезуваат, освен ако не се исполнети сите следни услови:

а) не се производ на дефорестација-обезшумување;

б) се одгледани и произведени во согласност со законодавството на Република Северна Македонија и

в) се опфатени со изјава за длабинска анализа.

### Обврски на операторите и трговците

**Член 92-** член 4 од Регулативата

(1) Операторите се должни да спроведат длабинска анализа во согласност со член 94 од овој закон пред да ги пласираат релевантните производи на пазарот или да ги извезат со цел да докажат дека соодветните производи се во согласност со член 91 од овој закон.

(2) Операторите несмеат да пласираат шумски дрвни производи на пазарот или да ги извезуваат без претходно да поднесат изјава за длабинска анализа. Операторите кои, врз основа на спроведената длабинска анализа во согласност со член 94 од овој закон, заклучат дека релевантните производи се во согласност со член 91 од овој закон, пред да ги стават на пазарот или да ги извезат релевантните производи, треба да стават на располагање изјава за длабинска анализа на Агенцијата за шуми. преку дигиталниот систем од член 109 на овој закон. Таквата

електронски достапна и преносива изјава за длабинска анализа треба да ги содржи информациите наведени во прописот од член 96 став (4) на овој закон и изјава од операторот дека операторот извршил должно внимание и дека не е или е пронајден само занемарлив ризик.

(3) Со ставање на располагање на изјава за длабинска анализа до Агенцијата за шуми, операторот ќе ја преземе одговорноста за усогласеноста на релевантниот шумски дрвен производ со член 91 од овој закон. Операторите се должни да водат евиденција за изјавите за длабинска анализа пет години од датумот кога изјавата е поднесена преку дигиталниот систем од член 109 на овој закон

(4) Операторите несмеат да ги пласираат шумските дрвни производи на пазарот или да ги извезуваат кога се настане еден или повеќе од следниве случаи:

1) релевантните производи не се усогласени;

2) примената на длабинската анализа открие незанемарлив ризик дека шумските дрвни производи не се усогласени или

3) операторот не бил во можност да ги исполни обврските наведени во ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Операторите кои добиваат или се запознаени со релевантни нови информации, вклучително и оправдани грижи, кои укажуваат дека шумските дрвни производи што ги пласирале на пазарот се во опасност да не се усогласени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, веднаш ја информираат Агенцијата за шуми,која ги известува надлежните органи на земјите-членки во кои тие шумски дрвни производи се ставени во промет, како и трговците на кои им го испорачале соодветниот шумски дрвни производи. Во случај на извоз, операторите се должни да ја информираат Агенцијата за шуми,која ги известува надлежниот орган на земјата-членка или трета земја, која е земјата на производство.

(6) Операторите треба да ја дадат сета неопходна помош на Агенцијата за шуми за да го олеснат спроведувањето на проверките од член 102 на овој закон, вклучувајќи пристап до просториите и ставање на располагање на документацијата и евиденцијата.

(7) Операторите се должни да им ги достават на операторите и на трговците кои се дел од синџирот на снабдување на шумски дрвни производи што ги пласирале на пазарот или ги извезле, сите информации потребни за да покажат дека е спроведена длабинската анализа и дека не е пронајден или е пронајден само занемарлив ризик, вклучувајќи ги референтните броеви на изјавите за длабинска анализа поврзани со тие производи.

(8) По исклучок од став (1) на овој член, од операторите кои се мали и средни претпријатија нема да се бара да вршат длабинска анализа за релевантните производи содржани или направени од релевантни производи кои веќе биле предмет на длабинска анализа во согласност со став (1) на овој член и за која веќе е поднесена изјава за длабинска анализа согласно член 109 од овој закон. Во такви случаи, операторите на малите и средните претпријатија по барање на Агенцијата за шуми го доставуваат референтниот број на изјавата за длабинска анализа. За делови од шумски дрвни производи кои не биле предмет на длабинска анализа, операторите на малите и средните претпријатија вршат должно внимание согласно став (1) на овој член.

(9) Операторите кои не се мали и средни претпријатија можат да се повикаат на изјавите за длабинска анализа кои се веќе поднесени во согласност со член 109 на овој закон само откако ќе се уверат дека длабинската анализа во врска со шумски дрвни производи содржани или направени од релевантните шумски дрвни производи се вршеше согласно со ставот (1) на овој член. Тие ги вклучуваат референтните броеви на таквите изјави за длабинска анализа кои се веќе поднесени во

согласност со член 109 на овој закон, во изјавите за длабинска анализа што ги доставуваат според став (2) на овој член. За делови од релевантни производи кои не биле предмет на длабинска анализа, операторите кои не се мали и средни претпријатиа спроведуваат должно внимание согласно став (1) на овој член.

(10) Секој оператор кој упатува на изјава за длабинска анализа која е веќе поднесена во согласност со член 109  на овој закон ќе ја задржи одговорноста за усогласеноста на релевантните шумски дрвни производи со член 91 на овој закон, вклучително и дека не е пронајден или е пронајден само незначителен ризик, пред да ги стави таквите релевантни шумски дрвни производи на пазарот или ги извезе.

**Обврски на трговците**

**Член 93-** член 5 од Регулативата

(1) Трговците кои не се мали и средни претпријатија ќе се сметаат за оператори кои не се мали и средни претпријатија и за истите се применуваат обврските и одредбите утврдени во členовите 91, 92, 94, 96,97,98 100 ставови (8),(9),(10) и (11) и 102 од овој закон во однос на релевантните стоки и релевантните производи што ги ставаат достапни на пазарот.

(2) Трговците кои се мали и средни претпријатија ги ставаат достапни релевантните производи на пазарот само доколку ги поседуваат информациите што се бараат според став (3) на овој член.

(3) Трговците кои се мали и средни претпријатија ги собираат и чуваат следните информации во врска со релевантните производи што имаат намера да ги направат достапни на пазарот:

а) називот, регистрираното трговско име или регистрираната трговска марка, поштенската адреса, адресата на е-пошта и, доколку е достапна, веб-адресата на операторите или трговците кои им ги доставиле соодветните производи, како и референтните броеви на изјавите за длабинска анализа поврзани со тие производи и

б) називот, регистрираното трговско име или регистрираната трговска марка, поштенската адреса, адресата на е-пошта и, доколку е достапна, веб-адресата на операторите или трговците на кои им ги доставиле релевантните производи.

(4) Трговците кои се мали и средни претпријатија се должни да  ги чуваат информациите наведени во став (3) од овој член, најмалку пет години од датумот на ставање достапни на пазарот и ги обезбедуваат тие информации до надлежните органи на барање.

(5) Трговците кои се мали и средни претпријатија кои добиваат или се запознаени со релевантни нови информации, вклучително и оправдана загриженост, што укажува дека релевантниот производ што тие го ставиле на располагање на пазарот е во опасност да не се усогласи со одредбите на овој закон, веднаш ги информираат надлежните органи на земјите-членки во кои го направиле релевантниот производ достапен на пазарот како и трговците на кои им го доставиле соодветниот производ.

(6) Трговците, без разлика дали се мали и средни претпријатија или не, ќе ја понудат сета потребна помош на Агенцијата за шуми за да го олеснат спроведувањето на проверките според членовите

102 и 103 од овој закон, вклучително и пристапот до просториите и ставањето на располагање на документацијата и евиденцијата.

## Овластени претставници

**Член 94-**член 6 од Регулативата

(1) Операторите или трговците може да овластат лице- овластен претставник да ја достави изјавата за длабинска анализа согласно член 92 став (2) од овој закон во нивно име. Во такви случаи, операторот или трговецот ја задржува одговорноста за усогласеноста на соодветниот производ со член 91 од овој закон.

(2) Овластениот претставник, е должен на барање на Агенцијата за шуми, да достави копија од овластувањето на македонски јазик како и копија на овластувањето на службен јазик на земјата-членка во која се постапува со изјавата за длабинска анализа или кога тоа не е можно, на англиски јазик.

(3) Операторот кој е физичко лице или микропретпријатие може да го овласти следниот оператор или трговец понатаму низ синџирот на снабдување кој не е физичко лице или микропретпријатие да дејствува како овластен претставник. Таквиот следен оператор или трговец подолу во синџирот на снабдувањето несмее да ги пласира или става достапни релевантните производи на пазарот или да ги извезува без да поднесе изјава за длабинска анализа согласно член 92 став (2) од овој закон во име на тој оператор. Во таквите случаи, операторот кој е физичко лице или микропретпријатие ја задржува одговорноста за усогласеноста на релевантниот производ со член 91 од овој закон и ќе му ги соопшти на следниот оператор или трговец понатаму низ синџирот на снабдување сите информации потребни за да се потврди дека длабинската анализа била спроведена и дека не е констатиран ризик односно само е утврден занемарлив ризик.

## Пуштање на пазарот од оператори основани во трети земји

**Член 95**-член 7 од Регулативата

Кога физичко или правно лице основано надвор од Република Северна Македонија пласира шумски дрвни производи на пазарот на Република Северна Македонија, првото физичко или правно лице основано во Република Северна Македонија кое ги става таквите шумски дрвни производи достапни на пазарот, ќе се смета за оператор во смисла на овој закон.

## Длабинска анализа

**Член 96-**член 8 од Регулативата

(1) Пред да ги пласираат шумските дрвни производи на пазарот или да ги извезат, операторите треба да спроведат длабинска анализа во однос на сите шумски дрвни производи испорачани од секој конкретен снабдувач.

(2) Длабинската анализа треба да содржи:

1) збирка на информации, податоци и документи потребни за исполнување на барањата утврдени во прописот од став (4) на овој член;

2) мерки за проценка на ризик утврдени во прописот од став (4) на овој член и

3) мерки за ублажување на ризикот утврдени во прописот од став (4) на овој член.

(3) Операторите за спроведената длабинска анализа изготвуваат Изјава за длабинска анализа која ја доставуваат на Агенцијата за шуми.

(4) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува видовите на информации, податоци и документи потребни за спроведување на длабинска анализа, мерките за проценка на ризик, мерките за ублажување на ризикот, како и формата и содржината на Изјавата за длабинска анализа.

(5) Операторот, по барање на Агенцијата за шуми ги става на располагање, информациите, документите и податоците собрани согласно прописот од став (4) на овој член.

(6) Операторите ги документираат и прегледуваат проценките на ризикот најмалку на годишно ниво и на барање на Агенцијата за шуми   ги ставаат на располагање е. Операторите треба да покажат како собраните информации биле проверени според критериумите за проценка на ризикот утврдени согласно прописот од став (4) на овој член и како тие го одредиле степенот на ризик.

## Воспоставување и одржување на системи за длабинска анализа, известување и водење евиденција

**Член 97**-член 12 од Регулативата

(1) Со цел да се спроведе должно внимание во согласност со член 96 од овој закон, операторите воспоставуваат и ажурираат рамка на процедури и мерки за да се осигураат дека релевантните производи што ги пласираат на пазарот или извезуваат се усогласени со член 91 од овој закон („систем за длабинска анализа“) .

(2) Операторите треба да го ревидираат системот за длабинска анализа најмалку еднаш годишно. Кога операторите ќе станат свесни за новите случувања кои би можеле да влијаат на системот за длабинска анализа, тие го ажурираат системот за длабинска анализа за да ги земат предвид тие случувања. Операторите треба да ја чуваат евиденција за таквите ажурирања во нивните системи за длабинска анализа за период од пет години.

(3) Операторите кои не спаѓаат во категориите на мали и средни претпријатија, вклучително и микропретпријатија или физички лица, на годишна основа, јавно ќе известуваат што е можно пошироко, вклучително и преку интернет, за нивниот систем за длабинска анализа, вклучително и за чекорите преземени од нив за ги исполнуваат своите обврски како што е наведено во член 96 од овој закон. Операторите кои исто така спаѓаат во опсегот на други правни акти на Република Северна Македонија кои ги утврдуваат барањата во врска со длабинската анализа на синџирот на вредност може да ги исполнат своите обврски за известување според овој став со вклучување на бараните информации кога известуваат во контекст на тие други правни акти на Република Северна Македонија.

(4) Без да е во спротивност со прописите од областа на заштита на податоците, известувањето како што е наведено во став (3) од овој член ги вклучува следните информации во врска со релевантните шумски дрвни производи:

а) резиме на информациите утврдени во прописот од член 96 став (4) на овој закон;

б) заклучоците од проценката на ризикот спроведена во согласност со прописот од член 96 став (4) на овој закон и мерките преземени во согласност со прописот од член 96 став (4) на овој закон и опис на информациите и доказите добиени и користени за проценка на ризикот и

в) каде што е применливо, опис на процесот на консултации со, локалните заедници и другите вообичаени носители на правата на сопственост или на граѓанските организации кои се присутни во областа на производството на другите шумски производи.

(5) Операторите треба да ја чуваат најмалку пет години целата документација поврзана со длабинска анализа, како што се сите записи, мерки и процедури согласно член 96 на овој закон и на барање на Агенцијата за шуми да ја стават на располагање.

**Поедноставена длабинска анализа**

**Член 98**-член 13 од Регулативата

(1) Кога пласираат шумски дрвни производи на пазарот или ги извезуваат, од операторите нема да се бара да ги исполнуваат обврските утврдени во прописот од член 96 став (4) на овој закон кога, откако ќе ја проценат сложеноста на релевантниот синџир на снабдување и ризикот од неприменување на одредбите на овој закон или ризикот од мешање со шумски дрвни производи од непознато потекло или потекло во земји со висок ризик или стандарден ризик или нивни делови, тие утврдиле дека сите шумски дрвни производи се произведени во земји или нивни делови кои биле класифицирани како низок ризик. Во такви случаи, операторот по барање на Агенцијата за шуми и става на располагање релевантна документација која докажува дека постои занемарлив ризик од заобиколување со одредбите на овој закон или од мешање со шумски дрвни производи од непознато потекло или потекло во ризични или стандардни ризични земји или делови. од него.

(2) По исклучок на став (1) од овој член, доколку операторот добие или е запознаен со какви било релевантни информации, вклучително и како резултат на проценката спроведена според став (1) од овој член, и вклучително оправдана загриженост поднесена според член 108 од овој закон, што би укажало на ризикот шумските дрвни производи да не се усогласасени со одредбите на овој закон или да не ги примени одредбите на овој закон, операторот мора да ги исполни сите обврски согласно прописот од член 96 став (4) на овој закон и веднаш да ги соопшти сите релевантни информации до Агенцијата за шуми.

(3) Кога Агенцијата за шуми е запознаена со какви било информации што би укажале на ризик од неприменување на одредбите на овој закон, вклучително и во случаи кога шумските дрвни производи произведени во стандардна или високоризична земја или нејзин дел последователно се обработуваат во земја со низок ризик или нејзин дел од каде што се пласираат или го напуштаат пазарот, Агенцијата за шуми ќе преземе итни мерки во согласност со член 101 став (1) од овој закон и кога е потребно, ќе донесе времени мерки во согласност со член 106 од овој закон.

**Надлежен орган и техничка помош, насоки и размена на информации**

**Член 99**-членови 14 и 15 од Регулативата

(1) Агенцијата за шуми е надлежен орган за известување на Европската комисија за примена на одредбите на кои се однесуваат на правилата за ставање во промет и ставање на располагање на пазарот на Република Северна Македонија на други шумски производи.

(2) Без да се нарушува обврската на операторите да вршат должно внимание како што е наведено во член 96 од овој закон, Агенцијата за шуми може да обезбеди техничка и друга помош и насоки на операторите.

(3) Агенцијата за шуми ќе ја олесни размената и ширењето на релевантни информации, особено со цел да им помогне на операторите во проценката на ризикот, спроведен согласно прописот од член 96 став (4) на овој закон како и за примена на најдобрите практики во врска со спроведувањето на овој закон.

(4) Агенцијата за шуми континуирано ја следи секоја значајна промена во моделот на трговија со шумските дрвни производи што може да доведе до заобиколување на примена на одредбите на овој закон и за истото ја информира Европската комисија.

**Вршење на проверки-контроли**

**Член 100**-член 16 од Регулативата

(1) Агенцијата за шуми врши проверка за да утврди дали операторите и трговците основани во Република Северна Македонија се усогласени со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон. Агенцијата за шуми врши проверки за да утврди дали шумските дрвни производи што операторот или трговецот ги пласирал или има намера да ги пласира на пазарот, ги ставил достапни или има намера да ги стави на пазарот или ги извезол или има намера да ги извезе се во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Проверките од став (1) на овој член се вршат согласно со членовите 101  и 102 од овој закон

(3) Агенцијата за шуми при спроведување на проверките користи пристап заснован на ризик за да ги идентификува проверките што треба да се спроведат. Критериумите за ризик се идентификуваат врз основа на анализа на ризиците од неусогласеност со одредбите на овој закон, земајќи ги особено предвид релевантните шумски дрвни производи, сложеноста и должината на синџирите на снабдување, вклучително и дали е вклучено мешање на релевантни производи и фазата на преработка на релевантниот производ, без разлика дали засегнатите парцели се во непосредна близина на шуми, доделување ризик на земји или нивни делови,посветувајќи особено внимание на ситуацијата на земјите или делови од нив класифицирани како високоризични, историјата за неусогласеност на операторите или трговците со одредбите на овој закон, ризиците од заобиколување и сите други релевантни информации. Анализата на ризиците се надоврзува на информациите утврдени во прописот од член 96 став (4) од овој закон и може да се надоврзува на информациите содржани во дигиталниот систем од член 109 на овој закон, а може да биде поддржана од други релевантни извори како што се податоци за следење, профили на ризик од меѓународни организации и оправдани грижи поднесени според член 108 од овој закон.

(4) За целите на спроведување на проверките од став (1) на овој член, Директорот на Агенцијата за шуми донесува  годишен план за контрола кој го содржи најмалку следното:

1) национални критериуми за ризик, утврдени во согласност со став (3) на овој член, со цел да се определат потребните проверки и систематски вклучуваат критериуми за ризик во однос на земји или делови од нив класифицирани како високоризични и

2) изборот на оператори и трговци што треба да се провериат при што тој избор треба да се заснова на националните критериуми за ризик наведени во точка 1) од овој став, користејќи, меѓу другото, информациите содржани во дигиталниот систем од член 109 на овој закон и техниките за електронска обработка на податоци; за секој оператор или трговец што треба да се провери Агенцијата за шуми може да идентификува конкретни изјави за длабинска анализа што треба да се проверат.

(5) Годишниот преглед на плановите од страна на Агенцијата за шуми систематски се надоврзува на резултатите од проверките и искуството за спроведување на плановите од став (4) на овој член со цел да се подобри нивната ефикасност.

(6) Годишниот план за контрола треба да опфати најмалку 3% од операторите кои ставаат или ставаат достапни на пазарот или извезуваат шумски дрвни производи кои содржат или биле направени со користење на релевантни шумски дрвни производи произведени во земја на производство или нејзини делови класифицирани како стандарден ризик.

(7) Годишниот план за контрола треба да опфати најмалку 9% од операторите кои ставаат или ставаат достапни на пазарот или извезуваат шумски дрвни производи кои содржат или се направени со користење на релевантни шумски дрвни производи како и 9 % од количината на секој од релевантните шумски дрвни производи кои содржат или се направени со користење на релевантни шумски дрвни производи произведени во земја или нејзини делови класифицирани како високоризични.

(8) Годишниот план за контрола треба да опфати најмалку 1% од операторите кои ставаат или ставаат достапни на пазарот или извезуваат шумски дрвни производи кои содржат или биле направени со користење на шумски дрвни производи произведени во земја или нејзини делови класифицирани како низок ризик.

(9) Квантификуваните цели на проверките што ги спроведува Агенцијата за шуми треба да се исполнуваат посебно за секој од релевантните шумски дрвни производи. Квантификуваните цели се пресметуваат со упатување на вкупниот број на оператори кои ставиле или ставиле достапни на пазарот или извезле релевантни шумски дрвни производи во претходната година, и на количината, каде што е применливо. Се смета дека операторите се проверени кога Агенцијата за шуми ги проверила елементите ѕврдени во член 102 став (1) точки 1) и 2) од овој закон.

(10) Без да се во спротивност со однапред планираните проверки во согласност со став (4) на овој член, Агенцијата за шуми врши проверки согласно став (1) на овој член кога ќе добие или ќе биде запознаена со релевантни информации, вклучително и врз основа на оправдани грижи поднесени од трети страни според член 108 од овој закон, кој се однесува на потенцијален случај на неусогласеност со одредбите на овој закон и прписите донесени врз основа на овој закон.

(11) Проверките се вршат без претходно предупредување на операторот или трговецот, освен кога е неопходно претходно известување на операторот или трговецот за да се обезбеди ефективност на проверките.

(12) Агенцијата за шуми води евиденција за проверките, особено наведувајќи ја нивната природа и резултати, како и мерките преземени во случај на неусогласеност. Евиденцијата за сите проверки се чува најмалку десет години.

### Неусогласени шумски дрвни производи кои бараат итна акција

**Член 101**-член 17 од Регулативата

(1) Агенцијата за шуми идентификува ситуации кога шумски дрвни производи претставуваат толку висок ризик од неусогласеност со член 91 од овој закон што бараат примена на итни мерки, пред тие шумски дрвни производи да бидат ставени или достапни на пазарот или извезени. Агенцијата за шуми ги регистрира таквите идентификувани ситуации во дигиталниот систем од член 109 од овој закон.

(2) Кога Агенцијата за шуми ги идентификува ситуациите од став (1) на овој член, вклучително и кога од оператор е поднесена изјава за длабинска анализа во врска со соодветните производи, дигиталниот систем од член 109 на овој закон го идентификува високиот ризик од неусогласеност со член 91 од овој закон и ја информира Агенцијата за шуми, која:

а) презема итни привремени мерки според член 106 од овој закон за да го суспендираат ставањето или ставањето достапни на пазарот на тие шумски дрвни производи или

(б) штом ќе се воспостави електронскиот интерфејс, во случај на шумски дрвни производи кои влегуваат или излегуваат од пазарот, бара царинските органи да го прекинат пуштањето во слободен промет или извозот на тие релевантни производи.

(3) Суспензиите од ставот (2) на овој член завршуваат во рок од три работни дена или во рок од 72 часа во случај на лесно расипливи релевантни производи, почнувајќи од моментот кога ќе се утврди високиот ризик од неусогласеност во дигиталниот систем од членот 109 од овој закон. Кога Агенцијата за шуми, врз основа на резултатот од проверките извршени во тој период, ќе заклучи дека и е потребно дополнително време за да се утврди дали релевантните шумски дрвни производи се усогласени со член 91 од овој закон, го продолжува периодот на суспензија за дополнителни три работни дена, со помош на дополнителни привремени мерки преземени според член 106 од овој закон или, во случај на релевантни шумски дрвни производи кои влегуваат или излегуваат од пазарот, со известување на царинските органи за потребата од одржување на суспензијата.

### Проверки на оператори и трговци кои не се мали и средни претпријатија

**Член 102**-член 18 од Регулативата

(1) Проверките на операторите и трговците кои не се мали и средни претпријатиа вклучуваат:

1) испитување на нивниот систем за длабинска анализа, вклучително и процедури за проценка на ризик и намалување на ризикот, како и на документација и евиденција што го покажуваат правилното функционирање на системот за длабинска анализа;

(2) испитување на документацијата и записите кои покажуваат дека конкретен релевантен шумски дрвен производ што операторот го пласирал или има намера да го пласира на пазарот или има намера да извезе или дека трговецот што не е мало исли средно претпријаѕие го ставил на располагање или има намера да го стави достапен на пазарот е во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, вклучувајќи, кога е применливо, преку мерки за намалување на ризикот, како и испитување на релевантните изјави за длабинска анализа.

(2) Проверките на операторите и трговците кои не се мали и средни претпријатија, исто така, може да вклучуваат, каде што е соодветно, особено кога испитувањата од став (1) на овој член покренале прашања, следното:

1) испитување на теренот на релевантните стоки или на релевантните шумски дрвни производи со цел да се утврди нивната кореспонденција со документацијата што се користи за спроведување на длабинска анализа;

2) испитување на корективни мерки преземени според член 107 од овој закон;

3) какви било технички и научни средства соодветни за да се одреди видот или точното место каде што е произведен шумскиот дрвен производ, вклучувајќи анатомска, хемиска или ДНК анализа;

4) какви било технички и научни средства соодветни за да се утврди дали шумскиот дрвен производ е без уништување на шумите, вклучително и податоци за набљудување на земјата како што се од програмата и алатките Коперник или од други јавно или приватно достапни релевантни извори; и

5) проверки на самото место, вклучувајќи теренски ревизии, вклучително каде што е соодветно во трети земји, под услов таквите трети земји да се согласат, преку соработка со надлежните органи на тие трети земји.

**Проверки на трговците кои се мали и средни претпријатија**

**Член 103**-член 19 од Регулативата

(1) Проверките на трговците кои се мали и средни претпријатија вклучуваат испитување на документацијата и евиденцијата заради докажување на усогласеност со одредбите на  член 93 ставови (2), (3) и (4) на овој закон.

(2) Проверките на трговците кои се мали и средни претпријатија, исто така, може да вклучуваат, онаму каде што е соодветно, проверки на место, вклучително и теренски ревизии особено кога испитувањата од став (1) на овој член утврдиле неусогласеност со одредбите на  член 93 ставови (2), (3) и (4) на овој закон.

**Поврат на трошоците од страна на Агенцијата за шуми**

**Член 104**-член 20 од Регулативата

(1) Доколку при спроведените проверки Агенцијата за шуми утврди неусогласеност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, операторите или трговците се должни целокупните трошоци за спроведените проверки да ги надоместат на Агенцијата.

(2) Трошоците од став (1) на овој член се трошоците за спроведување на тестирање, складирање и активности поврзани со шумските дрвни производи за кои е утврдено дека не се во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и се предмет на корективни мерки пред пуштањето на тие шумски дрвни производи во слободен промет, нивно пласирање на пазарот или нивен извоз.

**Соработка и размена на информации**

**Член 105-**член 21 од Регулативата

(1) Агенцијата за шуми соработува со, Царинската управа, надлежните органи и царинските органи од земји-членки на Европската Унија, Европската Комисијата и доколку е потребно, со надлежните органи на трети земји со цел да се обезбеди усогласеност со овој закон, вклучително и во однос на спроведувањето на теренските ревизии.

(2) Агенцијата за шуми воспоставува административен аранжман со Европската Комисијата во врска со преносот на информации за истрагите и спроведувањето на истрагите.

(3) Агенцијата за шуми разменува информации за споведувањето на одредбите на овој закон, вклучително и преку дигиталниот систем од член 109 од овој закон. Размената на информации вклучува и давање на пристап и размена на информации за операторите и трговците, вклучително и изјави за длабинска анализа, како и за природата и резултатите од извршените проверки, со надлежните органи на другите земји-членки за да се олесни спроведувањето на овој закон.

(4) Агенцијата за шуми веднаш ќе ги алармира надлежните органи на другите земји-членки и Европската Комисија кога ќе открие каква било потенцијална неусогласеност со одредбите на овој закон и сериозни недостатоци кои би можеле да влијаат на повеќе од една земја-членка. Агенцијата за шуми, особено, ќе ги информира надлежните органи на другите земји-членки кога ќе открие шумски дрвен производ на пазарот за кој смета дека е несоодветен, за да се овозможи повлекување или отповикување на таков производ од продажба во сите земји-членки.

## Привремени мерки

**Член 106**-член 23 од Регулативата

(1) Кога Агенцијата за шуми врз основа на :

1) испитување на докази или други релевантни информации, вклучувајќи информации разменети според член 105 од овој закон или оправдани грижи поднесени според член 108 од овој закон;

2) проверките утврдени во членовите 102 и 103 од овој закон и

3) идентификацијата на ризиците од страна на дигиталниот систем од член 109 од овој закон.

утврди неусогласеност,донесува решение во рок од осум дена од денот на утврдената неусогласеност за итни привремени мерки, вклучително и запленување на релевантните шумски дрвни производи, или суспендирање на пласирањето или ставањето на располагање на пазарот или извозот на релевантните стоки или релевантни производи.

(2) Доколку е потребно, Агенцијата за шуми за спроведените мерки од став (1) на овој член, ја информира Европската Комисија и надлежните органи на другите земји-членки во рок од 15 дена од денот на донесување на решението од став (1) на овој член

## Корективни мерки во случај на неусогласеност

**Член 107**-член 24 од Регулативата

(1) Кога Агенцијата за шуми утврди дека операторот или трговецот не се усогласил со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон или дека шумскиот дрвен призвод ставен или достапен на пазарот или извезен не е во согласност, освен што прекршочно го казнува операторот или трговецот, донесува  и решение со кое му утврдува рок за преземање на соодветни и пропорционални корективни мерки за да се стави крај на неусогласеноста кој неможе да биде пократок од 60 ниту подолг од 90 дена.

(2) За целите на став (1) од овој член, корективните мерки што треба да ги преземе операторот или трговецот вклучуваат најмалку една од следниве:

1) корекција на каква било формална неусогласеност, особено со барањата од членовите 91 до 98 од овој закон

2) спречување на релевантниот шумски дрвен производ да биде ставен или достапен на пазарот или извоз;

3) итно повлекување или отповикување на соодветниот производ и

4) донирање на релевантниот шумски дрвен производ за добротворни цели или цели од јавен интерес или, доколку тоа не е можно, негово отстранување во согласност со прописите за управување со отпад.

(3) Независно од корективните мерки преземени според став (2) на овој член, операторот или трговецот треба да ги реши сите недостатоци во системот за длабинска анализа со цел да се спречи ризикот од понатамошно неусогласеност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(4) Доколку операторот или трговецот не преземе корективни мерки како што е наведено во став (2) и во временскиот период утврден во решението од став (1) на овој член, или кога неусогласеноста според став (1) продолжи и по истекот на решението од став (1) на овој член, Агенцијата за шуми ќе донесе решение за одземање на спорните дрвни шумски производи.

**Пријава од физички или правни лица**

**Член 108**- член 31 од Регулативата

(1) Физички или правни лица можат да поднесат пријава до Агенцијата за шуми кога сметаат дека еден или повеќе оператори или трговци не ги почитуваат одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Агенција за шуми во рок од осум дена од денот на поднесената прива од став (1) на овој член, внимателно и непристрасно ќе ги процени наводите од пријавата, вклучително и дали тврдењата се основани, при што спроведува проверки и интрвју со операторите и трговците, со цел да се откријат потенцијални не - усогласености со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Доколку врз основа на спроведената истрага од став (2) на овој член Агенцијата за шуми утврди дека постои неусогласеност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, донесува решение за преземање на привремени мерки според член 106 од овој закон за да се спречи ставање или ставање на располагање на пазарот и извоз на релевантни шумски дрвни производи кои се предмет на истрага.

(4) Агенцијата за шуми во рок од 30 дена од денот на доставувањето на пријавата од став (1) на овој член го информира подносителот на пријавата за преземените чекори по пријавата и ќе ги наведе причините за тоа.

(5) Агенцијата за шуми е должна да обезбеди мерки за заштита на идентитетот на физичките или правните лица кои поднесуваат пријави или кои спроведуваат истраги со цел да ја потврдат

усогласеноста на операторите или трговците со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

### Дигитален систем за следење на шумски дрвни производи

### Член 109

(1) За следење и контрола на движењето на шумските дрвни производи од фазата на ознака за сеча, фазата на сеча и дотур до фазата на транспорт, односно од шума до купувач или склад, од склад до друг склад и од склад до купувач, се воведува дигитален систем за следење на шумските дрвни производи.

(2) Дигиталниот систем за следење на шумските дрвни производи претставува дел од интегрираниот шумски информациски систем.

(3) Дигиталниот систем за следење на шумските дрвни производи го користат Агенцијата за шуми, субјектите кои стопанисуваат со државни шуми, и субјектите кои обавуваат трговија со шумски дрвни производи.

(4) Обезбедување на софтверска апликација за дитиалниот систем за следење на субјектите од ставот (3) на овој член се доделува без надомест.

(5) Начинот на конфигурација на дигиталниот систем за следење, содржината, начинот на негово одржување и управување како и алатките и процедурите за негова употреба и пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

### Набавка, продажба и преработка на дрво

### Член 110

(1) Забранета е набавка, продажба, преработка и комерцијална употреба на шумски дрвни сортименти кои не се жигосани со видлив знак или не се снабдени со испратница.

(2) Субјектите кои стопанисуваат со државните шуми се должни продажбата на шумски дрвни производи да ја вршат преку привремени шумски складишта во рамките на шумско-стопанската единица (во понатамошниот текст: привремени складишта) и/или регистрирани складишта во урбано/населено место (во понатамошниот текст: постојни складишта на правно лице кое има Решение за вршење на промет на шумски дрвни производи ) и да ја чуваат документацијата за продадени дрвни сортименти на основа на соодветна Книга за евиденција (во електронска и хартиена форма) во период од најмалку пет години.

(3) Субјектите кои стопанисуваат со државни шуми, продажбата на шумски дрвни сортименти на големо може да ја вршат само преку јавна и транспарентна постапка.

(4) Шумските дрвни сортименти во складиштата се физички одделени и наредени по видови дрвја и квалитетни класи (техничко и огревно дрво).

(5) Субјектите кои стопанисуваат со државните шуми можат да вршат продажба на дрво и дрвни сортименти на корен и собирање на шумски дрвни остатоци со издадено решение од Државниот инспекторат за шумарство и ловство при вонредни сечи на опожарени површини, површини зафатени со ветроломи, ветроизвали, снеголоми и снегоизвали, прореди на култури, прочистување на траси на проектирани шумски патишта, осветлување на шумски патишта, противпожарни просеки, прочистување на граничен појас, прочистување на траси за изградба на далекуводи, чистење на пренаменети површини за користење (експлоатација) на минерални суровини, чистење на шумската вегетација во акумулациониот простор од хидроенергетските системи, како и за собирање на шумски отпад/отпад после сеча од делови од стабла кои остануваат во шумата по редовни или вонредни сечи, суви стебла настанати како резултат на влијанието на биотски, абиотски и антропогени фактори, како и да можат да вршат продажба на дрво на корен и на правни лица доколку дрвната резерва на зрелите насади предвидени за сеча е под 50 м3/ха (неочувани нискостеблени насади).

(6) Субјектот  кој врши набавка, продажба или механичка преработка на шумски дрвни сортименти е должен по приемот на истите да ги евидентира во соодветна Книга заевиденција (во електронска и хартиена форма) за период од најмалку пет години.

(7) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува  формата и содржината на Книгата за евиденција на шумски дрвни сортименти набавени  за продажба или механичка преработка.

**Услови за добивање на решение за промет на шумски дрвни производи**

**Член 111**

(1) Промет со дрво може да врши правно лице кое има Решение за вршење на промет на шумски дрвни производи и кое е регистрирано во Регистарот на правни лица за вршење на промет со дрво (во понатамошниот текст:  трговец со дрво), кој се води во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.
(2) Решението за промет на шумски дрвни производи го издава органот на државната управа надлежен за работи од областа на шумарството.
(3) За добивање на решение за промет на шумски дрвни производи, правното лице поднесува барање до органот на државната управа надлежен за работи од областа на шумарството во хартиена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(4) Кон барањето од ставот (3) на овој член, правното лице приложува:
- документ дека е регистрирано во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење на дејност промет на големо и мало со дрво и тековна состојба на правното лице,
- документ со кој потврдува дека има вработено најмалку едно стручно лице со високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на шумарските науки, со или без работно искуство или лице со завршена средна стручна спрема од шумарска струка-шумарски техничар, техничар за шумарство  и пејсажна архитектура,

- документ дека на правното лице не му е изречена казна за кривично дело: Информација за кривична судска одлука издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- потврда дека на правното лице не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- потврда дека на правното лице не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- изјава наодговорното/овластеното лице на правното лице заверена на нотар дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари
- документ со кој се потврдува дека исполнува минимално технички услови за вршење на промет на шумски дрвни производи**,**
- доказ за платен надомест за добивање на Решение за вршење на промет на шумски дрвни производи во износ од 6000 денари, која се плаќана приходната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ќе донесе поблизок пропис за исполнување на минимално технички услови за вршење на промет на шумски дрвни производи.
(6)Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството преку Државениот инспекторат за шумарство и ловство, на правното лице од ставот (1) на овој член му врши проверка на поднесената документација од ставот (4) на овој член со утврдување фактичката состојба на лице место и ја констатира со записник кој го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.
(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството води Регистар на правни лица кои вршат промет на шумски дрвни производи (во електронска и хартиена форма).
(8) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето донесува решение за одобрување или одбивање на барањето од ставот (3) на овој член кое може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификована електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Против решението од ставот (10) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(10) Жалбата од став (9) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член, формата и содржината на известувањето од ставот (12) на овој член како и формата и содржината на Регистарот на правни

лица кои вршат промет на шумски дрвни производи ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.
(12) За секоја промена на условите врз основа на кои е донесено решение за вршење на промет на шумски дрвни производи, правното лице е должно да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.
(13) Решение за вршење на промет на шумски дрвни производи престанува да важи доколку се утврди дека правното лице:
- самоиницијативно се откаже од правото на вршење на промет на шумски дрвни производи,
- управителот на правното лице е правосилно осуден за кривично дело безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или ако му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на дејност или должност за вршење на промет на шумски дрвни производи,
- врши дејствија спротивно на овој закон и
- по добивањето на решението за вршење на промет на шумски дрвни производи, престанал да ги исполнува условите за добивање на решението.

**Услови за продажба на шумски дрвни производи од страна на сопственици на приватни шуми**

**Член 112**

(1) По исклучок од одредбата од членот 111 став (1) на овој закон продажба на шумски дрвни производи можат да вршат сопственици на приватни шуми кои не се должни да се запишат во Регистарот на правни лица за трговија со дрва.
(2) Сопственикот на приватна шума за извршената продажба на шумски дрвни производи е должен да достави известување до Државниот инспекторат за шумарство и ловство најмогу 30 дена од денот на извршената продажба.

**Извоз на дрво**

**Член 113**

(1) Извоз на шумски дрвни производи може да вршат правни лица кои вршат трговија со дрво (во понатамошниот текст: извозници на дрво) само во случај кога за секоја испорака на производи има соодветно одобрение издадено од Агенција за шуми.

(2) Одобрението за извоз може да се издаде на основа на барање на извозникот на дрво и доколку доставената документација ги содржи следните информации за секоја испорака на дрвни производи:

1. дрвни видови, тип, квантитет и квалитетна класа на производот;

2. доказ за сопственост на производот;

3.легалноста и потеклото на производот, особено вклучувајќи ги договорите со продавачите соодветните приемници и испратници кои се издадени според одредбите од овој закон.

(3) Барањето за издавање на одобрение за извоз се поднесува (преку EXIM системот или во хартиена форма) до Агенцијата за шуми.

(4) Агенцијата за шуми во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето донесува решение за одобрување или одбивање на барањето од ставот (3) на овој член. Агенцијата за шуми го изадава решението преку EXIM системот.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Жалбата од став (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ги пропишува формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за извоз од ставот (3) на овој член и формата и содржината на одобрението од ставот (1) на овој член.

**Увоз на дрво**

**Член 114**

(1) Правно лице увезени шумски дрвни производи може ги пушти во промет во Република Северна Македонија само на регистрирано складиште согласно условите предвидени во членот 110 од овој закон.

(2) Пред да се пуштат шумските дрвни производи во промет,увозникот обезбедува:

1) информација за дрвните видови, типот, количината и квалитетната класа на сортиментите кои се складираат на складиштето и

2) жигосување на шумските дрвни сортименти и издавање на испратница за нивниото пуштање во промет.

(3) Жигосувањето и издавањето на испратница од ставот (2) на овој член го врши Агенцијата за шуми на барање на увозникот.

(4) За добивање на решение за спроведување на жигосување и издавање на испратница, правното лице поднесува барање до Агенцијата за шуми во хартиена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Агенцијата за шуми во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето донесува решение за одобрување или одбивање на барањето од ставот (3) на овој член кое може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификована електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Против решението од ставот (5) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) Жалбата од став (6) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) За спроведување на жигосувањето и издавањето на испратницата од ставот (2) на овој член увозникот плаќа трошок на сметка на Агенцијата за шуми.

(9) Висината на трошокот од став (8) на овој член се определува врз основа на реално направените трошоци за спроведување на жигосувањето и издавањето на испратницата.

(10) Директорот на Агенцијата ја пропишува висината на трошокот за спроведување на жигосувањето и издавањето на испратница од ставот (2) на овој член.

## Услови за одржливо производство на дрво за енергија

### Член 115

(1) За целите на овој член, дрвото за енергетски цели опфаќа дрво за обновлива енергија и огревно дрво.

(2) Дрвото за обновливи извори на енергија особено вклучува дрво за хемиска обработка, шумски дрвни остатоци, дрвна маса од гнили или нагнилени дрвја, гранки и врвови од дрвја, дрво од шумски плантажи и друго дрво од кое не може да се произвде техничко дрво.

(3) Се забранува производство на дрво за енергетски цели од шумски дрвја и насади кои содржат или има изгледи дека ќе содржат квалитет за техничко дрво, освен во случај на намалување на квалитетот на техничкото дрво утврден согласно планската документација.

(4) Производство на дрво за енергетски потреби од ставовите (2) и (3) на овој член треба да ги исполнува следните критериуми за одржливост:

1. Сечата се планира и контролира во согласност со овој закон;

2. Посечените површини се обновуваат (природно или вештачки);

3. За заштитените подрачја се обезбедуваат докази дека сечата не ги попречува целите за заштита на природата;

4. Сечата се врши на начин со кој се одржува квалитетот на почвата и биолошката разновидност со цел да се минимизираат негативните влијанија и

5. Сечата го одржува или подобрува долгорочниот производствен капацитет на шумата.

(5) Површината од која се врши сеча за производството на дрво за енергетски потреби, треба да биде пошумена доколку во рок од две години не се јави природна обнова, со цел за зачувување и подобрување на резервите и резервоарите на јаглерод.

## Услови за продажба на дрво и шумски дрвни производи од државни шуми

**Член 116**

(1) Продажбата на шумски дрвни производи и дрво на корен од државни шуми се реализира во услови на слободен пазар и на јавно транспарентен начин.

(2) На предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството Владата донесува ценовник за дрвото што се продава како шумски дрвни производи и дрво на корен.

(3) Со ценовникот од ставот (2) на овој член се утврдуваат минималните цени за дрвото што се продава како шумски дрвни производи и дрво на корен.

**Услови за некомерцијално собирање на недрвни шумски производи**

**Член 117**

(1) Собирањето на недрвни шумски производи во шума и на друго шумско земјиште се врши на начин што нема да предизвика изумирање на одредени растителни видови или нема да ја оштети шумата или другото шумско земјиште.

(2) Забранeто е собирање на заштитени видови кои се дел од недрвните шумски производи согласно со прописите за заштита на природата.

(3) Кога постои опасност од исчезнување на одредени растителни видови кои се дел од недрвните шумски производи, во шума и шумско земјиште со кои стопанисува субјектот надлежен за стопанисување со државните шуми и во шума која е во приватна сопственост, министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството со согласност на министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата, може привремено да изрече ограничување или забрана за користење на недрвни шумски производи.

(4) Користењето, односно собирањето на други шумски производи во шума и на шумско земјиште може да се врши само ако тоа е предвидено со посебниот план и годишните планови за стопанисување со шумите.

(5) Субјектот кои стопанисува со шумите и шумското земјиште во државна сопственост, може врз основа на склучен договор, со надоместок да го отстапи користењето, односно собирањето на производите од ставот (2) на овој член на други правни и физички лица за стопанска намена.

(6) Субјектот кои стопанисува со шумите и шумското земјиште во државна сопственост е должен да води евиденција за бројот на издадените согласности и видот и количините на собраните производи од ставот (2) на овој член.

(7) Некомерцијалното собирање на други шумски производи е бесплатно во сите шуми и на другото шумско земјиште под услов износот на собран друг шумски производ (по лице во одреден ден) да биде во рамките на пропишаната максимална количина на производот.

(8) Министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството пропишува список на недрвни шумски производи кои се предмет на некомерцијално собирање, начинот на нивното одржливо собирање и соодветните максимални количества што треба да се признаат за некомерцијални цели.

**Дозвола за промет или сертификат за увоз и/или извоз и/или транзит и/или повторен извоз со недрвни шумски производи**

**Член 118**

(1) Недрвните шумски производи можат да бидат ставени во промет.

(2) Промет со недрвни шумски производи утврдени во прописот од став (8) на овој член се врши само по претходна дозвола за промет или сертификат за увоз и/или извоз и/или транзит и/или повторен извоз (во натамошниот текст: дозвола или сертификат) издадени од Агенцијата за шуми.

(2) За добивање на дозвола или сертификат, правното лице поднесува барање со пропратна документација до Агенцијата за шуми во хартиена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Агенцијата за шуми во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето донесува решение за издавање на дозвола или сертификат или решение за одбивање на барањето од ставот (2) на овој член кое може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(5) Жалбата од став (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) За издавање на дозвола или сертификат правното лице плаќа трошок на сметка на Агенцијата за шуми.

(7) Висината на трошокот од став (6) на овој член се определува врз основа на реално направените трошоци за издавање на дозвола или сертификат кои настануваат како резултат на постапката за издавање на дозволи, односно сертификати.

(8) Директорот на Агенцијата ја пропишува висината на трошокот за издавање на дозвола или сертификат, список на недрвни шумски производи кои можат да се стават во промет, формата и содржината на образецот на барањето за издавање на дозволата и сертификатот, видот, формата и содржината на образецот на дозволата и на сертификатот, како и потребната документација која се приложува кон барањето.

## 6. Шумска инфрастуктура

### Услови за планирање, градење и одржување на шумската инфраструктура

### Член 119

(1) Шумската инфраструктура се планира, гради, одржува и користи на начин со кој не се:

- загрозуваат општокорисните функции на шумите,
- загрозува процесот на природната обнова на шумите,
- загрозуваат изворите на водите и водните текови,
- предизвикуваат ерозивни процеси,
- загрозува протекот на површински и подземни води,
- нарушува стабилноста на земјиштето,
- загрозуваат живеалиштата на дивите животни и растенијата и
- загрозуваат културно-историските наследства.

(2) Начинот на проектирање, техничките услови за изградба и одржување на шумската инфраструктура, техничкиот прием на изградената инфраструктура, како и означувањето на шумските патишта ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми со согласност на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспорт и врски.

### Шумски патишта, планирање и изградба

### Член 120

(1) Планирани и изградени патишта во шума кои се наменети за превоз на шумски производи, се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите кои стопанисуваат со тие шуми.

(2) Оптималната отвореност на шумите со патишта се утврдува со Националниот план за одржлив развој на шумите и плановите за стопанисување со кои планирањето и изградбата на шумските патишта детално се разработени.

(3) Координација во планирањето, изградбата, одржувањето и кофинансирањето за изградба и одржување на патишта во функција за стопанисување со приватните шуми, во рамките на територијата на општината каде припаѓаат патиштата, како и стручен надзор за извршените работи, врши субјектот кој стопанисува со шумите во државна сопственост и претставник на единицата на локалната самоуправа на чија територија се гради патот.

(4) Изградбата на шумски патишта ќе се врши врз основа на проектна документација. Изградбата на шумските патишта треба да биде предвидена во посебните планови за стопанисување или управување со шумите.

(5) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува формата и содржината на образецот за проектната документација.

## Шумски патишта–одржување и користење

### Член121

(1) Шумските патишта се користат првенствено за потребите на субјектите кои стопанисуваат со шумите и потребите на локалната заедница.

(2) Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги одржуваат шумските патишта и водат евиденција за нив.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член шумските патишта можат да ги користат и други правни и физички лица под услови кои ќе ги утврдат субјектите кои стопанисуваат со шумите, како и единицата на локалната самоуправа за патишта во приватни шуми за чија изградба учествувала во финансирањето.

(4) Доколку шумските патишта се користат за остварување на приход, корисниците се должни да плаќаат надоместок за користење, на субјектот кој стопанисува со шумата, односно на сопственикот на шумата.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член шумските патишта можат да ги користат и други субјекти заради спасување, за работи на органите на државната управа за внатрешни работи, за потребите на одбрана на земјата, за спроведување на мерки за заштита од природни катастрофи, како и за одржување на јавната инфраструктура.

(6) Доколку на шумските патишта се извршуваат шумарски и други работи кои можат да ја загрозат сигурноста на одвивање на прометот, патот може да се затвори.

(7) Субјектот кој го затворил патот заради причини од ставот (6) на овој член е должен да го обележи попречувањето/затворањето со сообраќајни знаци.

# V. ШУМСКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ И МОНИТОРИНГ

## Интегриран шумски информативен систем

### Член 122

(1) Агенцијата за шуми воспоставува и управува со интегриран шумски информациски систем кој ги обезбедува сите потребни информации во врска со шумите и шумското земјиште за потребите на планирање, стопанисување, мониторинг,известување за шумите и донесување на одлуки.

(2) Интегрираниот шумски информациски систем ги содржи, особено, подсистемите или базите на податоци поврзани со:

1) националната инвентаризација и мониторинг на шумите.

2) планирање и следење на спроведувањето на плановите за стопанисување;

3) дигитално следење на шумските дрвни производи;

4) база на податоци  за шумите и шумското земјиште, вклучително и поврзаност со системот за идентификација на парцели на земјоделско земјиште (во натамошниот текст: LPIS);

5) база на податоци за заштита на шумите од пожари, вклучувајќи ги врските со националниот информативен систем за шумски пожари (во натамошниот текст: МАКФФИС), и

6) други бази на податоци  врз основа на овој закон и други закони и соодветната програма за работа на Агенцијата за шуми.

(3) Конфигурацијата, начинот на одржување, управување и користење на интегрираниот шумски информациски систем го пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

**База на податоци за шумите и  шумско земјиште**

**Член 123**

(1) Агенцијата за шуми формира, води и ажурира база на податоци за  шумите и друго шумско земјиште (во натамошниот текст: база на податоци за шуми) како дел од интегрираниот шумски информациски систем.

(2) Базата на податоци за шуми се базира на просторните и атрибутните катастарски податоци за шуми на Агенцијата за катастар на недвижности и се хармонизирани и со можност за размена со податоците од системот за идентификација на парцели на земјоделско земјиште - LPIS.

(3) На барање на Агенцијата за шуми, Агенцијата за катастар на недвижности ги доставува просторните и атрибутните катастарски податоци за шумите и шумското земјиште, вклучително и податоците за нивните сопственици во електронска форма.

(4) Базата на податоци за шуми се содржи од стандардни катастарски податоци според ставот (2) на овој член, податоци за промените на шума и друго шумско земјиште, како и податоци од шумските планови, вклучително и соодветните шумски карти.

(5) Поради промените во шуми и друго шумско земјиште како резултат од природната експанзија на шумите, подигање на нови шуми на нешумско земјиште или трајна пренамена на шума во друга употреба на земјиште, Агенцијата за шуми редовно ја ажурира базата на податоци за шуми и ги доставува до Агенцијата за катастар на недвижности во име на Република Северна Македонија како сопственик на шума.

(6) Формата и структурата на базата на податоци за шуми како и начинот на чување и користење ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми со согласност на министерот надлежен за работи од областа на катастар на недвижности.

(7) Податоците од ставот (3) на овој член се обезбедуваат бесплатно од Агенцијата за катастар на недвижности во согласност со закон.

**Мониторинг на здравјето и виталноста на шумите**

**Член 124**

(1) Поради спроведување на интензивен и постојан мониторинг на здравјето и виталноста на шумските екосистеми, на основа на меѓународна (ICP)-ПОЛН НАЗИВ ПА ПОСЛЕ КРАТЕНКА методологија, Агенцијата за шуми одобрува/донесува Програма за мониторинг на здравјето и виталноста на шумските екосистеми и формира соодветна база на податоци.

(2) Програмата од ставот (1) на овој член се носи за период од две години.

(3) Формата и содржината на програмата од став (1) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

(4) Програмата од ставот (1) на овој член ја изготвува и спроведува Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" - Скопје,факултет за шумарски науки,пејзажна архитектура и екоинжинеринг Ханс Ем - Скопје.

(5) За изработка и спроведување на програмата од ставот (1) на овој член директорот на Агенцијата за шуми склучува договор со Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" - Скопје, факултет за шумарски науки,пејзажна архитектура и екоинжинеринг Ханс Ем - Скопје.

(6) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува методологијата за мониторирање и формата и содржината на базата на податоци, како дел од интегрираниот шумски информациски систем.

(7) Освен мониторингот од ставот (1) на овој член, редовен годишен мониторинг на виталноста и здравствената состојба на шумите, врз основа на набљудувања при вршење на стручно-технички работи и чување на шумите, вршат и субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите и Агенцијата за шуми која воедно врши и координација на мониторингот.

(8) Средствата за спроведување на програмата од став (1) на овој член се обезбедуваат согласно годишната програма за работа на Агенцијата за шуми.

## Оцена и известување за одржливоста на стопанисувањето со шумите

### член 125

(1) Заради оценување на одржливоста на стопанисувањето со шумите, врз основа на општите принципи од членот 52 на овој закон, Агенцијата за шумите воспоставува база на податоци.

(2) Одржливоста на стопанисувањето со шумите се оценува на ниво на шумско-стопански единици, како дел од процесот на изработка на плановите за стопанисување и се интегрира на национално ниво за потребите на националното и меѓународното известување.

.

## Известување за динамиката на јаглерод во шумите

### Член 126

Заради исполнување на меѓународните и Европските барања за користење на земјиштето, според програмата за промена на користење на земјиштето и шумарство (во натамошниот текст: LULUCF) и за националните потреби, Агенцијата за шуми обезбедува соодветни податоци за шумските резерви на јаглерод како и складирање и емисии на CO2 од шумите и другото шумско земјиште.

**Мониторинг на шумски пожари**

**Член 127**

(1) За следење на шумски пожари, Агенцијата за шуми воведува и одржува соодветена база на податоци за шумски пожари, базиран на постојниот информативен систем за шумски пожари, како дел од интегрираниот шумски информациски систем.

(2) Субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите се должни да ги соберат и да ги внесат податоците за шумските пожари во базата на податоци од ставот (1) на овој член.

(3) Агенцијата за шуми ги разменува податоците инкорпорирани во базата на податоци за шумски пожари со органи надлежни за заштита од пожари и ги доставува бараните податоци за шумските пожари до релевантното меѓународно тело на негово барање.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ги пропишува видот и методот на собирање на податоците и информациите за шумски пожари.

**Спроведување на научни истражувања во шумите и шумското земјиште**

**Член 128**

(1) Заради континуирано зголемување и очувување на шумите и шумското земјиште и нивната вредност, обезбедување на најголем прираст според природните услови и сочувување и подобрување на нивните општокорисни и производни функции во шуми и на шумско земјиште во државна сопственост со кои стопанисува субјектот задолжен за стопанисување со шумите во државна сопственост можат да се вршат научните истражувања врз основа на дозвола која ја издава Агенцијата за шуми.

(2) За спроведување на научно истражување во шуми и на шумско земјиште во државна сопственост со кои стопанисува субјектот задолжен за стопанисување со шумите во државна сопственост, заинтересирани правни и физички лица доставуваат барање до Агенцијата за шуми, во хартиена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Агенцијата за шуми во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето донесува решение за издавање на дозвола или решение за одбивање на барањето од ставот (2) на овој член кое може да биде издадено и во форма на електронски документи кои се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно прописите од

областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(5) Жалбата од став (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) За издавање на дозвола за вршење на научни истражувања,физичкото или  правното лице плаќа трошок на сметка на Агенцијата за шуми.

(7) Висината на трошокот од став (6) на овој член се определува врз основа на реално направените трошоци за издавање на дозвола кои настануваат како резултат на постапката за издавање на дозволи.

(8) Спроведувањето на научно истражување во шуми и на шумско земјиште во државна сопственост со кои стопанисува субјектот задолжен за стопанисување со шумите во државна сопственост,се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со шумите во државна соственост.

(

За резултатите од спроведените истражувања од ставот (1) на овој член, физичките и правните лица, ја известуваат Агенцијата за шуми во рок од 60 дена од денот на завршувањето на истражувањето.

(10) Формата и содржината на барањето за издавање на дозвола, постапката за нејзино издавање, висината на трошокот од став (6) на овој чле како и формата и содржината на образецот на дозволата од ставот (1) на овој член, ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми..

.

## VI. ШУМОЧУВАРСКА СЛУЖБА, ШУМСКА ПОЛИЦИЈА И КОНТРОЛА НА ШУМИТЕ ОД ИЛЕГАЛНИ АКТИВНОСТИ

### Чување на шумите

### Член 129

(1) Чувањето на шумите и другото шумско земјиште од незаконски активности го вршат:

- шумската полиција,
- шумо-чуварската служба организирана од субјектот задолжен за стопанисување со шумите во државна сопственост,
- други овластени лица, вработени во субјектите кои управуваат со заштитени подрачја и
- органот на државната управа надлежен за прашања од областа на внатрешни работи.

(2) Чувањето на шумите и другото шумско земјиште од страна на шумската полиција и шумочуварската служба организирана од субјектот задолжен за стопанисување со шумите во државна сопственост заради спречување и откривање на незаконски активности се врши како реонско и контролно-патролно чување на шумите.

### Начин на спроведување на чувањето на шумите и соработка на службите

### Член 130

(1) Реонското чување на шумите се врши од страна на шумочуварската служба организирана од субјектот задолжен за стопанисување со шумите во државна сопственост согласно одредбите на овој закон. Реонското чување на шумите од страна на другите овластени вработени во субјектите кои управуваат со заштитени подрачја се врши согласно прописите од областа на природата. Реонското чување на шумите главно се врши во рамките на шумските реони, врз основа на зготвен годишен оперативен план донесен од субјектот кој стопанисува со државната шума и одобрен од Агенцијата за шуми.

(2) Контролно-патролното чување на шумите се врши од страна на шумската полиција на територијата на Република Северна Македонија.

(3) Работите на припадниците на органот на државната управа надлежен за внатрешни работи од членот 127 став (1) на овој закон се врши во рамките на нивните редовни активности и овластувања во согласност со закон, како и во случај на давање на асистенција која се обезбедува на барање на Шумската полиција и шумочуварската служба.

(4) Усогласување и координација на заедничкото работење на службите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член го врши Агенцијата за шуми врз основа на годишна оперативна програма за борба против незаконски активности во шумарството.

(5) Со оперативната програмата од ставот (4) на овој член особено се уредува:

- начин на координација на службите;
- динамика за спроведување на координативните активности;
- протокол за спроведување на координативните активности и
- определување на критични точки на дејствување.

(6) Субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми обезбедуваат соработка на нивните шумочуварски служби со шумската полиција.

(7) Заради зголемување на ефикасноста во сузбивањето на нелегалните шумски активности, службите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се должни да соработуваат со органот на државната управа надлежен за инспекциски надзор во шумарството.

### Финансирање на шумочуварската служба и шумската полиција

### Член 131

(1) Средствата за функционирање на шумочуварската служба ги обезбедува субјектот задолжен за стопанисување со шумите во државна сопственост.

(2) Средствата за функционирање на шумската полиција се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## Надлежности на припадниците на органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи

### Член 132

Покрај редовните надлежности кои ги имаат во согласност со закон, припадниците на органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи се должни да:

1) вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува шумски дрвни производи, на сите места каде што се чуваат шумските дрвни производи;
2) ги спречат и да ги легитимираат или да ги приведат лицата затечени во вршење на прекршоци казниви по овој закон, или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела и
3) вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на делото при што, предметите и средствата кои се користени со извршување на нелегалната активност ги предадат на Агенцијата за управување со одземен имот, а шумските дрвни производи на субјектот кој стопанисува/управува со шумата на чија територија е извршено привремено одземање на шумските дрвни производи.

## Овластувања на шумочуварската служба

### Член 133

(1) Припадниците на шумочуварската служба особено се овластени и должни да:

1) ја чуваат шумата од бесправни сечи и шумски кражби во рамки на нивниот шумочуварски реон;

2) вршат преглед на сите лица кои превезуваат или пренесуваат дрво, дрвни сортименти и други шумски производи во шумо-чуварскиот реон и на контролни точки на шумските патишта во шумочуварскиот реон;

3) ги легитимираат сите лица затечени во шума, и против лицата затечени во вршење на нелегални активности казниви согласно овој закон и против сторителите поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган;

4) ги известуваат надлежните органи и служби за појавени шумски пожари, растителните болести, шумските штетници, како и други непогоди;

5) за кривични дела извршени на територијата на шумо-чуварскиот реон поднесат соодветна пријава до надлежен орган;

6) вршат привремено одземање на средства и предметите со кои е извршено кривично дело или прекршок согласно на овој закон и истите ги предадат на Агенцијата за управување со одземен имот за што издаваат потврда за привремено одземени предмети.

7) вршат привремено одземање на шумски дрвни производи кои настанале со извршување на кривично дело или прекршок согласно на овој закон и истите ги предадат на субјектот кој стопанисува/ со шумата на чија територија е извршено привремено одземање на шумските дрвни производи за што издаваат потврда за привремено одземените предмети.

8) водат службена книга за превземени дејствија во рамките на своите овластувања утврдени со овој закон и

9) водат книга за евиденција на бесправни сечи на дрвна маса.

(2) Директорот на Агенцијата за шуми, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи ги пропишува правилата за вршење на работите на шумочуварската служба и формата и содржината на службена книга за преземените дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон, како и формата и содржината на книга за евиденција на бесправни сечи на дрвна маса.

**Овластувања на шумската полиција**

**Член 134**

(1) Припадниците на шумската полиција, се овластени службени лица кои имаат посебни должности и овластувања, утврдени со овој и друг закон.

(2) Овластени службени лица особено се овластени да:

1) спроведуваат полициска контрола и да интервенираат во шума и на сите јавни места каде се превезуваат, пренесуваат или се чуваат шумски дрвни производи;

2) ги спречат и да ги идентификуваатт или да ги приведат лицата затечени во вршење на прекршоци казниви по овој закон, или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела,

3) вршат преглед на сите средства со кои се пренесува шумски дрвни производи, на сите места каде што се чуваат овие производи, со цел проверка на легалноста во согласност со овој закон;

4) вршат привремено одземање на шумски дрвни производи, предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на делото, при што предметите и средствата кои се користени со извршување на нелегалната активност ги предадат на Агенцијата за управување со одземен имот, а шумските дрвни производи на субјектот кој стопанисува/управува со шумата на чија територија е извршено привремено одземање на шумските дрвни производи;

5) известуваат за состојбата на шумите во врска со илегални активности и шумски кражби, ги известуваат надлежните органи за тие активности, а против прекршителите покренува постапка пред надлежен орган.

(2) Припадниците на шумската полициска служба се посебно овластени да влегуваат и во сите приватни објекти и места, доколку постои основано сомневање дека таму се чуваат или складираат недозволени шумски производи, во согласност со закон.

(3) На контрола на шумската полиција подлежат сите сопственици на приватна шума и субјекти што стопанисуваат со шумите, други правни лица и физички лица кои се вклучени или поврзани со шумски активности и операции или користат екосистемски услуги од шумите и се должни на припадниците на шумската полиција да им овозможат извршување на нивните овластувања.

(4) Директорот на Агенцијата за шуми ги пропишува правилата за вршење на работите на шумската полиција, обука и оценување на шумската полиција.

**Услови за стекнување на статус на шумочувар и шумски полицаец**

**Член 135**

(1) За вршење на работите од шумочуварската може да биде вработено лице кое покрај општите услови за основање на работен однос, треба да ги исполнува и следниве услови:

1) да е физички и психички способен за вршење на работите на шумочуварската служба;

2) да поседува најмалку средно образование-шумарски техничар за стекнување на статус за шумочувар и

3) да е подобен за носење оружје согласно со одредбите од прописите за поседување и носење на оружје.

(2) Условите за стекнување на статус на шумски полицаец се утврдени согласно Законот за основање на Агенцијата за шуми.

**Употреба на оружје од страна на припадниците на шумочуварската служба и шумска полиција**

**Член 136**

(1) При извршување на овластувањата и должностите од овој закон, припадниците на шумочуварската служба можат да употребат огнено оружје во случај да одбијат од себе непосреден напад со кој се загрозува нивниот живот.

(2) Припадниците на шумската полиција можат да употребуваат огнено оружје за извршување на своите овластувањата и должностите, само ако не можат да ја обезбедат својата професионална служба со употреба на физичка сила, палка или други средства на присилба во следниве случаи:

1) да спречат бегство на лице затечено во вршење кривично дело со кое се оштетува шумата, доколку постојат основани сомневања дека ќе употреби огнено оружје или друг вид на оружје и

2) кога се бранат од непосреден напад со кој се го загрозува нивниот живот.

**Одземање на оружје на припадниците на шумочуварската служба и шумските полицајци**

**Член 137**

(1) Службеното оружје и муницијата на одговорниот припадник на шумската полиција или шумочуварската служба привремено се одземаат кога Агенцијата за шуми или субјектот задолжен за стопанисување со државните шуми ќе добијат известување од надлежна институција за отпочнување на постапка против припадникот на шумската полиција или шумочуварската служба за сторено кривично дело или дело кое вклучува насилство, семејно насилство до правосилноста на одлуката за кривичната или прекршочната постапка.

(2) Одземеното оружје и муниција од ставот (1) на овој член се чува во шумска полициска станица или кај субјектот задолжен за стопанисување/ со државните шуми, кој е должен да го извести државниот орган надлежен за работите од областа на внатрешни работи во рок од 24 часа.

(3) Одземањето на службеното оружје и муницијата од ставот (1) на овој член трае до завршување на постапката со правосилно решение.

(4) Припадникот на шумската полиција или шумочуварската служба за кој е поведена постапка за сторено кривично дело или кривично дело насилство или е добиено известување од надлежниот центар за социјална работа за вршење на семејно насилство, се упатуваат од Агенцијата за шуми или субјектот задилжен за стопанисување со државните шуми на задолжителен психијатриски и психолошки преглед или советување со психолог (психолошко советување) во овластена здравствена установа.

(5) Наодот од психијатрискиот и психолошкиот преглед, односно советувањето со психолог (психолошко советување) со задолжителен наод и мислење за способноста на припадникот на шумската полиција, односно на шумо-чуварската служба да биде распореден на работно место соовластување за носење и употреба на службено оружје се доставува до Агенцијата за шуми или субјектот задолжен за стопанисување/управување со државните шуми, каде што е вработен припадникот на шумската полиција, односно на шумо-чуварската служба.

(6) Во случај на започната постапка против припадникот на шумската полиција, односно на шумочуварската служба за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, Директорот на Агенцијата за шуми, односно директорот на субјектот задилжен за стопанисување со државните шуми, покренува дисциплинска одговорност и ако се докаже дека е извршено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, ќе го распореди на определено време на соодветно работно место без овластување за носење и употреба на службено оружје.

(7) Распоредувањето од ставот (6) на овој член е до правосилноста на одлуката во кривичната постапка, прекршочната постапка односно правосилноста на одлуката од став (1) на овој член.

(8) Кога кај припадник на шумската полиција, односно на шумочуварската служба е утврдено дека поради нарушена психофизичка или општа здравствена способност е неспособен за вршење на работите и задачите од работното место со овластување за носење и употреба на службено оружје на кое е распореден, а истовремено не ги исполнува условите за стекнување на право на инвалидска пензија, Агенцијата за шуми, или субјектот задолжен за стопанисување со државните шуми ќе го распореди на неопределено време на соодветно работно место без овластување носење и употреба на службено оружје.

**Исклучување на одговорност на припадниците шумочуварската служба и шумска полиција**

**Член 138**

Ако оружјето се употреби во границите на овластувањата, исклучена е одговорноста на припадникот на шумочуварот или шумскиот полицаец.

### Униформа и легитимација на припадниците шумочуварската служба и шумска полиција

### Член 139

(1) Припадниците на шумочуварската служба носат службена униформа, легитимација и носат службено оружје според одредбите од овој закон.

(2) Припадниците на шумската полиција со статус на овластено службено лице носат униформа, значка, поседуват легитимација и носат службено оружје според одредбите од овој закон.

(3) На припадниците на шумската полиција со статус на овластени службени лица Агенцијата за шуми им издава службена униформа, оружје, легитимација и значка, додека на припадниците шумочуварската служба субјектот надлежен за стопанисување/управување со државните шуми им издава службена униформа, оружје и легитимација.

(4) Директорот на Агенцијата за шуми, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи ги пропишува видот на униформата, легитимацијата, значката и видот на оружјето што го носат припадниците на шумочуварската служба и шумска полиција.

### Управување со одземено дрво

### Член 140

(1) Субјектите надлежни за стопанисување/управување со државните шуми го преземаат управувањето со одземените шумски дрвни производи, за кои се започнува водење на кривична или прекршочна постапка.

(2) Записник за одземените шумски дрвни производи со податоци за видот, количината, квалитетната класа, потеклото (место викано/катастарска парцела) и местото на запленување поднесува овластената служба која ја одзема дрвната маса, во хартиена и електронска форма и електронски ја доставува до субјектот надлежен за стопанисување/управување со државните шуми за вклучување во интегрираниот шумски информациски систем.

(3) Формата и содржината на записникот од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

(4) Транспортот на одземените шумски дрвни производи од ставот (1) на овој член се врши од страна на субјектите надлежни за стопанисување/управување со државните шуми до складот на субјектот, веднаш по известувањето од органот што известува и ја пренесува до своите складишта каде што се чуваат шумските дрвни производи.

(5) Запленетите шумски дрвни производи не се ставаат во промет и доколку се од државна шума може бесплатно да се даваат за јавни цели или да се користат од страна на субјектите кои стопанисуваат со државни шуми за некомерцијални цели.

(6) Директорот на Агенцијата за шуми и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на за труд и социјала донесуваат листа на потенцијални јавни

институции како корисници на запленето дрво и го пропишуваат начинот и постапките за негова испорака.

(7) Субјектите надлежни за стопанисување/управување со државните шуми го складираат одземеното дрво во своите складишта и може да го ставаат на располагање на потенцијалните јавни институции кои ги исполнуваат условите, според одредбите од став (6) на овој член.

(8) Субјектите надлежни за стопанисување/управување со државните шуми имаат исклучително право да издаваат испратници за транспортирање на запленетите шумски дрвни производи до сопствени складишта и од своите складишта до крајните корисници.

(9) За направените трошоци за управување со запленетите шумски дрвни производи се плаќа надомест од Буџетот на Република Северна Македонија на субјектите надлежни за стопанисување/управување со државните шуми, врз основа на соодветен договор што ќе го склучи органот на државната управа надлежен за работите од областа на труд и социјала и субјектите надлежни за стопанисување/управување со државните шуми.

## VII. ИНСТИТУЦИИ, ПРАВА ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ШУМАРСТВОТО

### 1. Институции во шумарски сектор

**Шумарски институт**

**Член 141**

(1) Спроведување на применети истражувања во шумарството, заштитата на природата и животната средина и развојна поддршка на активностите на Агенцијата за шуми и Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство го врши Шумарски институт како јавна институција од национален интерес.

(2) Активностите од ставот (1) на овој член вклучуваат:

а) техничка поддршка за инвентаризација на шумските ресурси,

б) идентификација и мапирање на типовите шумска вегетација,

в) техничка поддршка за идентификација и мапирање на шумските функции, вклучително и биолошката разновидност;

г) техничка поддршка за развој на шумско планирање, мониторинг и информации за шумите;

д) техничка поддршка за спроведување на блиску до природни системи за стопанисување со шума и нормативиза шумско стопански активности и операции и

ѓ) друга техничка поддршка предвидена со актот за основање на Институтот.

(3) Шумарскиот институт е овластен за сертификација на шумски семенски и саден материјал и надзор над производстово на шумски семиња и саден материјал.

(4) Работите од ставот (2) на овој член поблиску се утврдуваат во годишните програми на Агенцијата за шуми.

**2.Права,обврски и одговорности на субјектите во шумарството**

**Право за стопанисување и управување со државни шуми**

**Член 142**

(1) Стопанисување со државни шуми и друго шумско земјиште кои имаат производна, заштитна и посебна намена го врши субјектот кој стопанисува со шумите во државна сопственост.

(2) Управување со државни шуми и друго шумско земјиште во заштитено подрачје го врши субјектот утврден со актот за прогласување, во согласност со овој закон и прописите за заштита на природата.

**Услови за стопанисување со шуми во државна сопственост**

**Член 143**

Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост и нивните договорни страни мора да обезбедат стручно,трајно и ефикасно извршување на активности и операции на стопанисување со шумите.

**Оттуѓување на шуми во државна сопственост**

**Член 144**

(1) Шумите во државна сопственост не се предмет на продажба и издавање под закуп и концесија.

**Обврски на субјектите при стопанисување со шумите заради остварување на јавниот интерес**

**Член 145**

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост посебно обезбедуваат извршување на следните активности во шумите:

а) спроведување или учествување во мониторинг на шумите,

б) чување на шумите,

в) заштита на шумите од биотски и абиотски фактори,

г) обезбедување на шумски репродуктивен материјал,

д) одгледување на шумитте,

ѓ) користење на шуми,

е) проектирање, изработка и одржување на шумски сообраќајници и други објекти за потребите на стопанисување со шумите и ловот,

ж) одржување на општокорисните функции или екосистемски услуги на шумите,

з) надзор над извршените работиво шума и

и) ) водење на евиденција и информации за шумите и стопанисувањњето со шумите

(2) Субјектите стопанисуваат со државните шуми на начин кој:

а) ја зачувува и зголемува вредноста на шумите преку одржливо стопанисување со шумите,

б) го зголемува инвестирањето во репродукцијата на шумите,

в) ја зголемува отвореноста на шумите со изградба на нови патишта и дотурни патеки,

г) го зголемува учеството на високостеблените шуми во вкупниот шумски фонд, го зголемува обемот на конверзија на изданкови шуми во високостеблени шуми и обемот на обнова на деградирани шуми,

д) применува природен начин на конверзија и обнова на шумите во согласност со природните услови.

ѓ) создава зголемен приход од стопанисување со шумите и овозможува постигнување на најдобри можни економски резултати со стопаниувањето со шумите.

(3) Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост одговараат со целиот свој имот за штетите предизвикани заради неизвршување на активностите од ставот (1) на овој член.

**Стекнување на приходи од субјектите кои стопанисуваат со шуми во државна сопственост**

**Член 146**

Субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост можат да остваруваат приходи преку:

- производство и продажба на шумски дрвни производи,
- собирање, преработка и продажба на недрвни шумски производи и
- други дејности во согласност со закон.

**Услови за спроведување на планските документи во приватни шуми**

**Член 147**

(1) Сопственикот на шумата, за спроведување на Планот за стопанисување и/или Планот стопанисување со шума на мали површини за приватни шуми мора да ангажира стручно лице од областа на шумарството, кое треба да е дипломиран шумарски инженер со или без професионално искуство во областа на стопанисување со шуми или шумарски техничар или специјалист по шумарство со минимум две години професионално искуство во областа на стопанисување со шумите.

**Поддршка на здруженија на сопственици на приватни шуми**

**Член 148**

(1) Здруженијата на сопственици на приватни шуми може да добијат јавна финансиска поддршка за извршување на програмските активности кои се од јавен интерес.

(2) Активностите од ставот (1) на овој член можат да бидат следните:

а) информации на членовите на здружението за програмите, процедурите и можностите за поддршка на приватниот шумарски сектор и руралниот развој;

б) изработка на проекти за искористување на јавните средства за вршење на шумски и шумарски мерки (програмите за шумарство и рурален развој)

в) извршување на шумарски технички, организациски и маркетинг задачи за субјектот и/или нивните членови, на пример во случај на заедничко стопанисување со шумите;

г) обезбедување обука за различни шумски работи и операции кои им се потребни на сопствениците на шумите за ефикасно управување со нивните шуми и

д) промоција на одржливо стопанисување со шумите во приватна сопственост.

(2) Јавната финасиска поддршка за активностите од став (1) на овој член се реализира согласно Програмата за рурален развој.

## VIII. ФИНАНСИРАЊЕ ВО ШУМАРСТВОТО

### 1. Систем за јавно финансирање

**Посебна сметка на Агенцијата за шуми**

**Член 149**

(1) Надоместоците и трошоците утврдени со овој закон се уплаќаат на сметка на Агенцијата за шуми.

(2) Со сметката од ставот (1) на овој закон се управува во согласност со законот со кој е основана Агенција за шуми и законот со кој се уредува наплатата на таков вид на јавни приходи утврдени во овој закон .

**Извори на финансирање во шумите**

**Член 150**

Финансиските средства поврзани со шумите во согласност со овој закон, се од следните извори:
1) Буџет на Република Северна Македонија;
2) Надоместоци или трошоци кои произлегуваат од:
а) Плаќања од субјектот кој стопанисува со шумите во државна сопственост за проста репродукција на шумите во согласност со член 154 став (5) од овој закон;
б) Плаќања за проширена репродукција на шумите во согласност со член 155 ставови (2) и (5) од овој закон;
в) Плаќања на надоместоци за копачење и трајна пренамена на шуми во согласност со членот 26 став (4) од овој закон;
г) Плаќања за остварување на право на стварна службеност на државно шумско земјиште во согласност со членот 28 став (8) од овој закон;
д) Плаќања за штети на шуми во државна сопственост за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини во согласност со членот 30 став (5) од овој закон;
ѓ) Плаќања за штети на шуми поради незаконски активности во согласност со членот 75 став (1) од овој закон;
е) Плаќања за обезбедување на стручно-технички услуги во приватни шуми и на друго земјиште во приватна сопственост во согласност со членот 90 став (4) од овој закон;
ж) Плаќања за обезбедување на услуги за изработка на планови за стопанисување на субјекти кои стопанисуваат со шумите и сопственици на приватни шуми во согласност со членот 43 ставови (1) и (3) од овој закон;
з) Плаќањата за одржување на еколошките и социјални шумски функции или екосистемски услуги во согласност со член 151 ставови (1) и (3) од овој закон и
и) Други плаќања во согласност со овој закон.
3) Средства од Националната програма за рурален развој;
4) Средства од Националната програма за животна средина и
5) Средства од меѓународни проекти и донации.

**Плаќање за одржување на еколошките и социјалните шумски функции или екосистемски услуги**

**Член 151**

(1) Плаќањата за одржување на еколошки и социјални шумски функции или екосистемски услуги, поврзани со посебните функции од член 10 ставовите (3) и (4) на овој закон (во натамошниот текст: плаќања за шумски екосистемски услуги) ги обезбедуваат сите правни субјекти кои вршат комерцијална дејност на територијата на Република Северна Македонија, вклучително и оние чии седишта се наоѓаат надвор од државата.

(2) Основа за утврдување на висината на плаќањето за шумски екосистемски услуги е вкупниот (нето) годишен приход на субјектите од ставот (1) на овој член на кои се применува стапката од 0,05%.

(3) Средствата за шумски екосистемски услуги се уплаќаат на годишно ниво на посебна сметка на Агенцијата за шуми и се користат за одржување и унапредување на шумските функции или екосистемски услуги.

(4) Пресметката и наплатата на надоместоците од ставот (1) на овој член во име на Агенцијата за шуми ја врши Управата за јавни приходи врз основа на годишните финансиски извештаи на правните лица.

**Цели за кои се користат финансиските средства**

**Член 152**

(1) Финасиските средства од член 150 на овој закон се употребуваат за следните намени:

а) Мерки за проста репродукција на шумите за кои средствата се користат од субјектот кој стопанисува со шумите во државна сопственост;
б) Мерки за проширена репродукција на шумите за кои средствата се користат од сите ентитети кои стопанисуваат со државни шуми и плаќаат соодветно за таа намена и од сопственици на приватни шуми;
в) Еколошки мерки поврзани со шумите, за кои средствата ќе ги користат субјектите кои управуваат со државните шуми, сопствениците на приватни шуми и други заинтересирани чинители;
г) Мерки за одржување на еколошките и социјални шумски функции или екосистемски услуги, за кои средствата се користат од страна на субјектите кои стопанисуваат со шумите, сопствениците на приватни шуми и други засегнати страни;
д) Други шумски мерки и активности кои се планирани во Националната програма за шумарство во поддршка на спроведување на Стратегијата за шуми;
ѓ) Трошоци поврзани за стручно-технички услуги за сопственици на приватни шуми и сопственици на друго земјиште во приватна сопственост за кои средствата се користат од Агенција за шуми;
е) Трошоци поврзани со изработка на планска документација за шумите,
ж) Апликативно истражување и развојна дејност која има за цел поддршка на државните шумарски институции и
з) Промотивни активности, обука и едукација за одржливо стопанисување со шумите.
(3) Користењето на средствата од членот 150 на овој закон за целите од ставот (1) на овој член се планира во Националната програма за шумарство и се спроведува преку соодветни годишни програми на Агенцијата за шуми во согласност со закон.

(4) Користењето на средствата од став (1) од овој член по правило треба да биде пропорционално на износите собрани од изворите на финансирање и категориите на сопственост или стопанисување, како што е применливо.

(5) Средствата за намените утврдени во став (1) од овој член се распределуваат според процедури пропишани од директорот на Агенцијата за шуми.

**Предуслов за јавно финансирање на поединечни мерки**

**Член 153**

(1) Шумските мерки кои може да се финансираат или кофинансираат од јавни финансиски извори од член 150 на овој закон мора да ги задоволат следните критериуми за да се квалификуваат како одржливи за животната средина:

а) суштински да придонесе за ублажување на климатските промени, прилагодување кон климатските промени и заштита и обновување на биолошката разновидност и екосистемите;
б) да нема значителн штети на другите цели на животната средина;
в) да се спроведува во согласност со минималните мерки за заштита при работа;
(2) Критериумите од став (1) точки а) и б) од овој член ги поблиску ги пропишува директорот на Агенцијата за шуми.

**2. Шумски и шумарски мерки од јавен интерес**

**Мерки за проста репродукција на шумите**

**Член 154**

(1) Под проста репродукција на шумите, во смисла на овој закон, се подразбираат следните мерки и активности поврзани со шуми во државна сопственост и тоа:

1) Одгледувачки мерки кои вклучуваат:

а) нега на млади шуми во фаза на подмладок и густик

б) прореди во млади шуми во фаза на колик и летвеник

в) подмладување на зрели шумски насади: подготовка на шумскиот насад и месторастењето, сеење, садење, повторно засадување и дополнување на природната регенерација;

г) реконструкција на ниско продуктивни шуми;

д) конверзија на нискостеблени шуми во високостеблени шуми со прореди и природна семена обнова (индиректна конверзија);

ѓ) конверзија на шикари и нискостеблени шуми со садење на шумски видови на садници (директна конверзија);

е) обезбедување на семе и саден материјал од шумски видови на дрвја и

ж) стимулирање на практики и мерки за блиску до природата стопанисување.

2) Мерки за зашита на шумите кои вклучуваат:

а) воведување и одржување на шумскиот ред,

б) превентивна заштита на шумите од шумски пожари,

в) заштита од шумски штетници и болести,

г) биолошки мерки за заштита на шумското земјиште од ерозија,

д) одржување на заштитни шуми и

ѓ) следење на здравствената состојба на шумите,

3) Изградба и реконструкција на шумските патишта;

4) Техничко опремување заради вршење на работи на заштита и одгледување на шумите и

5) Едукација, обука и промоција на соодветните мерки и активности на проста репродукција на шумите.

(2) Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од пазарната вредност на исеченото дрво, франко камионски пат во шума.

(3) Основата за утврдување на висината на средствата од ставот (2) на овој член се применува и во случај на продажба на дрво на пенушка (стоечко дрво) или до пенушка (исечено дрво или шумски дрвни сортименти), по утврдување на соодветната вредност на дрвото на шумски камионски пат, согласно со овој закон.

(4) Вредноста на дрвните производи од ставот (2) и вредноста на дрвото од ставот (3) на овој член се утврдуваат според ценовник што го донесува директорот на Агенцијата за шуми по претходна согласност од Владата.

(5) Средствата за проста репродукција се чуваат на посебна сметка на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со шумите во државна сопственост.

(6) За мерките од став (1) точка 2 подточки в) и г) на овој член, можат да бидат издвоени до 40 % од средствата за проста репродукција.

(7) За користење на средствата од ставот (2) на овој член, субјектите кои стопанисуваат со државни шуми подготвуваат посебни програми како дел од нивните годишни програми за работа.

(8) Спроведувањето на програмите од ставот (7) на овој член редовно го контролира Агенцијата за шуми.

**Мерки за проширена репродукција на шумите**

**Член 155**

(1) Под проширена репродукција на шуми, во смисла на овој закон се следните мерки и/или активности поврзани со не-шумско земјиште, новоподигнати, деградирани шуми и голини во шума во државна и во приватна сопственост:

1) Мерки за одгледување кои вклучуваат:

а) пошумување на голини и ерозивни земјишта,

б) нега на ново подигнати шумски култури,

в) нега на природно пошумени површини,

г) реконструкцијана деградирани шуми и шикари,

д) реставрација по пат на вештачка обнова на шуми оштетени од шумски пожари на помали површини,

ѓ) реставрација по пат на вештачка обнова на шуми оштетени од природни (биотски и абиотски) фактори на помали површини и

е) обезбедување на семе и на шумски саден материјал за приватни шуми.

2) Мерки за заштита на шумите кои вклучуваат:

а) превентивна заштита на ново подигнати шумски култури и

б) сузбивање на растителни болести и штетници во ново подигнати шумски култури,

3) Обезбедување на едноставна рекреативна инфраструктура во шумите;

4) Обезбедување на опрема за спроведување на мерки за проширена репродукција на шумите и

5) Обезбедување на техничка поддршка, обука, работилница и промоција за проширена репродукција на шумите.

(2) За финансирање на мерките од став (1) на овој член средства обезбедуваат субјектите кои стопанисуваат со државни шуми и сопствениците на приватни шуми и сопствениците на друго земјиште во приватна сопственост во висина од 3% од пазарната вредност на шумските дрвни производи на камионски или друг соодветен пат, како и правните субјекти што вршат промет на дрво

(3) Основата за утврдување на височината на средствата од ставот (2) на овој член се применува и во случај на продажба на дрво на пенушка (стоечко дрво) или до пенушка (посечено дрво или шумски дрвни сортименти), по утврдување на соодветната вредност на дрвото на шумски камионски пат, согласно со овој закон.

(4) Вредноста на шумските дрвни производи од ставот (2) и вредноста на дрвото од ставот (3) на овој член се утврдува според ценовникот што го донесува директорот на Агенцијата за шуми по претходна согласност од Владата..

(5) Средствата за проширена репродукција на шумите се плаќаат на посебната сметка на Агенцијата за шуми.

**Мерки за шуми и шумарство од руралниот развој**

**Член 156**

(1) Мерките за рурален развој поврзани со шумите и шумарството особено ги вклучуваат:

1. мерките од член 154, став (1), точка 1.подточки од а),б),в),г),д) и ѓ) и точка 2 подточки б),в), г) и д), кои се спроведуваат во приватни шуми;

2. мерките од член 154, став (1) точка 1., подточки б),в), г) и д), кои се спроведуваат во приватни шуми;

3. мерките од член 154, став (1) точка 1, подточки д), г) и ѓ) кои се спроведуваат во државни шуми;

4. изградба и реконструкција на шумски патишта за да се овозможи реставрација на оштетени и деградирани шуми во државна и приватна сопственост;

5. изградба и реконструкција на шумски патишта во приватни шуми кои се во нормална (недеградирана и неоштетена) состојба;

6. инвестиции во еколошки подобна шумска механизација и средства за сопственици на приватни шуми;

8. Поддршка на малите приватни компании во примарна преработка на дрво, вклучително и производство на ќумур,дрвен чипс од остатоци од дрво, преработка на други шумски производи и маркетинг на овие производи.

(2) Мерките од став (1) на овој член може да се финансираат или ко-финансираат преку програмите за рурален развој, во согласност со Законот за развој на земјоделството и руралниот развој.

(3) Мерките од став (1) точки 2 и 3 на овој член како дел од програмата од ставот (2) на овој член нема да се сметаат за преклопување со истите мерки од програмите утврдени во членовите 154 и 155 од овој закон ако се планирани за различни шумски површини или сопственици на шуми.

**Мерки за животна средина поврзани со шумите**

**Член 157**

(1) Мерките за животна средина поврзани со шумите особено вклучуваат:

1) Мерки за зачувување на шумите кои вклучуваат:

а) добра пракса на стопанисување со шумите со висока природна вредност (како што се шуми богати со јаглерод),

б) одржување на карактеристиките на хабитатот на старите шуми во стопанските шуми (како што се големи дрвја и мртво дрво) и

в) зачувување на ретки шумски типови на хабитати и ретки видови на дрвја и

2) Поддршка во обезбедување на семе и саден материјал од ретки природни и ендемски видови на дрвја.

(2) Мерките од став (1) на овој член може да се финансираат или кофинансираат преку посебната сметка на Агенцијата за шуми и соодветните програми за животна средина, во согласност со закон.

**Мерки за одржување на еколошки и социјални шумски функции или екосистемски услуги**

**Член 158**

(1) Одржување на еколошки и социјални шумски функции или екосистемски услуги, во смисла на овој закон, се следните мерки што се однесуваат на сите шуми:
1) Воспоставување и одржување на против пожарни пресеки за заштита од шумите од пожари во шуми со висока опасност од пожари;
2) Обнова на ветро заштитни појаси и други видови на заштитни шуми;
3) Мерки за одржување на шумските функции преку одржливо стопанисување со шумите;
4) Биотехнички мерки за заштита на шуми и други шумски површини и на објекти од ерозија и поројни води;
5) Обезбедување едноставна рекреативна инфраструктура во шума и на друго шумско земјиште и
6) Други мерки согласно со Закон.
(2) Мерките од став (1) точки 3), 4) и 5) на овој член поблиску ги определува директорот на Агенцијата за шуми.

## IX. НАДЗОР НАД ШУМИТЕ

**Надлежен орган за вршење на надзорот над шумите и шумските дрвни производи**

**Член 159**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон, ги врши Државниот инспекторат за шумарство и ловство преку шумарски инспектори.

(3) Инспекциски надзор на прометот - продажбата на дрвото, како и на другите шумски производи врши Државниот пазарен инспекторат.
.

**Овластувања на државен инспектор за шумарство**

**Член 160**

(1) Врз основа на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон државниот инспектор за шумарство има право и должност да :

1)врши надзор на сите шумски активности и работење на субјектите кои стопанисуваат/управавуваат со државните шуми, сопствениците на приватни шуми и друго земјиште во приватна сопственост, изведувачите на работа во шумите и сите други лица кои ги користат шумските функции или екосистемските услуги;

2) врши надзор над сите објекти, уреди и средства, како и локации на кои се произведуваат, движат, складираат и преработуваат шумските производи;

3) врши надзор над спроведувањето на планските документи, евидентните картони и одобренијата за сеча;

4) врши надзор над издадените приемници и испратници од страна на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми и над над издадените испратници од страна на субјектите кои вршат промет со шумски дрвни производи ;

5) врши надзор над издадените дозволи и сертификати и дозволи за вршење на научни истражувања во шуми;

6) врши надзор над спроведувањето на дигиталниот систем за следење на шумски дрвни производи кој се користи од страна на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми и субјектите кои вршат промет со шумски дрвни производи;

7) врши надзор над водење на потребната евиденција и документација за стопанисување со шуми и за законитоста и потеклото на дрвото од страна на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми, сопствениците на приватни шуми и субјектот кој врши стручно - технички работи во приватната шуми и субјектите кои вршат промет со шумски дрвни производи;

8) врши надзор над спроведувањето на договорите за собирање и/или користење на други шумски производи, вклучително и собирачите и преработувачите на производите;

9) врши надзор над исполнувањето и одржувањето на условите на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми, и субјектите кои имаат лиценца за вршење на работи на сеча и дотур;

10) врши надзор над други работи во согласност со закон;

11) врши надзор над постапки над други јавни органи кои се овластени за спроведување на овој закон

12) бара потребни известувања од одговорни лица, сведоци, вештаци и други лица кога тоа е потребно;

13) да предлага мерки за заштита на животната и природната рамнотежа;

14) да превзема мерки и дејствија согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност;

15) ги известува надлежните органи, органите на управување на субјектот кој стопанисува со шумите во државна сопственост и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми со посебна намена за констатираните неправилности, да бара нивна интервенција, ако самиот не е овластен да постапи непосредно;

16) бара анализа од соодветни научни и други институции заради утврдување на фактичката состојба;

17) нареди привремени мерки за спречување на штетата во итни случаи, во кои би настанала штета по јавниот интерес и

18) презема и други мерки и дејствија за што е овластен со посебни прописи.

(2) За да се зголеми ефикасноста во надзорот, државниот инспектор за шумарство е должен да соработува со сите лица и државни органи овластени за планирање, следење, контрола и полициско работење на шумите.

## X. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Прекршоци за правно лице

### Член 161

(1) Глоба на правно лице во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро трговско друштво, глоба на правно лице во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, глоба на правно лице во износ од 10.000 до 18.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно трговско друштво и глоба на правно лице во износ од 20.000 до 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) врши забранети шумски активности во обем помал од пустошење или деградација од член 20 став (2) точки (1), (5), (6) и (7) од овој закон;

2) не изврши задолжителна санитарна сеча заради спречување и искоренување на растителни болести и пренаселени популации на инсекти (за спречување и искоренување на растителни болести и пренаселени популации на инсекти) од член 62 став (1) од овој закон;

3) не врши продажба на дрвни и шумски дрвни сортименти на основа на слободен пазар и на јавно транспарентен начин од членот 110 став (3) од овој закон;

4) не плаќа годишен придонес за одржување на еколошки и социјални шумски функции или екосистемски услуги од ставот од член 151 став (1)од овој закон;

5) не ги распореди средствата за проста репродукција на шумите на својата посебна сметка од членот 154 став (2) на овој закон;

6) не обезбеди и не префрли на посебна сметка на Агенцијата за шуми средствата за проширена репродукција од член 155 став (5) на овој закон;

7) не ги засади шумските површини по редовна чиста или друг вид на регенеративна сеча во рокот определен со планот за управување од член 57 став (1) на овој закон;

8) во рок од пет години не обезбеди обнова на шумите опустошени со чиста сеча или сеча со голем интензитет од член 58 став (1) на овој закон;

9) го надмине максимално дозволената количина за сеча утврдена за десет години во планските документи од член 80 став (2) на овој закон;

10) врши превоз на шумски дрвни производи без испратница од член 88 став (12) на овој закон;

11) не го користи дигиталниот систем за следење на шумски дрвни производи од член 109 став (3) на овој закон;

12) купува, продава, преработува или комерцијално користи шумски дрвни производи кои не се жигосани со видлив знак и не се придружени со испратница од член 114 став (2) на овој закон;

13) не изврши јавно транспарентна постапка за продажба на дрво на корен од член 116 став (1) на овој закон;

14) не избегне производство на дрво за енергија од шумски дрвја во државни шуми кои содржат или имаат потенцијал да содржат технички квалитет на дрвото од член 115 став (3) на овој закон;

15) не ги исполни критериумите за одржливост за поголемо производство на дрво за енергетски цели од член 115 став (4) на овој закон;

16) одземеното дрво го пушти во промет од член 140 став (5) на овој закон;

17) не го спроведе планот за заштита од шумски пожари од член 68 став (4) на овој закон;

18) врши сеча на дрвја кои претходно не биле означени за сеча од член 77 став (1) на овој закон;

19) врши обем на сеча до одобрување на нов план за стопанисување поголем од неисполнетиот износ на дозволена сеча во претходниот план од член 46 став (2) на овој закон;

20) не го одржува или воспостави шумскиот ред по сеча и дотур од член 60 став (2) точка в) на овој закон;

21) не презема редовни мерки за заштита на шумите до степен пропорционален со шумската површина со која стопанисува и капацитетот за стопанисување со шума од член 60 став (2) точка б) на овој закон;

22) не ги спроведе планираните шумски заштитни и одгледни работи во обем што е во сооднос со спроведениот обем на сечата од став (1) од член 48 став (1) на овој закон;

23) врши користење на шумата без одобрен план за стопанисување од член 46 став (4) на овој закон;

24) не престане со вршење на шумските работи доколку се променат условите на кои се заснова планот за стопанисување и не побара измени на планот од член 44 став (1) на овој закон;

25) не врши продажба на шумски дрвни сортименти од државни шуми преку привремени шумски складови и/или регистрирани складови од членот 110 став (2) на овој закон;

26) не обезбеди можност за руралните жители бесплатно да ги извршуваат шумските активности за добивање на огревно дрво од членот 85 став (4) на овој закон;

27) не врши чување на државни шуми и друго шумско земјиште од незаконски активности од член 129 став (1) алинеја 2 на овој закон;

28) врши ознака на дрвја за сеча спротивно на одредбите од планот за стопанисување од член 77 став (4) на овој закон;

29) гради шумски патишта без проектна документација од член 120 став (4) на овој закон и

30) не врши редовен годишен мониторинг на виталноста и здравствената состојба на шумите од член 124 став (7) на овој закон;

(2) Глоба во износ од 1.000 евра до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице кое е субјект кој стопанисува со шумите, доколку тоа лице:

1) не води редовна евиденција за извршените одгледни и други работи од член 50 став (1) на овој закон;

2) не ги издвои шумските дрвни сортименти во магацините по видови дрвја и квалитет од членот 110 став (4) на овој закон;

3) ја користи шумата без донесен изведбен план, од член 41 ставовите (3) и (4) на овој закон;

4) врши одгледни и други работи до одобрување нов план за управување воопем помал од просечно планираниот во претходниот план,од член 46 став (2) на овој закон;

5) врши дозволен обем на сеча до одобрување на нов план за стопанисување без претходна согласност на Агенцијата за шуми, од член 46 став (3) на овој закон;

6) не го чува трајно планот за стопанисување, од член 47став (1) на овој закон;

7) не го чува изведбениот план 10 години, согласно член 47 став (2) на овој закон;

8) редовно не ја пренесува евиденцијата за извршени одгледувачки и други работи до Агенцијата за шуми, од член 50 став (2) на овој закон;

9) не ги пренесе податоците за означена дрвна маса за сеча и за дрвјата што се нелегално исечени во државни шуми во дигиталниот систем за следење на шумски дрвни производи на Агенцијата за шуми и овие податоци не ги чува најмалку пет години, согласно член 78 став (6) на овој закон;

10) сече заштитени, загрозени и ретки шумски видови на дрвја или собира семе од овие видови без одобрение од Агенцијата за шуми од член 64 став (1) на овој закон;

11) користи неатестирани хемиски агенси кои го загрозуваат биотскиот биланс од член 74 став (2) на овој закон;

12) не води евиденција за бруто означена и нето соборена дрвна маса од физички лица, не ја доставува до Агенцијата за шуми и не ја чува во рок од десет години од член 84 ставови (6), (7) и (8) на овој закон;

13) не се погрижи шумските дрвни сортименти да бидат снабдени со испратница пред нивниот транспорт од член 88 став (4) на овој закон;

14) во текот на превозот не обезбеди достапна испратница од член 88 став (11) на овој закон;

15) не евидентира податоци од книгите за евиденција на прием и испорака во електронска форма во соодветните бази на податоци и не ги пренесе во дигиталниот систем за следење на шумски дрвни производи од членот 88 ставови (15) и (16) на овој закон;

16) не ги чува приемниците и испратниците најмалку пет години од членот 88 став (12) на овој закон;

17) не води евиденција за продадени шумски дрвни сортименти од државни шуми преку привремени и стоечки складишта во рок од пет години од членот 110 став (2) на овој закон.

18) не води евиденција за бројот на склучени договори за комерцијално собирање или користење на други шумски производи и за видот и количината на договорените производи од членот 117 став (6) на овој закон;

19) повремено не ја следи здравствената состојба на шумите и не ја извести Агенцијата за шуми за секој нов штетен настан од од од членот 60 став (1) точка (а) на овој закон;

20) не достави извештај за одземена дрвна маса до Агенцијата за шуми од член 140 став (2) на овој закон;

21) не обезбедат стручно,трајно и ефикасно извршување на активности и операции на стопанисување со шумите согласно член 143 на овој закон;

22) издвои повеќе од 40% од средствата за проста репродукција на шумите за технички инвестиции од став (6) од член 154 став (6) на овој закон;

23) не ги отстрани сериозно погодените семенски дрвја од зараза со болести или напади од штетници од член 55 став (4) на овој закон;

24) не ги евидентира податоците за ознака за сеча и за бесправна сеча во книгите за евиденција од член 77 став (5) на овој закон;

25) издаде испратница за шумски дрвни производи за кои не е издадена испратница согласно со одредбите од членот 88 став (9) на овој закон;.

26) не го означи затворањето на шумскиот пат со сообраќајни знаци согласно со одредбите од став (7) од член 121 став (7) на овој закон;

27) не ги евидентира во приемната книга применените шумски дрвни сортименти согласно со одредбите од членот 88 став (2) на овој закон;

28) не изврши проверка на сечиште согласно со одредбите од став (3) од член 88 став (3) на овој закон и

39) не плати надоместок за привремен пристап до своја шума заради дотур,транспорт или привремено сместување на шумски дрвни производи од член 29 став (2) на овој закон.

(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење до две години.

(4) Глоба во износ од 30% од износот на глобите утврдени во ставовите (1),(2),(3),(4),(5) и (6) на овој член, ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во субјектот кој стопанисува со шумите во државна сопственост.

(5) Покрај изречените глоби од ставот (4) на овој член, на одговорното лице во субјектот кој стопанисува со шумите во државна сопственост ќе му се изрече и прекршочна санкција за забрана на вршење на должност до една година.

(6) Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците ги извршило од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во двоен износ на глобата од ставот (4) на овој член.

**Член 162**

“(1) Глоба на правно лице во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро трговско друштво, глоба на правно лице во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, глоба на правно лице во износ од 9.000 до 12.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно трговско друштво и глоба на правно лице во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) врши забранети шумски активности во обем помал од пустошење или деградација од точките (1), (5), (6) и (7) од став (2) од член 20.
2) не плати надомест за копачење и трајна пренамена на шумите од ставовите (1) и (6) од член 26.
Овој став не постои 4) не плати надомест за штета предизвикана на шума поради геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини од ставот (5) од членот 30.

5) не плати годишен придонес за одржување на еколошките и социјални шумски функции или екосистемски услуги од ставовите (1) и (3) од член 54.
6) не ја покрие шумската штета поради пожар што го предизвикал,од став (3) од член 58.
7) врши превоз на шумски дрвни производи без испратница, од став (12) од член 88.
8) не го користи дигиталниот систем за следење на шумски дрвни производи од став (3) од член 92.
9) купува, продава, преработува или комерцијално користи шумски дрвни производи кои не се означени со видлив знак и не се снабдени со испратница од (став (1) од член 93.
10) не избегне производство на дрво за енергија од државни шуми кои содржат или имаат капацитет да содржат техничкиот квалитет на дрвото од став (3) од член 98.
11) не ги исполни критериумите за одржливост за поголемо производство на дрво за енергетски цели од став (4) од член 98.
12) сече дрвја кои претходно не биле означени за сеча од став (1) од член 77.
13) не го одржува или не воспостави шумски ред по сеча и дотур од (точка (в),став (2) од член 60.
14) не плати надомест за штета причинета на шума согласно ценовникот од член 75.
15) не ги пушти во промет увезените шумски дрвни сортименти преку регистриран склад од став (1), член 97.
16) врши работи на сеча и дотур без лиценца од став (2),член 81.
(4) Глоба од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на правно лице кое е друг деловен субјект, доколку тоа лице:
1) врши други забранети шумски работи, како што е смоларење, доколку не е предвидено во плановите од точка (4) став (1) од член 21.
2) сече заштитени, загрозени и ретки шумски видови дрвја или собира семе од овие видови без одобрение на Агенцијата за шуми од став (1), член 64.
3) врши палење на отворен оган во шума надвор од назначените локации и на растојание до 200 метри од шумата од ставовите (1) и (2) од членот 69.
4) ја пренесе лиценцата за сеча и дотурна друг субјект од став (1) од членот 81.
5) не го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството за секоја промена на седиштето или дејноста на лиценцираниот субјект од став (2) од членот 81.
6) не обезбеди шумските дрвни сортименти да бидат снабдени со испратница пред нивниот транспорт од став (4) од член 88.
7) во текот на превозот ја нема достапна испратницата од став (11) од член 88.
8) не ги чува испратниците во рок од најмалку пет години од став (5) од член 88.
9) врши промет со дрво без регистрација за трговија со дрво од став (1) од членот 94.
10) не извести за каква било промена на условите со кои е регистриран за трговија со дрво од став (11) од член 94.
11) не ги обезбеди потребните информации за увезените шумски дрвни сортименти,жигосување и издавање на испратница за нивно пуштање во промет од став (2) од членот 97.
12) не ги исполни и не ги одржува човечките, техничките и финансиските барања за спроведување на активности и мерките за стопанисување со шумите од став (19 од член 130.
13) одгледува дивеч на начин што го загрозува растот и обновувањето на шумите од член 66.
14) издаде испратница за шумски дрвни производи за кои не била издадена испратница цо согласност со одредбите од овој Закон, од став (9) од член 88.
15) не издаде испратница пред превозот од (став (4) од членот 88.
16) на сопственикот на шумата или на субјектот што стопанисува со шумата не му плати надомест за користење на шумски пат за комерцијални цели од став (4) од член 104.
17) не плати надомест за дозволен привремен пристап до своја шума заради дотур,транспорт или привремено одлагање на шумски дрвни производи од став (2) од член 29.

(3) Покрај глобата за прекршоци од ставовите (1) и (2) на овој член и глобата утврдена за прекршоци во точките (1) и (12) од ставот (3) на овој член ќе му се изрече забрана за вршење на работи на сеча и дотур и/или купување, продавање, преработка и комерцијална употреба на шумски дрвни производи прекршочна санкција за забрана на вршење на должност
(4) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правно лице за прекршокците од ставот (1) на овој член

(5) Покрај изречените глоби од ставот (9) на овој член, одговорното лице во правно лице ќе му се изрече и прекршочна санкција за забрана на вршење на должност до една година.

(6) Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците ги извршило од користољубие или со нивно извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во двоен износ на глобата од ставот (1) на овој член.
(7) Покрај изречената глоба од ставовите (3) и (4) на овој член, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење до една година.".

**Прекршоци за физичко лице**

**Член 163**

(1) Глоба од 45 евра до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице сопственик на приватна шумаили сопственик на друго земјиште во приватна сопственост, доколку тоа лице врши забранети шумски активности до степен што предизвикува деградација на шумата од членот 19.

2) Глоба од 45 евра до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице сопственик на приватна шумаили сопственик на друго земјиште во приватна сопственост, доколку тоа лице врши забранети шумски активности во обем помал од пустошење или деградација од точките (2) до (4) од ставот (2) од член 20.

(3) Глоба од 320 до 3.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице сопственик на приватна шумаили сопственик на друго земјиште во приватна сопственост, доколку тоа лице:
1) врши забранети шумски активности во обем помал од пустошење или деградација од точките (1), (5), (6) и (7) од став (2) од член 20.
2) не изврши задолжителна санитарна сеча заради спречување и искоренување на растителни болести и пренаселени популации на инсекти (за спречување и искоренување на растителни болести и пренаселени популации на инсекти) од став (1) од член 62.
3) не обезбеди и не префрли на посебна сметка на Агенцијата за шуми средства за проширена репродукција од став (5) од член 143.
4) не ги засади шумските површини по редовна чиста или друг вид на регенеративна сеча во рокот определен со планот за стопанисување од став (1) од член 57.
5) во рок од пет години не обезбеди обнова на шумите опустошени со чиста сеча или сеча со голем интензитет од став (1) од член 58.
6) ја надмине максимално дозволената количина за сеча утврдена за десет години во планските документи од став (2) од член 80.
7) врши превоз на шумски дрвни производи без испратница од ставот (12) од член 88.

8) продава шумски дрвни производи кои не се жигосани со видлив знак и не се придружени со соодветна испратница од став (1) од член 93.
9) не ги исполни критериумите за одржливост за поголемо производство на дрво за енергетски цели од став (4) од членот 98.
10) сече дрвја кои претходно не биле означени за сеча, според став (1) од член 77.
11) изврши поголем обем на сеча до одобрување на нов план за управување од неисполнетиот износ на дозволен обем за сеча во претходниот план, според став (2) од член 46.
12) не го одржува или воспостави шумскиот ред по сеча и дотур, според (точка (в) од став (2) од членот 60.
13) не презема редовни мерки за заштита на шумите во степен пропорционален со шумската површина и капацитетот за стопанисување со шума, според (точка (б) од став (2) од членот 60.
14) користи шума без одобрен план за стопанисување, според став (4) од член 46.
15) гради шумски патишта без проектна документација, според став (4) од член 103.
16) не плати надомест за штета причинета на шума согласно ценовникот од член 75.
(4) Глоба во износ од 160 - 1.600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице сопственик на приватна шумаили сопственик на друго земјиште во приватна сопственост, доколку тоа лице:
1) врши сеча на шумски дрвја на земјиште во приватна сопственост без одобрение за сеча од став (1) од членот 86.
2) не ги спроведе планираните шумски и одгледувачки работи во обем што е во сооднос со спроведениот обем на сечата, согласно став (1) од член 48.
3) во текот на превозот на шумски дрвни производи не поседува испратница од став (11) од член 88.
4) врши други забранети шумски работи, кастрење и смоларење, доколку не е предвидено со планските документи, според точките (3) и (4) од став (1) од член 21.
5) користи шума без донесен изведбен план, според ставовите (3) и (4) од член 41.
6) врши одгледувачки и други работи до одобрување на нов план за стопанисување во помал обем од просечно планираниот во претходниот план, според став (2) од член 46.
7) врши дозволени обем на сеча до одобрување нов план за стопанисувањебез претходна согласност на Агенцијата за шуми, споре став (3) од член 46.
8) не го чува трајно планот за стопанисување, според став (1) од член 47.
9) не го чува изведбениот план во рок од 10 години, според став (2) од член 47.
10) сече заштитени, загрозени и ретки шумски видови дрвја или собира семе од овие видови без одобрение од Агенцијата за шуми, според став (1) од член 64.
11) користи неатестирани хемиски агенси кои го загрозуваат биотскиот биланс, според став (2) од член 74.
12) не ги чува приемниците и испратниците во рок од најмалку пет години, според став (5) од членот 88.
13) повремено не ја следи здравствената состојба на шумата и не ја извести Агенцијата за шуми за секој нов штетен настан, според точка (а) од став (1) од членот 60.
14) одгледува дивеч на начин што го загрозува растот и обновувањето на шумите, според член 66.
15) не склучи купопродажен договор со субјектот регистриран за трговија со дрво, според став (1) од членот 95.
16) ангажира лице за техничка помош за спроведување на планот за стопанисување без потребни квалификации според член 134.
17) врши испаша на кози во шума, според став (1) од член 65.
18) врши испаша на говеда и свињи во шума кои не се определени со планови за стопанисувањем според став (2) од член 65.

19) не достави известување до Агенцијата за шуми за секоја продажба на дрвни сортименти,според став (2) од член 95.
20) не го чува евидентниот картон во рок од 10 години,според став (3) од член 47.
21) одбие да дозволи привремен пристап,дотур или транспорт на шумски дрвни производи како и привремено сместување на шумски дрвни производи на свое земјиште, според став (1) од членот 29.
22) не плати надомест за дозволен привремен пристап до своја шума заради дотур, транспорт или привремено одлагање на шумски дрвни производи, според став (2) од член 29.

**Член 164**

(1) Глоба од 45 евра до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на друго физичко лице ако тоа лице врши забранети шумски дејности до степен што предизвикува деградација на шумата од членот 19.

2) Глоба од 45 евра до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на друго физичко лице доколку тоа лице врши забранети шумски активности во обем помал од пустошење или деградација, според точките од (2) до (4) на ставот (2) од член 20.

(3) Глоба од 45 евра до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на друго физичко лице, доколку тоа лице:

1) врши забранети шумски активности во обем помал од пустошење или деградација од точките (1), (5), (6) и (7) од став (2) од член 20.

2) не ја надокнади шумската штета поради пожар што го предизвикал, според став (3) од член 58.

3) врши превоз на шумски дрвни производи без испратница од став (12) од член 88.

4) не плати надоместок за причинета штета на шума поради незаконски дејствија од член 75.

(4) Глоба од 160 - 1.600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на друго физичко лице, доколку тоа лице:

1) врши сеча на шумски дрвја во шума, друго шумско земјиште или друго земјиште во приватна сопственост без одобрение за сеча од став (1) од членот 86.

2) нема обезбедено испратница во текот на превозот на дрвни производи според став (11) од член 88.

3) врши други забранети шумски активности, како што се оштетување или уништување млади дрвја, садници и други шумски производи, кастрење и смоларење, доколку не е предвидено во плановите за стопанисување и оштетувашумскибелеги и знаци, според точките од (1) до (5) од став (1) од член 21.

4) сече заштитени, загрозени и ретки шумски видови дрвја или ги собира семе од овие видови без одобрение на Агенцијата за шуми, според став (1) од член 64.

5) врши палење на отворен оган во шума надвор од назначените локации и на растојание до 200 метри од шумата, според ставовите (1) и (2) од членот 69.

6) одгледува дивеч на начин што го загрозува растот и обновувањето на шумите, според член 66.

7) собира други шумски производи на начин што предизвикува нивно исчезнување или оштетува шума или друго шумско земјиште, според став (1) од членот 100.

8) врши испаша на кози во шума, според став (1) од член 65.

9) врши испаша на говеда и свињи во шумски површини кои не се определени со планови за стопанисување, според став (2) од член 65.

10) врши испаша на говеда и свињи без одобрение на сопственикот или корисникот на шумата, според став (3) од член 65.

11) не плати надомест за испаша, по потреба, според став (4) од член 65.

12) воспостави жежници и слични објекти на оддалеченост помала од 200 метри од шума или без одобрение во шума, според ставовите (1) и (2) од член 70.

13) не ги спроведе сите пропишани мерки на претпазливост при производството на јаглен во шума, според став (3) од член 70.

14) врши сеча во државна шума за лични потреби без претходно поднесено барање и без ознака за сеча, според ставовите (1), (2) и (3) од членот 84.

15) ги препродава шумските дрвни производи стекнати од државните шуми за лични потреби, спородстав (4) од членот 84.

16) ги оневозможи членовите на шумочуварската служба да ги вршат своите овластувања, според став (2) од член 115.

17) поставува пчелни кошници во државна шума без одобрение на корисникот на шумата, според став (2) од член 67.

18) просторот за поставување на пчелни кошници не го врати во претходна состојба , според став (3) од член 67.

19) ги извршува шумските активности за добивање на огревно дрво во отсуство на контрола од корисникот на шумата или Агенцијата за шуми, според став (6) од член 85.

20) не ги почитува минималните технички и безбедносни стандарди при извршување на шумските активности за доделување огревно дрво без надомест, според став (7) од член 85.

21) собира други шумски производи над пропишаната максимална количина од став (5) од член 100.

22) одбие да дозволи привремениот пристап и да дозволи дотур или транспорт на шумски дрвни производи преку, како и привремено сместување на производите на своето земјиште, според став (1) од членот 29.

23) не плати надомест за дозволен привремен пристап до своето земјиште заради дотур, транспорт или привремено одлагање на шумски дрвни производи, според став (2) од член 29.

**Член 165**

(1) Глоба во износ од 45 евра до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице кое врши работи на шумочуварска служба, задачи на шумска полиција или овластено службено лице од Агенцијата за шуми ако:

1) не ги извршува овластувањата и задачите за чување на шумите во согласност со членот 133 на овој закон;

2) не ги извршува овластувањата и задачите на шумската полиција согласно член 134 на овој закон;

3) врши ознака за сеча што не е во согласност со планот за стопанисување, според член 77 став (4) на овој закон;

4) не изврши проверка на сеча за издавање на соодветна изјава, според член 88 став (3) на овој закон;

5) издава испратница за шумски дрвни производи за кои не е издадена испратница согласно со одредбите на овој закон, според член 88 став (9) на овој закон;

6) не издаде испратница пред превоз според член 88 став (4) на овој закон;

7) не ги евидентира податоците за ознака за сеча и за бесправна сеча во книгите за евиденција според член 77 став (5) од овој закон и

8) не ги евидентира примените шумски дрвни сортименти во приемната книга според став (2) од член 88 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во висина од 25 евра до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Агенцијата за шуми ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 28 став (3) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 25 евра до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 28 став (4) од овој закон.

**Прекршочни санкции за операторите,трговците и овластените претставници**

**Член 166**

(1) Глоба во износ од 500 евра до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро трговец и мал трговец, во износ од 1.000 евра до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и во износ од 1.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец кој е оператор трговец или овластен претставник ако:

1) не спроведат длабинска анализа во согласност со член 94 од овој закон пред да ги пласираат релевантните производи на пазарот или да ги извезат со цел да докажат дека соодветните производи се во согласност со член 91 од овој закон според член 82 став (1) на овој закон;

2) НАВЕДЕТЕ КОИ АКТИВНОСТИ ОД ЧЛЕН 92 ДО 108 ЌЕ СЕ СМЕТААТ ЗА КАЗНИВИ !!!!!

**Застареност**

**Член 167**

(1) Застареноста на прекршокот од членовите 161, 162, 163, 164,165 и 166 од овој закон е пет години.

### Надлежен суд

### Член 168

За прекршоците од членовите 161, 162, 163, 164,165 и 166 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

### Постапка за порамнување

### Член 169

(1) За прекршоците од членовите 161, 162, 163, 164,165 и 166 од овој закон Државниот испектор за шумарство, е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумите.

(3) Одмерувањето на висината на глобата се врши согласно одредбите на Законот за прекршоците

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Улогата на Министерството за земјоделство,шумарството и водостопанство до отпочнување со работа на Агенција за шуми

### Член 170

До денот на отпочнувањето со работа на Агенцијата за шуми, Министерството за земјоделство, шумарството и водостопанство ги врши следните работи:
1) спроведување на постапка за одобрување на копачење и трајна пренамена на државни шуми согласно одредбите од член 24 на овој закон;
2) спроведување на постапката за воспоставување право на стварна службеност на државно шумско земјиште согласно одредбите од член 28 на овој закон;
3) издавање мислења во врска со вршење на геолошки истражувања и искористување на минерали согласно став (2) од член 30 на овој закон;
4) изготвување на предлог на Националната програма за шумарство и предлог на Националн план за развој на шумите што го донесува Владата на Република Северна Македонија, согласно став (3) од член 32 на овој закон;
5) изготвување на предлог на Националниот план за развој на шумите, согласно став (3) од член 33; на овој закон
6) пилотирање на национална инвентаризација на шумите и одржување на податоците, согласно ставовите (2) и (3) од член 34 на овој закон;

7) одобрување на плановите за стопанисување со мали шуми, согласно став (5) од член 40 на овој закон;
8) издавање на претходна согласност за дозволена количина на сеча пред донесување на нов план за стопанисување, согласно став (2) од член 46 на овој закон;
9) чување на планските документи, согласно ставовите (1) и (3) од член 47 на овој закон;
10) организација на јавна консултација по предлог на Национална програма за шумарство и Национален план за развој на шумите, согласно став (1) од член 49 на овој закон;
11) донесување на програма за одржување на семенските насади, согласно став (2) од член 55 на овој закон;
12) изготвување на програма за обнова на шумите, во соработка со субјектите кои стопанисуваат со шумите, согласно став (4) од член 59 на овој закон;
13) вршење на активности на известување, дијагностицирање и прогнозирање, согласно член 63 на овој закон;
14) изготвување на предлог план за заштита од шумски пожари за усвојување од Владата на Република Северна Македонија и координирање на неговото спроведување, согласно член 68 на овој закон;
15) издавање одобренија за поставување на жежници и варници во шума, согласно став (2) од член 70 на овој закон;
16) водење регистар на алатки за обележување на дрвја и дрвни сортименти од овластени лица, согласно став (6) од член 63 на овој закон;
17) издавање на копии од службениот образец на испратница на овластените субјекти и водење на евиденција за издадените примероци, согласно ставови (13) и (14) од член 88 на овој закон;
18) издавање на дозвола за промет или сертификат за увоз и/или извоз и/или транзит и/или повторен извоз согласно член 118 став (1) на овој закон;
19) издавање на дозволи за спроведување на научно истражување во шуми и на шумско земјиште во државна сопственост со кои стопанисува субјектот задолжен за стопанисување со шумите во државна сопственост согласно член 128 став (1) на овој закон;
20) воспоставување, одржување и во соработка со субјектот кој стопанисува со шумите во државна сопственост ажурирање на базата на податоци за користењето шумско земјиште, согласно член 123 на овој закон и
21) обезбедување координација на редовниот годишен мониторинг на виталноста и здравствената состојба на шумите, согласно член 124 на овој закон.

**Улогата на министерството за земјоделство,шумарството и водостопанство во делот за надзор до отпочнување со работа на Агенција за шуми**

**Член 171**

(1) До денот на отпочнувањето со работа на Агенцијата за шуми, Министерството за земјоделство, шумарството и водостопанство по однос на надзорот ги врши следните работи:
1) проверка на условите и издавање одобренија за сеча на загрозени и ретки видови дрвја, согласно член 64 на овој закон;
2) проверка на пошумување по редовна чиста сеча, проследено со издавање на официјален записник, согласно став (2) од член 57 на овој закон;

3) постојана контрола на обележувањето на дрвјата за сеча во сите шуми, според член 79 на овој закон;
4) издавање на одобренија за сеча по службена должност, согласно став (3) од член 86 на овој закон;
5) издавање на одобренија за извоз на шумски дрвни производи, согласно член 113 на овој закон;
7) контрола на програмите за проста репродукција на шумите, донесени и спроведувани од субјектите што стопанисуваат со државните шуми, согласно член 154 на овој закон.

**Улога на субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државни шуми до отпочнување со работа на Агенција за шуми**

**Член 172**

(1) До денот на отпочнувањето со работа на Агенцијата за шуми, субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми наместо Агенцијата за шуми ги вршат следните работи:
1) изработка на планови за стопанисување со државните шумско-стопански единици, согласно член 38 и планови за мали шуми согласно член 40 на овој закон;
2) изработка на планови за зачувување преку управување со државни шумско-стопански единици во заштитени подрачја, согласно член 39 на овој закон;
3) изготвување на евиденциски картони врз основа на барањата на одобренија за сеча поднесени од сопственици на приватни шуми, согласно ставовите (2) и (3) од член 42 на овој закон;
4) одржување на јавни консултации за предлозите на плановите за стопанисување со државните шуми, согласно член 49 на овој закон;
5) обезбедување на јавна достапност на податоците од планските документи за државни шуми, согласно член 51 на овој закон;
6) издавање одобренија за сеча на сопственици на приватни шуми и сопственици на друго земјиште во приватна сопственост по барање на сопствениците, согласно 86 на овој закон;
7) воспоставување и одржување на база на податоци за издадени одобренија за сеча, согласностав (2) од член 86 на овој закон;
8) жигосување на шумски дрвни сортименти и издавање на приемници и испратници на сопствениците на приватни шуми и сопственици на друго земјиште во приватна сопственост, по барање на сопствениците, согласно член 88 на овој закон;
9) жигосување на увезени шумски дрвни сортименти и издавање на испратници, согласно член 114 на овој закон и
10) издавање на позитивно мислење за копачење и трајна пренамена на шума како основ за запишување на промена на културата на катастарската парцела во Агенција за катастар на недвижности согласно член 24 став (7) од овој закон.
(2) До денот на отпочнување со работа на Агенцијата за шуми, трошокот за давање на стручно-технички услуги од член 90 став (4) на овој закон, се уплаќа кај субјектите кои стопанисуваат/управуваат со државните шуми што ги даваат овие услуги.

**Обврски на сопственици на приватна шума до отпочнување со работа на Агенција за шуми**

**Член 173**

До денот на отпочнување со работа на Агенцијата за шуми, сопствениците на приватни шуми се должни:
1) да обезбедат изработка на плановите за стопанисување со мали шуми наместо Агенцијата за шуми, согласно (став (2) од член 40 на овој закон и
2) поднесе барање за сеча до субјектот кој стопанисува со државните шуми, наместо негово доставување до Агенцијата за шуми, како што е наведено во став (2) од член 86 на овој закон.

**Поднесување на барања од одредени државни органи до отпочнување со работа на Агенција за шуми**

**Член 174**

До денот на отпочнувањето со работа на Агенција за шуми, до Министерството за земјоделство, шумарството и водостопанство наместо до Агенцијата за шуми, треба да се доставуваат следните барања:
1) барања од органот надлежен за донесување на урбанистичките планови заради добивање податоци, информации и мислење за предложениот плански опфат во врска со копачење и трајна пренамена на шума, согласностав (1) од член 24 на овој закон и
2) барања од орган на државната управа надлежен за работите од областа на економија за добивање мислење за предложени геолошки истражувања и користување на минерални суровини, согласно (став (2) од член 30 на овој закон; .

**Поднесувања на барања од други лица до отпочнување со работа на Агенција за шуми**

**Член 175**

До денот на отпочнувањето со работа на Агенцијата за шуми до други овластени органи се поднесуваат следните барања:
1) барањето на сопственици на друго приватно земјиште за сеча на дрва се доставуваат до субјектот кој стопанисува со државните шуми, согласно став (2) од член 86 на овој закон; и
2) барањата на извозниците на дрво за издавање одобрение за извоз на шумски дрвни производи се доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарството и водостопанство, согласно одредбите од член 113 на овој закон.

**Плаќање за одредени обврски до отпочнување со работа на Агенција за шуми**

## Член 176

(1) До денот на отпочнување со работа на Агенцијата за шуми, следните обврски за плаќање утврдени во овој закон се плаќаат во корист на Буџетот на Република Северна Македонија:
1) плаќања за копачење и трајна пренамена на шума, согласно став (6) од член 26 на овој закон; ;
2) исплати за штета предизвикана на шума поради геолошки истражувања и користување на минерали, согласно став (5) од член 30 на овој закон и
3) плаќања за проширена репродукција на шумите, ставови (2) и (5) од член 155 на овој закон;.
(2) Средствата собрани во Буџетот на Република Северна Македонија од изворите од ставот (1) на овој член ќе се користат за намените и од квалификуваните корисници во согласност со овој закон.

## Одложена примена на одредби од овој закон

## Член 177

(1) До денот на отпочнување со работа на Агенцијата за шуми се одложува примената на следните одредби од овој закон:
1) прогласување на заштитните шуми и шумите за посебна намена врз основа на предлозите на Агенцијата за шуми, согласно ставовите (2) и (3) од член 11 на овој закон;;
2) извршување на санитарната сеча согласно со одредбите од член 62 на овој закон; ;
3) плаќање за обезбедување на услугите за планирање на стопанисувањето, согласно став (2) од член 43 на овој закон;
4) спроведување на применети истражувања во шумарството, заштитата на природата и животната средина и развојна поддршка на активностите на Агенцијата за шуми и Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство согласно член 1141 став (1) од овој закон, до формирањето на Шумарскиот институт и
5) обврска за плаќање за одржување на еколошки и социјални шумски функции или екосистемски услуги, согласно ставовите (1) и (3) од член 151 на овој закон.

## Спроведување на поединечни потпрограми и мерки за шуми

## Член 178

До денот на донесувањето на Националната програма за шумарство, користењето на средствата од член 150 на овој закон;, за целите од ставот (1) на членот 151 на овој закон;се спроведува преку соодветни годишни програми на Министерството за земјоделство,шумарството и водостопанство во согласност со закон.

**Усвојување на Националната програма за шумарство**

**член 179**

Националната програма за шумарство ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Донесување на Национален план за развој на шумите**

**Член 180**

Националниот план за одржлив развој на шумите ќе се донесе во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Валидност на тековните планови за стопанисување**

**Член 181**

Поради постепена транзиција од сегашните кон идните системи за стопанисување со шумите, постојните планови за стопанисување ќе останат валидни до нивното истекување, освен ако е потребна нивна промена поради големо влијание од биотски или абиотски причини, вклучувајќи пожари и последователна потреба од рехабилитација на шумите.

**Постапување со приватни шуми за кои нема планови за стопанисување**

**Член 182**

До донесување на План за стопанисување со мали шуми, со приватните шуми со големина над 10 и до 100 хектари се стопанисува во согласност со евидентните картони.

**Почеток на примена на дигитален систем за следење на дрвни производи**

**Член 183**

(1) Субјектите од ставот (3) на членот 109 на овој закон ќе започнат со примена на дигиталниот систем за следење на шумски дрвни производи во рок од три (3) месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Постојниот дигитален систем за следење на шумски дрвни производи, ќе продолжи да го одржува субјектот кој стопанисува со државните шуми до денот на отпочнување со работа на Агенцијата за шуми.
(3) Субјектот кој стопанисува со државните шуми до денот на отпочнување со работа на Агенцијата за шуми ќе ја стави на располагање на субјектите од ставот (3) на членот 109 на овој закон софтверската апликација на системот за следење на производи од шумско дрво без надомест.

**Усогласеност на субјектите кои вршат промет со дрво со одредбите од Законот**

**Член 184**

(1) Субјектите кои вршат промет со дрво се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Доколку субјектите кои вршат промет со дрво не постапат согласно со одредбите од ставот (1) на овој член, Агенцијата за шуми,односно Министертвото за земјоделство,шумарство и водостопанство ги брише од Регистарот на правни лица кои вршат промет со дрво.

**Усогласеност на субјектите кои го спроведуваат курсот за оспособување на вршење на сеча**

**Член 185**

(1) Средношколската установа од член 81 став (4) на овој закон е должна да го отпочне спроведувањето на курсот за оспособување на вршење на сеча во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Физичките лица кои редовно или сезонско вршат активност на сеча во шуми во државна или приватна сопственост се должни потврдата за завршен курс за оспособување на вршење на сеча да ја стекнат, најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Донесување и важност на подзаконски акти**

**Член 186**

(1) Подзаконските акти предвидени во овој закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) До денот на влегувањето во сила на подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се применуваат постојните подзаконски акти.

## Отпочнување на примена на одделни одредби од овој закон

## Член 187

(1) Одредбата на член 22 став (1) на овој закон ќе отпочне да се применува по донесувањето на новите плански документи во согласност со членот 37 од овој закон.
(2) Воведувањето на дигитален систем за следење на шумските дрвни производи од член 109 став (1) на овој закон ќе започне по отпочнувањето со работа на Агенција за шуми и донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член.
(3) Одредбите на член 1 став (2), член 17 точки 66 до 92 и членовите 91 до 108 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1.Ноември 2027 година.
(4) До денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, исполнувањето на условите за одрживо производство на дрво за енергија од член 98 став (4) точки 4) и 5) и став (5) на овој закон се одложува.

## Престанок на важење на законот

## Член 188

Одредбите на овој закон ќе престанат да важат со пристапувањето на Република Северна Македонија во членство на Европската Унија.

## Спроведување на започнати постапки

## Член 189

Постапките започнати пред влегувањето во сила на овој закон се спроведуваат согласно одредбите од Законот за шумите (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25). /13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/2015, 44/2015, 147/2015, 7/2016 и 39/2016).

## Престанок на важење на претходниот закон

## Член 190

Законот за шумите („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13 , 43/14, 160/14, 33/2015, 44/2015, 147/2015, 7/2016 и 39/2016) со исклучок на одредбите од став (1) од членот 180, престанува да важи со денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Влегување во сила

**Член 191**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Со ПРЕДЛОГ - Закон за шумите се воспоставува уредување на ........
Со Законот за шумите се врши усогласување со Регулативата:

- 2023/1115 на Европскиот Парламент и на Советот од 31 Мај 2023 година за ставање на располагање на пазарот на Унијата и извозот од Унијата на одредени стоки и производи поврзани со уништување на шумите и деградација на шумите и укинување на Регулативата (ЕУ) бр. 995/2010

- (ЕУ) 2018/841 на Европскиот парламент и на Советот од 30 мај 2018 година за вклучување на емисиите на стакленички гасови и отстранување од користење на земјиштето, промена на употребата на земјиштето и шумарство во климатската и енергетската рамка од 2030 година, и изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ ) бр. 525/2013 и Одлука бр. 529/2013/ЕУ.

Со Законот за шумите се предвидуваат и законски основи за носење на подзаконски акти (правилници).

Законот за шумите е структуриран во XI глави и има 191 член.

Глава I Општи одредби – општите одредби од законот во кои се наведени поимите кои се употребуваат во овој закон.

Глава II Забрани и ограничувања – дадени се забраните и ограничените активности во шума.

Глава III Планирање во шумарството - се уредува начинот на планирање во шумарството

Глава IV Стопанисување со шумите - се регулирани правата и обврските на субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна и приватна сопственост.

Глава V Шумски информативен систем и мониторинг - поглавје воведени и регулирани се законските основи за водење на попис на шумско земјиште односно катастар, водење на шумарски информативен систем.

Глава VI Шумочуварска Служба, Шумска Полиција и контрола на шумите од илегални активности - регулиран законскиот основ за чување на шумите

Глава VII Институции права, обврски и одговорности на субјектите во шумарството - дефинирани субјектите кои стопанисуваат со шумите и нивните обврски за остварување на јавниот интерес и можноста на здружување на сопствениците на приватни шуми.

Во глава VIII Финансирање во шумарството - пропишана обврската и начинот на финансирање.

Во глава IX Надзор на шумите - пропишува начинот на вршење на надзор над спроведувањето на овој закон.

Во глава X Прекршочни одредби – се опишуваат одредбите кои се спротивни на овој закон и висината на глобите.

Глава XI Преодни и завршни одредби– се воспоставуват роковите на примена на овие законски одредби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со Предлог Законот за шумите ќе се воспостави уредувањето, планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата ,користењето и чувањето на шумите, правата и обврските поврзани со шумите и шумското земјиште, организацијата и финансирањето во шумарството, како и други прашања поврзани со шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги, во согласност со принципите за одржлив развој.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Законот за шумите ќе се постигне.... новиот начин на стопанисување со шумите

Со имплементација на новиот закон, ќе се воспостави усогласување со регулативата:

- 2023/1115 на Европскиот Парламент и на Советот од 31 Мај 2023 година за ставање на располагање на пазарот на Унијата и извозот од Унијата на одредени стоки и производи поврзани со уништување на шумите и деградација на шумите и укинување на Регулативата (ЕУ) бр. 995/2010;

- (ЕУ) 2018/841 на Европскиот парламент и на Советот од 30 мај 2018 година за вклучување на емисиите на стакленички гасови и отстранување од користење на земјиштето, промена на употребата на земјиштето и шумарство во климатската и енергетската рамка од 2030 година, и изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ ) бр. 525/2013 и Одлука бр. 529/2013/ЕУ.

Со Предлог законот за шумите ќе се овозможи обезбедување на ......

Со донесувањето на Законот за шумите се предвидува и донесување на подзаконски акти во однос на уредување на сите прашања од областа на одржливо управување,заштита,користење и одржување на шумите и шумското земјиште.
Со донесување на новиот закон и усвојување на регулативата се очекуваат позитивните движења и подобрување на правната рамка преку појасни и попрецизни одредби поврзани со одржливо управување со шумите во Република Северна Македонија.